Потоа Претседавачот отвори дискусија.----------

Од причина што друг не се јави за дискусија,Претседавачот ја затвори дискусијата и потоа се пристапи кон гласање по предложената Одлука за отповикување на членовите Светлана Пендаровски и Братољуб Раичковиќ независен член, за неотповикување на останатите членови во Надзорниот одбор како и за избор на два члена во Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци.--

По пребројувањето на гласовите, Претседавачот истакна по предложената Одлука со претставени 234.352 гласа гласале "ЗА", ниту еден "ПРОТИВ" како и без ниту еден глас "ВОЗДРЖАН,односно ,според дадените гласови констатираше дека Собранието ЈА ДОНЕСЕ предложената Одлука.----------

По исцрпување на точките од Дневниот ред Претседавачот пристапи кон давање Информација во врска со заклучокот од Собранието на акционери на ден 07.08.2019 година по точката за Одобрување зделка со заинтересирана страна за одлагање на одлучување на Собранието за одобрување односно неодобрување на Договорот за пристапување кон долг од 29.03.2019 година на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци склучен со Комерцијална банка а.д. Скопје за одобрен кредит на заинтересираната страна Друштвото за инженеринг и услуги М - 6 ЕДЕН ДОО Скопје при што истакна дека се информира Собранието Договорот за пристапување кон долг од 29.03.2019 година на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци склучен со Комерцијална банка а.д. Скопје со извршена замена на средствата за обезбедување на кредитот со други средства Договорот од 29.03.2019 година е ставен вон сила и истиот не е повеќе обезбедување на кредитот тоа по известување од Комерцијална банка а.д Скопје со писмо во прилог на материјалите за седницата. При што нагласи дека не постои основ за донесување одлука од Собранието за одобрување односно неодобрување на зделка за заинтересирана страна.----------

Со исцрпување на точките од дневниот ред и даденото извесување на седницата Годишното Собрание заврши со работата во 13,30 (тринаесет часот и триесет минути).----------

Потврдувам дека овој Записник кој лично го составив се состои од 14(четиринаесет) страници на четиринаесет листа, му ги прочитав на Претседавачот и го предупредив на правните последици на оваа правна работа----------

Претседавачот Нове Секуловски изјави дека ги прифаќа правните последици кој произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Записник во целост одговара на вистинската состојба.----------

Потврдувам дека Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник.----------

Претседавач: Нове Секуловски

----------с.р.

Ова е прв извод,идентичен со изворникот кој се наоѓа во архивата на нотарот.----------По составувањето на нотарскиот акт, издаден е еден Извод за Трговскиот регистар кој се води при Централниот Регистар во Скопје и Извод за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци.----------
Нотарска такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за Нотаријатот во износ од 500,00 денари е уплатена на трезорска сметка на Буџет на Р.Македонија.----------

Нотарската награда, согласно член 41 и 54 од НТе пресметана и наплатена во износ од 13.500,00денари.----------

ОДУ број 2087 /2020

01.10.2020 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за територијата на основните судови на Скопје
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
Скопје

НОТАР
Анета Петровска Алексова


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА
АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ




РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ

Т.1.Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци во 2020 година, Финансиските извештаи за работењето за 2020 година, Завршната сметка и резултатите во работењето за 2020 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор за 2020 и донесување на одлуки за следново:

- Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци во 2020 година.
- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2020 година.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕРАБОТКА НА ВИНО

ВИНАРСКА ВИЗБА
„ТИКВЕШ“ АД – КАВАДАРЦИ

TIKVEŠ
SINCE 1885

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Април 2021 година

Содржина

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ **3**

КОМЕРЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ **15**

СЕКТОР 1 – Македонија 16
СЕКТОР 2 - Србија 18
СЕКТОР 3 – БиХ, Хрватска, Косово, Црна Гора, Албанија, Бугарија и Словенија 18
СЕКТОР 4 – Интернационални пазари 19

МАРКЕТИНШКИ АКТИВНОСТИ **20**

НОВИ ПАКУВАЊА 21
АКТИВНОСТИ ВО ТРГОВИЈА 23
КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ 25
СПОНЗОРСТВА 26
ВИНСКА ЕДУКАЦИЈА 27

ПРОИЗВОДСТВЕНИ АКТИВНОСТИ **28**

Контрола на квалитет 28
Научно истажувачки проекти 29
ISO Сертификати 29
АНАЛИЗА НА БЕРБА 2020 30

СЕКТОР ЛАНЕЦ НА СНАБДУВАЊЕ **31**

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА **32**

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2020ТА ГОДИНА **33**

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци се:

1. Собранието на акционери,
2. Надзорен одбор,
3. Управен одбор.

Орган на раководење е Генералниот директор – член на Управниот одбор.

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седум) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (пет) членови од кои 2 (два) независни членови во Надзорниот одбор.

Собранието на акционери го сочинуваат акционери, сите сопственици на акции.

Во 2020 година одржана е едно задолжително Годишно собрание на акционерите. На Годишното собрание на акционери се расправани материјали, извештаи од работењето на друштвото и се донесени најважните одлуки за работење на друштвото за 2019 и тоа:

Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2019 година, Финансиските извештаи за работењето за 2019 година, Завршната сметка и резултатите во работењето за 2019 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор за 2019 година. На Годишното собрание на акционерите назначен е овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година, донесена се и Одлука за измени и дополнувања на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Одлука за отповикување и избор на два членови во Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

На Годишното собрание на акционери донесени се одлуки: Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година; Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа Мур Стивенс ДОО – Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година; Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година; Одлука за усвојување на Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година; Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година; Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година; Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година; Одлука за измени и дополнувања на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Одлука за отповикување и избор на два членови во Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Присуството на акционерите за одлучување на Годишното собрание беше задоволително.

Надзорниот одбор е орган што врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Во текот на 2020 година, Надзорниот одбор одржа 5 седници. Дополнително, членови на Надзорниот одбор беа присутни и на седниците на Управниот одбор и тие активно учествуваа во дискусиите, давајќи свои мислења, препораки и слично. На седниците, членовите на Надзорниот одбор го разгледуваа генералното работење на друштвото, финансиските резултати, како и низа важни прашања што, според Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Законот за трговски друштва (ЗТД) на Република Северна Македонија, се во надлежност на Надзорниот одбор.

Од Надзорниот одбор се разгледани и усвоени:

- Годишната сметка и резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година;
- Извештајот од контролата на годишната сметка од друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО – Скопје за 2019 година;
- Извештајот за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година;
- Одлуката за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година;
- Извештаи за работата на членовите на Надзорниот одбор и Управниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година;
- како и други одлуки поврзани со работењето во остварување на контролната функција на Надзорниот одбор.

Управниот одбор, согласно Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Законот за трговски друштва (ЗТД) на Република Северна Македонија го има во надлежност менаџирањето и носењето на одлуки во друштвото од суштинско значење за неговото работење.

Во 2020 година, Управниот одбор има одржано 11 седници на кои се разгледувани важни прашања од работењето, беа водени расправи и низа дискусии и донесени голем број одлуки и заклучоци за работењето на друштвото. Беа дискутирани финансиските резултати од работењето во 2020 година и во континуитет се следеше ликвидноста на друштвото.

Од Управниот одбор беа прифатени, одобрени и донесени:

- Годишната сметка и резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година;
- Извештајот од контрола на годишната сметка од друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО – Скопје за 2019 година;
- Извештајот за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година;
- Одлуката за распределба на остварената добивка од работење на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година;
- Извештајот за работата на членовите на Управниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2019 година,
- И други одлуки поврзани со работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во остварувањето на управувачката функција на Управниот одбор.

Донесените одлуки и насоки за работењето на друштвото се базираат врз професионални и етички норми во духот на одговорно корпоративно управување.

Членовите на Надзорниот и Управниот одбор имаат долгогодишно искуство на извршни функции што придонесува за избалансирани, сигурни и квалитетни бизнис одлуки во однос на надзорот, управувањето и раководењето на друштвото. Сите членови на Управниот одбор имаат богато професионално искуство, стекнато на извршни позиции во Пивара Скопје АД – Скопје, како и во интернационални компании. Своето долгогодишно искуство и знаење го пренесуваат и го практикуваат при носење на клучни деловни политики во раководењето со ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

Присуството на седниците на членовите на Надзорниот и Управниот одбор во работењето и одлучувањето на седниците на органите е задоволително.

Генералниот директор ја оствари раководната функција за раководењето, организација на процесите на работа, остварување на организациските и оперативни работи во координацијата и насочување на активностите со донесување од својата надлежност на низа одлуки, наредби, решенија, упатства и други акти во работење на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2020 година.

**Прилог бр. 1 – Членови на Управен одбор на „ВВ Тиквеш“ АД Кавадаци*

	Светозар Јаневски ***Претседател на Управен одбор***
Пол	машки
Возраст (години)	73
Датум на раѓање	19.07.1947
Место на раѓање	Велес, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран технолог
Моментална функција во ВВ Тиквеш	***Претседател на УО*** ВВ Тиквеш АД - Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.11.2003
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	1.902.772,00
Членство во органи на управување на други друштва	/
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	„М6-Светлана и останати" ДОО Скопје
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	1.454.817.00

	Мате Настески ***Член на Управен одбор***
Пол	машки
Возраст (години)	72
Датум на раѓање	10.02.1948
Место на раѓање	Крушево, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран агроном
Моментална функција во ВВ Тиквеш	Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.11.2003
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	21.957,00
Членство во органи на управување на други друштва	/
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	„М6-Светлана и останати" ДОО Скопје
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	1.454.817.00

	Снежана Славкова ***Член на Управен одбор***
Пол	женски
Возраст (години)	69
Датум на раѓање	24.12.1951
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран технолог
Моментална функција во ВВ Тиквеш	Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.11.2003

Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	3.701,00
Членство во органи на управување на други друштва	Член на Одбор на директори ОХРИДТУРИСТ - Охрид
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	„М6-Светлана и останати" ДОО Скопје
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	1.532.369,00

	Џон Јоновски ***Член на Управен одбор***
Пол	машки
Возраст (години)	52
Датум на раѓање	09.02.1968
Место на раѓање	Волонгонг, Австралија
Државјанство	Австралиско
Занимање	Дипломиран економист
Моментална функција во ВВ Тиквеш	Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	26.12.2014
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	1,285.520,00
Членство во органи на управување на други друштва	Член на НО „МГИ" ДОО Експорт-Импорт, Скопје
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	/
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	/

	Љупчо Крстевски ***Член на Управен одб ор***
Пол	машки
Возраст (години)	63
Датум на раѓање	01.01.1957
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран машински инженер
Моментална функција во ВВ Тиквеш	Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.11.2003
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	845.567,00
Членство во органи на управување на други друштва	Потпретседател на НО во Одбојкарска Федерација на Македонија
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	/
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	/

	Искра Клинкарова ***Член на Управен одбор***
Пол	женски
Возраст (години)	36
Датум на раѓање	11.01.1984
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Инвестициски аналитичар и банкар за управување со средства
Моментална функција во ВВ Тиквеш	Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	17.02.2020

Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	306.393,00
Членство во органи на управување на други друштва	член на НО на Аутомакедонија АД Скопје
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	М6 ИНВЕСТИЦИИ ДООЕЛ Скопје
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	1.527.026.00

	Радош Вукиќевиќ ***Член на Управен одбор и Генерален директор***
Пол	машки
Возраст (години)	44
Датум на раѓање	16.10.1976
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран економист
Моментална функција во ВВ Тиквеш	Член на УО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци ***и Генерален директор***
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	16.06.2017
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	6.112.352,00
Членство во органи на управување на други друштва	/
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	/
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	/

**Прилог бр. 2 – Членови на Надзорен одбор на „ВВ Тиквеш“ АД Кавадарци*

	Ратко Чадиковски ***Претседател на Надзорен одбор***
Пол	машки
Возраст (години)	73
Датум на раѓање	15.01.1947
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран економист
Моментална функција во ВВ Тиквеш	***Претседател на НО*** ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.11.2003
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	3.701,00
Членство во органи на управување на други друштва	/
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	пензионер
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	492.484.00

	Светлана Пендаровска ***Член на Надзорен одбор со престанат мандат***
Пол	женски
Возраст (години)	70
Датум на раѓање	08.01.1950
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран економист
Моментална функција во ВВ Тиквеш	***Член на НО*** ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.11.2003

Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	3.701,00
Членство во органи на управување на други друштва	Член на Одбор на Директори во „Инвест брокер" АД Скопје
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	„М6-Светлана и останати" ДОО Скопје
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	1.454.817.00

	Тихомир Атанасовски ***Член на Надзорен одбор***
Пол	машки
Возраст (години)	67
Датум на раѓање	01.04.1953
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран електроинженер
Моментална функција во ВВ Тиквеш	***Член на НО*** ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.11.2003
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	330.056,00
Членство во органи на управување на други друштва	/
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	/

	Братољуб Раичковиќ ***Независен Член на Надзорен одбор со престанат мандат***
Пол	машки
Возраст (години)	88
Датум на раѓање	15.11.1932
Место на раѓање	Берово, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран правник
Моментална функција во ВВ Тиквеш	***Член на НО*** ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	06.05.2005
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	/
Членство во органи на управување на други друштва	/
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	пензионер
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	/

	Миле Бундовски ***Независен Член на Надзорен одбор***
Пол	машки
Возраст (години)	64
Датум на раѓање	30.10.1956
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	Дипломиран правник
Моментална функција во ВВ Тиквеш	***Член на НО*** ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	17.07.2017

Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	57.281,00
Членство во органи на управување на други друштва	/
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	Адвокатска канцеларија Миле Бундовски
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	509.351,00

	Борче Илиоски ***Член на Надзорен одбор***
Пол	машки
Возраст (години)	36
Датум на раѓање	16.02.1984
Место на раѓање	Кичево, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	МБА за финансии, магистер по телекомуникации
Моментална функција во ВВ Тиквеш	Член на НО ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.10.2020
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права)*	/
Членство во органи на управување на други друштва	Одбор на директори-претседател ОХРИДТУРИСТ АД – Охрид, Надзорен одбор-член АД Аутомакедонија, Скопје.
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	Управител М-6 ИНВЕСТИЦИИ ДООЕЛ, Скопје
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	2.347.457,00

	Христина Ружиновска **Независен член *на Надзорен одбор***
Пол	женски
Возраст (години)	39
Датум на раѓање	07.01.1982
Место на раѓање	Скопје, Македонија
Државјанство	Македонско
Занимање	дипломирана економист
Моментална функција во ВВ Тиквеш	***Член на НО*** во ВВ Тиквеш - АД Кавадарци
Член во орган на управување на ВВ Тиквеш од	01.10.2020
Бруто надоместоци за 2020 год. (мкд) за членство/вработување *(плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	/
Членство во органи на управување на други друштва	Претседател на НО во АМ Церт
Заснован работен однос кај други работодавачи (назив на работодавачот)	Финансиски директор АД АУТОМАКЕДОНИЈА, Скопје
Бруто примања за 2020 год. (мкд) по основ на членство/вработување во други друштва (*плата, надоместоци на плата, надоместоци за членство, бонус, осигурувања и други права*)	1.479.048.00

КОМЕРЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ

Продажба (HL)	2020	2019	Нето варијација 2020/2019	% 2020/2019
ВИНО	103,403	116,453	-13,049	-11%
РАКИЈА	8,880	10,384	-1,504	-14%
ВКУПНО ФЛАШИРАНО	**112,283**	**126,837**	**-14,554**	**-11%**
ВКУПНО ОСТАНАТО	**76**	**2,380**	**-2,304**	**-97%**
СЕ ВКУПНО	**112,359**	**129,217**	**-16,858**	**-13%**

БРУТО-ПРИХОД (мкд)	2020	2019	Нето варијација 2020/2019	% 2020/2019
ВИНО	1,269,735,205	1,468,758,909	-199,023,704	-14%
РАКИЈА	234,318,636	266,010,952	-31,692,316	-12%
ВКУПНО ФЛАШИРАНО	**1,504,053,841**	**1,734,769,861**	**-230,716,020**	**-13%**
ВКУПНО ОСТАНАТО	**1,726,029**	**11,793,323**	**-10,067,294**	**-85%**
СЕ ВКУПНО	**1,505,779,870**	**1,746,563,184**	**-240,783,314**	**-14%**

	МАКЕДОНИЈА				ИЗВОЗ			
Продажба (HL)	2020	2019	Нето варијација 2020/2019	% 2020/2019	2020	2019	Нето варијација 2020/2019	% 2020/2019
ВИНО	43,520	48,752	-5,233	-11%	59,884	67,701	-7,817	-12%
РАКИЈА	7,107	9,179	-2,072	-23%	1,773	1,205	568	47%
ВКУПНО ФЛАШИРАНО	**50,627**	**57,931**	**-7,305**	**-13%**	**61,657**	**68,905**	**-7,249**	**-11%**
ВКУПНО ОСТАНАТО	**76**	**2,380**	**-2,304**	**-97%**	**0**	**0**	**0**	**0%**
СЕ ВКУПНО	**50,702**	**60,311**	**-9,609**	**-16%**	**61,657**	**68,905**	**-7,249**	**-11%**
БРУТО-ПРИХОД (мкд)	2020	2019	Нето варијација 2020/2019	% 2020/2019	2020	2019	Нето варијација 2020/2019	% 2020/2019
ВИНО	617,046,372	761,087,401	-144,041,029	-19%	652,688,833	707,671,508	-54,982,675	-8%
РАКИЈА	196,522,551	241,155,936	-44,633,385	-19%	37,796,085	24,855,016	12,941,069	52%
ВКУПНО ФЛАШИРАНО	**813,568,923**	**1,002,243,337**	**-188,674,414**	**-19%**	**690,484,918**	**732,526,524**	**-42,041,606**	**-6%**
ВКУПНО ОСТАНАТО	**1,726,029**	**11,793,323**	**-10,067,294**	**-85%**	**0**	**0**	**0**	**0%**
СЕ ВКУПНО	**815,294,952**	**1,014,036,660**	**-198,741,708**	**-20%**	**690,484,918**	**732,526,524**	**-42,041,606**	**-6%**

Остварената продажба се категоризира во 4 сектори.
Сектор 1 ја вклучува вкупната продажба од домашниот пазар.
Сектор 2 ја вклучува вкупната продажба на пазарот во Србија.
Сектор 3 ги вклучува регионалните пазари: Босна, Хрватска, Црна Гора, Косово, Албанија, Бугарија и Словенија.
Сектор 4 ги вклучува интернационалните пазари како што се: Германија, Данска, Америка, Кина, Велика Британија, Полска, Русија, Франција, Белгија, Австралија и други земји.
Распределбата на вкупната волуменска и вредносна продажна реализација по сектори е прикажана во следната табела.

	2020		2019		2020/2019	
	ХЛ	Бруто приходи (мкд)	ХЛ	Бруто приходи (мкд)	ХЛ	мкд
Сектор 1	50,703	815,296,958	57,979	1,003,365,371	-13%	-19%
Сектор 2	29,466	297,675,098	37,601	351,029,646	-22%	-15%
Сектор 3	28,361	321,112,839	27,744	318,079,599	2%	1%
Сектор 4	3,829	71,696,981	3,561	63,417,279	8%	13%
Вкупно флаширано	**112,359**	**1,505,781,876**	**126,885**	**1,735,891,894**	**-11%**	**-13%**
Вкупно флаширано и останато	**112,359**	**1,505,779,870**	**129,217**	**1,746,563,184**	**-13%**	**-14%**

СЕКТОР 1 – Македонија

Целосното затворање на ХоРеКа каналот во вториот квартал од 2020 година поради кризата предизвикана од Ковид-19, како и временските ограничувања за пазарење на неопходните намирници за домаќинство од малопродажните објекти влијаеја за целосен пад на ХоРеКа пакувањата и производите на кои се темели профитабилноста на целата индустрија за храна и пијалоци. На сметка на тоа, фокусот на купување се насочи кон value for money пакувањата кои „ќе траат" и креирање на залихи за домашна консумација.


На естимираната продажба на тотал пазар вино во МК за 2019 година од близу девет милиони литри, реалната слика е дека во 2020 година пазарот на вино во Република Северна Македонија заврши со продадени 7.250.000л или пад од 18%. (естимација базирана на интерни извори)

И покрај одличниот почеток на годината и двоцифрените трендови на раст во Q1 (како во волумен, така и финансиски), изгубениот волумен во Q2 од околу 600.000в литри во новонастанатите услови беше невозможно да се надокнадат. Со тоа ВВ „Тиквеш" на домашниот пазар од реализираната волуменска продажба од 5.797.246л. во 2019, 2020 година ја заврши со продадени 5.069.787 или пад од 12.5%. Падот во волумен и променетата структура на продажба доведоа до пад во вкупните остварени приходи од близу 19%.


	(хл)				(мкд '000)			
	2020	2019	20 vs 19	%	2020	2019	20 vs 19	%
ТРАДИЦИОНАЛНИ	28,900	28,767	133	0%	239,362	232,219	7,143	3%
КЛАСИК	12,212	16,544	-4,332	-26%	271,253	376,121	-104,868	-28%
ПРЕМИУМ	2,187	3,440	-1,254	-36%	79,672	152,747	-73,075	-48%
ФЛАШИРАНО ВИНО	43,520	48,752	-5,232	-11%	617,046	761,087	-144,041	-19%
ФЛ. РАКИЈА	7,107	9,179	-2,072	-23%	196,523	241,156	-44,633	-19%
ФЛ. ВИНО И РАКИЈА	50,627	57,931	-7,305	-13%	813,569	1,002,243	-188,674	-19%
ОСТАНАТО	76	48	28	59%	1,728	1,122	606	54%
ВИНО РАКИЈА ОСТ.	50,703	57,979	-7,276	-13%	815,297	1,003,365	-188,068	-19%
ВКУПНО НАЛИВНО	0	0	0		0	0	0	
ВКУПНО ПИВО	0	2,332			-2	10,671		
ВКУПНО	50,702	60,311	-9,609	-16%	815,295	1,014,037	-198,742	-20%

Прилог бр. 1 - Преглед на волуменска и вредносна реализација во Северна Македонија

И покрај тоа Македонија останува водечки пазар за ВВ „Тиквеш" имајќи ја предвид волуменската и вредносната реализација која компанијата ја остварува на овој пазар. Секторот учествува со 45% од вкупната волуменска продажба на флаширано вино и ракија и 54% од вкупните генерирани приходи.
Со пазарните ограничувања и рестриктивните мерки најпогодени се компаниите чија целосна или речиси целосна продажба се реализираше преку ХоРеКа каналот. Тука се лоцирани помалите винарии кои со своето портфолио се позиционирани исклучиво во високиот ценовен сегмент.



ВВ „Тиквеш“ со своето широко портфолио на производи и одличната покриеност на речиси целиот пазар, успеа дел од изгубената продажба да ја надокнади во останатите канали на продажба. Активностите кои беа преземени во Retail каналот за value for money производите придонесе падот на целата категорија да го почувствува со помал интензитет.



Согледувајќи ја новонастанатата состојба од Корона вирусот, изолацијата и карантинот, увидовме можност, но и потреба за отворање нов канал на продажба преку отворање on-line продавница која успешно функционира и придонесува за зголемување на продажбата.

Со доминантната позиција која ја има на пазарот, ширината на портфолиото и одличните брендови, кои на потрошувачите им нудат вредност за нивните пари, „Тиквеш“ и во време на кризните месеци беше прв избор за најголемиот број на купувачи. Потрошувачите кои купуваа за консумација во домашни услови, најчесто одлучуваа да се потпрат на нешто што им е познато и за бренд кој нема да ги изневери за дадените пари. Тоа резултираше со подобрување на пазарното учество на брендот.

Дистрибутивната мрежа во 2020 година остана со истата структура како и претходната година.

СЕКТОР 2 - Србија

	(хл)				(мкд '000)			
	2020	2019	20 vs 19	%	2020	2019	20 vs 19	%
ТРАДИЦИОНАЛНИ	23,162	29,283	-6,120	-21%	186,062	221,751	-35,689	-16%
КЛАСИК	5,584	7,574	-1,991	-26%	85,294	107,627	-22,333	-21%
ПРЕМИУМ	413	636	-222	-35%	9,176	19,544	-10,367	-53%
ФЛАШИРАНО ВИНО	29,348	37,493	-8,144	-22%	294,728	348,922	-54,194	-16%
ФЛ. РАКИЈА	117	108	9	8%	2,947	2,108	839	40%
ФЛ. ВИНО И РАКИЈА	29,466	37,601	-8,135	-22%	297,675	351,030	-53,355	-15%

Слично како во Македонија, и во Србија воведените забрани и рестрикции имаа значително негативен ефект врз продажбата на алкохолни пијалаци. Продажбата на овој пазар во главно се реализираше во retail каналот, и тоа во значително намален обем. Сите овие фактори и случувања придонесоа за значителен пад на потрошувачката на вино и алкохолни пијалоци во Србија од речиси 30%. Тоа имаше големо влијание врз продажбата на ВВ „Тиквеш" на пазарот во Србија и придонесе до пад од 21,6% во однос на минатата година. Со тоа вкупната продажба на пазарот во Србија е намалена за 813.522 литри, или од реализираните 3.760.000 литри во 2019 година, реализацијата во 2020 година изнесува 2.946.582 литри. Вкупните приходи се намалени за 15,2% во однос на 2019 година, што укажува на тоа дека и покрај тешката година, имаме подобрена структура.
Намалената продажбата доаѓа генерално од ХоРеКа каналот на продажба, додека продажбата во каналот трговија е речиси на исто ниво како и минатата година. Падот во продажбата на „Тиквеш" од 20% проценти во овие околности е позитивен резултат, бидејќи падот на продажбата е значително помал од падот на потрошувачката на вино.

Генерално гледано, 2019 година е исклучително успешна година за „Тиквеш" на пазарот во Србија, ако се земе во предвид растот на пазарното учество. Во однос на главните конкуренти на пазарот во Србија, „Тиквеш" е единствената винарија која бележи раст на пазарното учество. Во услови на Ковид-19 пандемија, продажниот тим во Србија вложи дополнителни напори да ја подобри егзекуцијата и активностите на терен. Сето тоа, придонесе кон зголемување на пазарното учество на „Тиквеш" во сите категории.
Овие резултати укажуваат на поволната позиција и поставеност на компанијата во наредниот период да ја преземе лидерската позиција на пазарот на вино во Србија.

СЕКТОР 3 – БиХ, Хрватска, Косово, Црна Гора, Албанија, Бугарија и Словенија

Вкупно	(хл)				(мкд '000)			
	2020	2019	20 vs 19	%	2020	2019	20 vs 19	%
ТРАДИЦИОНАЛНИ	18,524	17,934	591	3%	128,058	122,493	5,565	5%
КЛАСИК	7,842	7,674	168	2%	135,246	132,173	3,073	2%
ПРЕМИУМ	1,031	1,270	-239	-19%	37,444	45,583	-8,139	-18%
ФЛАШИРАНО ВИНО	27,398	26,878	519	2%	300,749	300,249	500	0%
ФЛ. РАКИЈА	964	865	98	11%	20,364	17,831	2,534	14%
ФЛ. ВИНО И РАКИЈА	28,361	27,744	618	2%	321,113	318,080	3,033	1.0%
НАЛИВНО ВИНО			0				0	
ДЕСТИЛАТ	0	0	0		0	0	0	
ВКУПНО НАЛИВНО	0	0	0		0	0	0	
ВКУПНО	28,361	27,744	618	2%	321,113	318,080	3,033	1%

Сектор 3 бележи раст на приходи од 1% и волуменски раст од 2% во однос на претходната година, што се смета за голем успех со оглед на рестриктивните услови на работа во време на Ковид-19 кризата. Дополнително, бевме соочени со голема економска криза како резултат на светската пандемија.

Во услови на целосно затворање на Хорека каналот, а потоа работење под рестриктивни мерки, пад на туризмот во Хрватска, Албанија, Црна Гора и Бугарија, главниот фокус беше ставен на ширење на нумеричката дистрибуција во каналот трговија и на продажни маркетинг активации во самите продажни објекти. Целта на овие активации беше зголемување на инциденцата на продажба во продажните објекти кои беа сегментирани како објекти со најголем потенција за продажба.

Во услови кога целиот пазар на вино беше под шок и за неколку дена целата конзумација на вино се префрли од ХоРеКа каналот во трговија, нашето широко продукт портфолио во различни категории на квалитет и различни пакување ни претставуваше огромна компетитивна предност пред другите винарници. Ние како компанија најлесно и најбрзо се адаптиравме на потребите на пазарот во услови на карантин, полициски час и рестриктивни мерки. Позитивно е што растот на секторот во најголема мера се должи на зголемена продажба на нашите брендови T'ga i Alexandria, производи со поголем процент на додадена вредност.

Растот во Сектор 3 најголема мера се должи на Хрватска и Косово кои бележат двоцифрен раст на продажбата и Бугарија која растеше со високи 8.2% во вредност во споредна со 2019 година. Пазарот на БиХ забележа пад во приходи од 11%. Падот доаѓа како резултат на малиот простор за ширење на нумеричка дистрибуција во каналот трговија, имајќи предвид дека БиХ преставува најголем и најзрел пазар во рамки на Сектор 3. Црна Гора како пазар кој во голема мера зависи од летниот туризам беше најпогоден од светската пандемија. Како резултат на драстично намалениот број на туристи во 2020, пазарот изгуби една третина од продажбата. Само за илустрација, Албанија, единствена земја во регионот која не ги затвори границите во летниот период, расте во продажба во споредба со 2019 за 4,3% гледано во вредност.

СЕКТОР 4 – Интернационални пазари

Во календарската 2020 година се случуваа многу промени на светскиот пазар генерално, предизвикани од пандемијата со Ковид-19.
И покрај предизвиците со кои се соочуваше извозот во поглед на рестрикции, затворање на пазари и насочување кон домашна потрошувачка и промоција на домашните

производи меѓу кои и виното, сепак секторот оствари раст во вредност од 13.05% во однос на претходната година.
Растот е остварен исклучиво во флаширан производ, со оглед на тоа што нема продажба на наливно вино или дестилат во 2020 година).

Се зголеми и бројот на пазари во вкупната продажба во 2020 година, со различна сигнификантност, на вкупно 20 пазари, споредено со 15 пазари претходната година. Новите пет пазари за 2020 година се: Грција, Исланд, Полска, Јужна Африка и Сингапур.

Вкупно сектор 4	(хл)				(мкд '000)			
	2020	2019	20 vs 19	%	2020	2019	20 vs 19	%
ТРАДИЦИОНАЛНИ	998	1,128	-130	-12%	8,481	9,302	-820	-9%
КЛАСИК	1,156	1,163	-7	-1%	16,835	16,948	-112	-1%
ПРЕМИУМ	817	888	-71	-8%	20,525	22,641	-2,115	-9%
ТЕРОАР	166	151	16	10%	11,370	9,611	1,759	18%
ФЛАШИРАНО ВИНО	3,138	3,330	-192	-6%	57,212	58,501	-1,289	-2%
ФЛ. РАКИЈА	692	231	461	199%	14,485	4,916	9,568	195%
ФЛ. ВИНО И РАКИЈА	3,829	3,561	269	8%	71,697	63,417	8,280	13.1%
ВКУПНО НАЛИВНО			0				0	
ВКУПНО	3,829	3,561	269	8%	71,697	63,417	8,280	13%

Вкупно шест држави прават 83% од вкупната продажба во вредност на секторот, подредени по значајност, тие се: САД, Германија, Велика Британија, Австралија, Швајцарија и Кина.

Споредено со 2019 година, САД останува лидер во продажбата и бележи раст од 34%, Германија останува на исто ниво од 2019, додека раст се бележи кај Австралија од 50%, кај Велика Британија од 14.5%, како и во Швајцарија од 57.6%. Единствено Кина забележува пад од 50% во продажбата, како земја која најнапред беше погодена од пандемијата и промовираше домашни вина. За таа цел, во текот на 2021 година се започнува со изменет модел на продажба на Тиквеш во Кина – настап со сопствен магацин и промена на модел на дистрибуција.

Споредено од аспект на сегмент на квалитет, силен раст на ракијата пред се, што се должи на зголемената продажба во САД и Австралија, како и во ЕУ, раст на продажба на тероар, куве и класик сегментите. Единствено пад бележи премиум сегментот како резултат на падот на продажбата во Кина.

Просечната цена по литар во 2020 година изнесува 187 мкд, што е 5% зголемување на годишно ниво, споредено со просечната цена од 178мкд/литар за 2019 година.

Растот на продажбата во 2020 година се однесуваше пред се на зајакнување на продажбата на помалите увозници, директна дистрибуција до потрошувачот и онлајн продажбите.

МАРКЕТИНШКИ АКТИВНОСТИ

Изминатата 2020 година наметна потреба за адаптација на целокупното работење на новите услови на пазарот, променетите потрошувачки навики и намалената куповна моќ на самите потрошувачи. Делумното или целосното затворање на угостителскиот сектор во одредени периоди од годината, нè принуди да воведеме низа мерки и активности насочени кон:

- Подобрување и унапредување на продажните активности во овие канали,
- Идентификација на дополнителни начини за достава на нашите производи до крајните купувачи,
- Лансирање на нови подостапни пакувања на постојните производи и
- Реализација на поголем број промотивни акции во трговските објекти.

НОВИ ПАКУВАЊА

„Смедеревка“ и „Розе“ во ново пакување од 0,5л



Со цел остварување на нашата континуирана определба да бидеме блиску до потрошувачите, унапредување на достапноста на производите и создавање на нови попрактични начини на консумација, воведовме пакување од 0,5 литри за нашите најпопуларни вина во стандардниот сегмент – „Смедеревка“ и „Розе“. Атрактивниот изглед, употребата на навојни затворачи, добро познатиот квалитет и привлечната цена се карактеристики на овие производи кои сега ги надополнивме и со различна големина на пакувањето.
Новите пакувања во текот на летните месеци претставуваа вистински избор за потрошувачите и воедно алтернатива за други пијалаци, а истовремено придонесоа за создавање на нови навики за консумација на винаа од оваа категорија.

„Траминец Класик“ и „Т’га за југ“ во новогодишни пакувања од 1 литар



Во пресрет на новогодишните празници, а следејќи го расположението на нашите лојални потрошувачи, воведовме специјални пакувања на исклучително популарните вина „Траминец Класик“ и „Т’га за југ“.
Познатите вина добија новогодишно пакување од 1 литар, без притоа да се промени нивната цена на полица. Дополнителното количество вино од 250 мл претставуваше подарок за многубројните љубители на овие наши вина.
Добриот прием од страна на потрошувачите придонесе за поттикнување на продажбата и беше одличен начин да ги наградиме нашите лојални потрошувачи на овие брендови.

ДИГИТАЛНО ПРИСУСТВО

Vinoteka.mk



Како одговор на сите предизвици наметнати од пандемијата со ковид-19, тимот на ВВ „Тиквеш“ за македонскиот пазар создаде нов канал за продажба: онлајн продавницата ВИНОТЕКА.МК.
Новата интернет продавница ги обединува сите наши производи на едно место на само неколку клика од нашите потрошувачи, овозможувајќи директна достава до нивните домови и безбедно и лесно уживање во нашите производи. Преку неа, љубителите на нашите вина добија можност истите да ги одберат и нарачаат онлајн,

како и да набаваат уникатни вински додатоци, кои се исто така дел од понудата на новиот продажен канал.

Tikveslondon.com



Од истите причини беше креирана и онлајн продажба на нашите вина на британскиот пазар. Беше лансирана веб-страницата www.tikveslondon.com, од каде потрошувачите во Велика Британија може безбедно да нарачаат вино и да уживаат во нашите вина достапни на тој пазар.

Засилена дигитална комуникација со потрошувачите



Љубовта доаѓа во многу форми. Тагни го саканиот/саканата во коментар, сподели ја сликата (јавно) и добијте уште повеќе љубов од нас. Следете нè за нови изненадувања.



Како да останеш во форма дедека седиш дома

#СедиДома
#КонзумирајОдговорно



Кога нарачуваш од www.vinoteka.mk, нарачуваш со песна. Зашто срцето ти пее!

#Боемштина #ПоДома
#ТиквешДоДома



Воведените рестриктивни мерки за справување со корона-вирусот придонесоа граѓаните да бидат принудени да поминуваат повеќе време дома, префрлајќи се на виртуелен начин на комуницирање. Во такви услови, дигиталната комуникација беше најдобриот начин да останеме блиски со потрошувачите.

За таа цел, ја интензивиравме комуникацијата на постојните профили на социјалните медиуми и понудивме нови содржини, како едукативните видеа за домашна дегустација на нашите вина. Тие беа начин да им презентираме интересни и едукативни информации за нашите вина на фановите, но и да ја поттикнеме консумацијата на нашите вина во домашни услови.

Дополнително, креиравме и нов канал за комуникација – посебни профили на Фејсбук и на Инстаграм наречени Боемски муабети. Целта беше да создадеме катче во кое преку нашите вина и поттикнување дискусија за нив, ќе овозможиме онлајн дружба на љубителите на виното, боемскиот живот, дружењето и хуморот.

Нова веб страница за Château de Gourdon



Во текот на 2020 година беа изработени комплетно нова содржина и дизајн за веб страницата на Château de Gourdon (www.chateaudegourdon.com). Новата веб страница се одликува со зголемена функционалност, поголема прегледност и организација на информациите, модерен дизајн.

Особено значајно е што веб страницата го содржи новото портфолио на производи, дефинирано со преземањето на винарницата од страна на „Тиквеш“, како и ажурирани податоци за нејзината историја, за туристичката понуда, поднебјето, лозјата. Веб страницата е достапна на англиски и француски јазик и значајна за понатамошната промоција на винарницата и нејзините вина.

АКТИВНОСТИ ВО ТРГОВИЈА

Најважната меѓу превентивните мерки преземени за ефективно справување со пандемијата - социјалното дистанцирање, придонесе за намалување на капацитетот на работа на сите угостителски објекти, како и нивно целосно затворање во одреден период од 2020-та година. Ваквата состојба го зголеми значењето на трговските објекти како канал за продажба.

Оттука, ВВ „Тиквеш“ направи клучни промени со фокус на трговските објекти како најефективен канал за продажба во овие периоди, имплементирајќи низа механизми и активности, од кои најзначајни се:

Промотивно празнично пакување на вината „Александрија“



Со цел да им понудиме поголема вредност и уживање на потрошувачите, во пресрет на велигденските празници, направивме продажна акција во форма на празнично пакување на добро познатите вина „Александрија“ (бело и црвено) од 0,75 со подарок чаша за вино.

Комбо пакување: 2хСмедеревка 1л. + 2хгазирана вода 1,5

Во текот на јули и август, на потрошувачите им понудивме комбо пакување составено од 2 шишиња „Смедеревка“ од 1л и 2 шишиња „Кожувчанка“ газирана вода 1,5л, како економично и ефективно решение за разладување во летните денови, етаблирајќи ја „Смедеревка“ како најдобар избор за шприцер.

Ново ексклузивно пакување (gift pack) на Лозова ракија (жолта)



Кон почетокот на септември, воведовме премиум издание на Лозовата ракија во форма на сет сочинет од 1 шише Лозова ракија од 0,7л, 2 чаши за ракија и еден шпил брендирани карти, спакувани во еклузивна украсна кутија (gift pack). Новото пакување направено според светските трендови во пакувањето на жестоки пијалаци, придонесе за понатамошно унапредување на имиџот на овој производ, нудејќи им на потрошувачите дополнителен избор на совршен подарок со висока вредност.

Промотивни празнични пакувања од 3,5л на „Тиквешко бело“ и „Тиквешко црвено“



Како резултат на успехот на продажните акции спроведена во претходните години, и во 2020 година во пресрет на новогодишните празници беа пуштени во продажба промотивни пакувања на „Тиквешко црвено“ и „Тиквешко бело“ од 3,5л од кои 500 мл беа подарок за потрошувачите. Лансирањето на овие пакувања, кои беа достапни по иста цена како и редовните пакувања од 3 литри, соодветствува со стратешката определба на „Тиквеш“ - константна грижа за нашите потрошувачи.

Поставување на полици, дисплеи и тотеми во трговските објекти
Заради функционалност и поголема достапност на нашите поризводи во маркетите ширум земјата и регионот, беа позиционирани разни полици, тотеми и палетни позиции во самите трговски објекти кои јасно ги комуницираа тековните продажни активации.



АКТИВНОСТИ ВО УГОСТИТЕЛСТВО

Во соработката со угостителските и туристичките објекти, воведовме низа активности кои придонесоа за зголемување на продажбата, но и за поголема видливост и достапност на нашите брендови.
Во периодите на целосно затворање на објектите, бевме двигатели на процесот на креирање на нови начини на продажба, првенствено преку овозможување на набавка на нашите вина преку телефонски нарачки, креирање на комбо менија со самите објекти и достава до дома, како и поголема застапеност на нашите производи на онлајн канали за продажба.

Комбо пакети на храна и вино
Дефиниравме различни типови на комбинирани менија на храна и вино, достапни по промотивни цени во селектирани објекти. Оваа активација се покажа како најуспешна за зголемување на продажбата.









Wine & Dine





Согласно воведените мерки и протоколи за заштита од корона-вирусот, успешно продолживме со реализација на Wine & Dine настаните во земјата и регионот, со цел едукација на крајните консументи за соодветни комбинации на вино и храна и промоција на винаата од премиум сегментот.

„Afterwork“ забави и промоции

Согласно сите воведени мерки и протоколи за заштита од корона вирусот, остваривме многу успешни настани во земјата и регионот каде понудивме одредени производи по промотивни цени и додадена вредност за потрошувачите.









ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ВРАНЕЦОТ



Имајќи за цел да ја подигнеме свесноста на потрошувачите за најпознатата црвена сорта - ***вранец***, во чест на вториот по ред Светски ден на вранецот, кој се одржа на 5 октомври, воведовме соодветни промотивни активности: Месец на вранецот во трговија и Недела на вранецот во угостителство, давајќи акцент на нашите вина произведени од оваа сорта.

Вранецот е една од водечките вински сорти во нашата земја и претставува адут за позиционирање на македонското вино во светски рамки, претставувајќи можност за градење на препознатливост меѓу останатите добро познати и веќе етаблирани сорти. Имајќи ги предвид исклучително поволните услови за одгледување вранец во нашата земја, активностите за подигнување на свесноста за нејзините карактеристики и огромен потенцијал за производство на висококвалитетни вина, имаат огромно значење за целокупната индустрија.

КОРПОРАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ

Изминатата 2020-та беше годината кога комуникациите на ВВ „Тиквеш“ беше планирано да бидат во главно проткаени со прославување на јубилејот од 135 години. За жал, јубилејот беше ставен во втор план, додека комуникациите најмногу се однесуваа на справувањето со кризата и прилагодувањето на новиот начин на функционирање. Забележана е поинтензивна комуникација на социјалните медиуми, онлајн дегустации и онлајн настани. Новонастанатата ситуација предизвика да не се одржат голем број настани кои ВВ „Тиквеш“ ги поддржува или каде традиционално учествува, а исто така се откажаа и препознатливи настани во организација на винарницата.



Еден од настаните кои ВВ Тиквеш ги одржа во живо беше **традиционалното закројување на лозјата на 14 февруари**. На винскиот локалитет „Лепово“, свеченият чин на закројување го извршија претседателот на Владата, Оливер Спасовски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски, генералниот директор на винарницата, Радош Вукиќевиќ и претставници на менаџментот на винарницата. Присутните претставници на дипломатскиот кор и на институциите, партнери, соработници и пријатели, лозарите и винарите си посакаа уште една плодна година, со услови наклонети кон квалитетен род и производство на врвни вина.

Еден од позначајните настани, **Фестивалот на Младо вино** годинава се одржуваше онлајн под слоганот „И кога се е вонредно, младото вино е извонредно“. Третата недела на ноември, кога традиционално се отвораат бочвите од новата берба, беше одбележана со попладневна програма за време на која настапија Влатко Стефановски, Тијана Дапчевиќ, Фрајле и Здружение на џез музичари. Настанот го проследија 13.000 гледачи и за истото беше споделено во 29 медиуми.







Интервјуа

Во текот на 2020 година беа спроведени шест интервјуа за медиумите, што е двојно повеќе од трите интервјуа во претходната 2019 година. Истите беа објавени во Фактор, Независен, Иновативност, АмЧам, Економист и mitra.mk.

Соопштенија за јавност

Во текот на 2020 година ВВ „Тиквеш“ објави 10 соопштенија за јавност што е за пет помалку од оние објавени во 2019 година. Најголем дел од нив се однесуваа на освоените награди на светскитеински натпревари, потоа на бербата во 2020 година, новите инвестиции за време на криза, итн.

СПОНЗОРСТВА

Поддршка на културно-уметнички манифестации и настани

- Пандемијата не спречи да се одржи 60. јубилејно издание на **фестивалот „Охридско лето“**, а „Тиквеш“ и оваа година го поддржа реномираниот фестивал. Манифестацијата се одржа во периодот од 4 до 30 август со редуцирани капацитети и со почитување на сите Ковид протоколи. На сцените на Античкиот театар, Долни Сарај, предворјето и црквата Св. Софија настапија околу 300 уметници од 19 земји, кои и во услови на здравствена криза ја продолжија извонредната фестивалска традиција.
- ВВ „Тиквеш“ ја поддржа манифестацијата за доделувањето на наградата „**Роман на годината**“
- Годинешната манифестација **„Златна Бубамара на популарноста“** беше поддржана од ВВ „Тиквеш“.

- **ФЕСТ Интернационален филмски фестивал Белград 2020** – Тиквеш беше еден од спонзорите на 48. издание на најпопуларниот српски фестивал за филм кој се одржа под слоганот „Skupljači emocija". Настанот го сочинуваа 96 филмски премиери, над 300 проекции на различни локации, а истиот беше затворен од страна на Џон Малкович кому му беше врачена наградата „Белградски победник".
- **„Вино, зачини и музика"** беше називот на концертот на Гаро Тавитјан и последователната изложба во Македонската филхармонија. ВВ „Тиквеш" го поддржа овој настан.
- На 25 февруари, „Тиквеш" го поддржа ексклузивниот концерт на **Раде Шербеџија** во Македонската филхармонија.
- **Масимо Савиќ** одржа ексклузивен концерт на 3 и 4 февруари 2020 во Македонска филхармонија за првпат после три години. ВВ „Тиквеш" ги поддржа неговите настапи.
- ВВ „Тиквеш" беше еден од спонзорите на новогодишниот концерт на бендот The **Last Expedition** кој се одржа на 31 декември.

Стручни настани

- Виното на „Тиквеш" се пиеше за време на **Копаоник бизнис форум** кој се одржуваше пд 1 до 4 март и на кој учествуваа околу 1.300. „Српскиот Давос" како што го нарекуваат, оваа година се однесуваше на индустријата 4.0 и привлече околу 1.300 учесници меѓу кои државни претставници, претставници на медиумите и на индустријата од Србија и регионот. Меѓу другото, ВВ Тиквеш имаше и своја работилница која беше меѓу најпосетените за време на целиот настан.
- Студенти од Финска беа на студиска посета на Финскиот конзулат и на винаријата во Кавадарци на 03 февруари.

Проект: "Откривање на руралното наследство: автохтоно производство на ферментирани пијалаци за локална и еколошка одржливост"

Се работи за проект финансиран од Исланд, Лихтенштајн и Норвешка, преку EEA и Норвешкиот фонд за грантови за регионална соработка и истиот ќе се реализира во текот на следните три години. Преку него ќе се поттикне развојот на руралните области преку подобрување на заедничкиот истражувачки капацитет и размена на знаење применето во производство на „тероар" вино и сајдер. За остварување на оваа цел ќе бидат вложени над 1,5 милиони евра. Проектот започна со kick-off meeting на 20 и 21 октомври 2020, додека на 9 ноември 2020 беше објавено соопштение до медиуми со информација за почетокот и целта на проектот. Соопштението беше објавено во 21 национален медиум.

Проект: „Развој на ено-гастро туризам – Вкуси ја Македонија"

Кон крајот на годината во рамки на проектот поддржан од Светска Банка се започна со дизајн и изработка на промотивни материјали како: туристичка брошура, лифлет, подметачи за чаши, бележници за книги, налепници и промотивно видео. Исто така, започна изработката на веб сајтот winetourism.mk, како и мобилна апликација насловена Wine Tourism. На 17 декември 2020 е објавен повик за достава на идеи за вински сувенири од страна на занаетчии со рок за достава на понудите до 10 јануари 2021.

ВИНСКА ЕДУКАЦИЈА

Целта на оваа програма е да се потенцира значењето што угостителите го имаат за унапредување на винската култура во Македонија преку истакнување на партнерскиот однос со винарницата и создавање емоционална поврзаност со брендот. Оваа програма е дел од долгорочната стратегија за градење релации со угостителите.

Во 2020 година се организираа осум обуки за сомелиери на кои учествуваа 34 лица. ВВ „Тиквеш" во континуитет организира сомелиерски работилници за винска едукација на угостителите. Секоја сомелиерска обука е посетена од претставници на хотели,

ресторани и кафетерии што се запознаваат со техниките на дегустација, начините на послужување и карактеристиките на винata. Досега на вакви обуки присуствувале околу 1.000 лица од повеќе од 400 угостителски објекти ширум Македонија и регионот.

Во текот на годината се организираа 17 онлајн настани од кои можат да се издвојат:

- Вебинар „Впарување храна и вино“
- Вебинар „Розе вина“
- Мастерклас „The Passion from Andalusia – Cherry Wines“
- Мастерклас „Chateau de Gourdon“
- Мастерклас „Vranec untamed temper of the south“
- WWR интервју со Ian Harris CEO WSET “GrandVin”

ОСВОЕНИ 130 НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА



Винata на „Тиквеш“ триумфираа на престижните меѓународни вински натпревари одржани ширум светот во текот на 2020. И во година исполнета со предизвици, винарницата го постигна најголемиот успех досега, дуплирајќи го бројот на награди од претходните години. Нашите вина освоија вкупно 130 награди, од кои 111 медали, 16 признанија и 3 специјални награди. Од доделените 111 медали, дури 36 беа златни, меѓу кои и 3-те двојни златни медали освоени за „Terrasse à l'Ombre 2018“, „Vranec Special Selection 2017“ и „Barovo red 2017“, додека специјалните награди беа доделени за „Најдобро црвено вино од автохтона сорта“ за „Barovo red 2017“ и „Најдобро оценето вино од државата“ за „Domaine Lepovo Chardonnay 2019“.

Големата бројка на освоени награди е уште една потврда за врвниот квалитет на нашите вина. Наградени со високи медали и признанија се речиси сите премиум вина од нашето портфолио, но и лозовата жолта ракија. Сепак, во 2020 година, најтрофејни беа „Barovo red 2017“ со вкупно 10 освоени медали, од кои 7 златни, 1 двоен златен медал и две специјални награди и „Terrasse à l'Ombre 2018“ кое се закити со 5 златни медали и 1 двоен златен медал. Ваквиот успех е само поттик за уште повеќе и уште повисоки награди во иднина.

ПРОИЗВОДСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

За време на берба 2020, од планираните 14.413.000 кг грозје, откупени и преработени се 17.107.790 кг грозје. Од оваа количина 1.698.231 кг грозје е преработено на линијата за микровинификација, остатокот од 15.409.559кг е преработено на линијата за макровинификација. Бербата започна на 20.08.2020 со откуп на сортата Кардинал.

Во 2020 година во РЕ Жестоки пијалоци примени се 4.447.258 литри вино и истите се дестилирани. Од дестилираното вино добиени се 586.173 литри дестилат кој ги има потребните карактеристики за производство на жестоки пијалоци од нашето портфолио на производи.

Контрола на квалитет

Трендот на испитување и подобрување на квалитетот на флаширани вина во делот на TPO (totalpackage oxygen) продолжи и во 2020година. Секоја година се обновуваат сензорите за мерење за исклучување на можностите за грешка, со што се потврдува

точноста на мерењата. И оваа година се продолжи со мерење кислород со поновата серија на Noma Sense апарат од истата фирма, додека новиот апарат овозможува резултатите да се добијат веднаш.

	TPO 2013 (ppm)	TPO 2014 (ppm)	**TPO% 2014/ 2013**	TPO 2015 (ppm)	**TPO% 2015/ 2014**	TPO 2016 (ppm)	**TPO% 2016/ 2015**	TPO 2017 (ppm)	**TPO% 2017/ 2016**	TPO 2018 (ppm)	**TPO% 2018/ 2017**	TPO 2019 (ppm)	**TPO% 2019/ 2018**	TPO 2020 (ppm)	**TPO% 2020/ 2019**
1L stelvin	1.52	1.19	**-22**	0.97	**-18**	1.10	**13**	0.91	**-17**	0.87	**-4**	0.95	**10**	1.01	**6**
0,75 stelvin	2.19	1.49	**-32**	1.12	**-25**	1.11	**-1**	0.98	**-12**	1.02	**5**	0.96	**-6**	1.10	**14**
0,75 pluta	1.36	1.14	**-16**	1.08	**-5**	0.77	**-29**	0.71	**-8**	0.73	**3**	0.66	**-10**	0.65	**-1**
0,187 stelvin	3.12	2.13	**-32**	1.45	**-32**	1.37	**-6**	1.62	**18**	1.58	**-3**	1.60	**2**	1.77	**10**

* *Споредба на вредности на TPO измерени во шишиња*
TPO (Total package oxygen) – Вкупно кислород во пакување.

Се продолжи со интерната контрола со BIPEA (Bureau Interprofessionnel des Etudes Analytiques) што вклучува евалуација на точноста на мерењата што се вршат во лабораторијата на винарницата. BIPEA е организација за лабораториски испитувања во која членуваат повеќе од 1.200 лаборатории од целиот свет.

Резултатите на ВВ „Тиквеш", споредени со параметрите на BIPEA, и во 2020 година беа во границите на дозволените отстапки, со што се потврдува стручноста на вработените и опременоста на лабораторијата со најсовремена технологија. Оваа година во контрола на споредба се вклучија и нови параметри кои се мерат на новиот анализер Диатрон кој беше набавен во 2019 godina. Мерењеата што се вршеа на овој анализер за параметрите Глуконска киселина и Глицерол на секое возило при откуп на грозје значително го подобри квалитетот на примено грозје, а со тоа и поквалитетен краен производ.

Научно истажувачки проекти

Во делот на научно истражувачка работа во лабораторијата за време на берба се работи метода "Sugar loading". Таа е наменета за опредување на зрелоста на грозјето и дефинирање на почетокот на берба. Во бербата 2020 беа користени различни типови на квасци, нутринети, сулфурни компоненти и ензими за време на ферментација. Целта е да се формира подобра ароматика и текстура на полифеонолни компоненти. Добиените резултати се од корист за технолозите, енолозите и за публицирање на трудовите. Целта е нашите резултати да бидат на ниво на лаборатории во Франција, Италија, Нов Зеланд и Австралија.

ISO Сертификати

Во 2020 година Тиквеш се сертифицираше по најновата верзија на ISO 22000:2018 (Food Safety Management System). Со проверката кои ги имавме во 2020 се потврди функционалноста и добрите практики во производството на вино според ISO стандарди.

ИНВЕСТИЦИИ

Во 2020 година се продолжи со позитивниот тренд на инвестирање, како во производствените капацитети, така и во градежните сегменти на винарницата.
Се довршуваа започнатите активности од 2019 година во делот на реновирање на објектите, а исто така се започна и со реконструкција на нови објекти.

Се инвестираше во опрема и градежни работи со вкупна вредност од 755.830 ЕУР.
Дел од инвестициите кои се реализираа во 2020 се:

- Реконструкција на подни површини на дел од халите за преработка на грозје, со цел постигнување на хигиено технички услови за работа. Исто така и за обезбедување на подобри услови и безбедност при работа во вкупна вредност од 45.500 ЕУР.
- Извршена е целосна реконструкција на системите за амбиентално ладење во просториите за чување на вино и ракија, во вкупна вредност од 56.700 ЕУР
- Менување на модули на BUCHER Cross Flow FX 100, за зголемување на ефикасност при филтрација на вино. Во вкупна вредност од 54.600 Еур.
- Набавка на кутијарка за формирање на кутии, во делот на линијата за полнење во Точилница. Во вкупна вредност од 24.000 Еур.
- Набавка на нови дабови буриња од 300 Л; 500 л за зреење на винскиот дестилат со вкупна инвестиција од 21.500 Еур
- Набавка на нови Барик буриња од 228 Л; 600 л со вкупна инвестиција од 150.300 Еур
- Завршена реконструкција на продажниот објект на влез на капија кој е отпочнат со градење во 2019, со вкупна инвестиција од 118.900 Еур

АНАЛИЗА НА БЕРБА 2020

За време на бербата 2020, од планираните 14.413.000 кг. грозје, откупени и преработени се 17.107.790 кг. грозје. Од оваа количина 1.698.231 кг. грозје е преработено на линијата за микровинификација, остатокот од 15.409.559 кг. е преработено на линијата за макровинификација. Бербата започна на 20 август 2020 со откуп на сортата Кардинал.

Од графичкиот приказ на водниот талог може да се согледа дека во средината на август се јавува количина на воден талог од 100-150л/м^2. Ова е период во фазата на зреење на грозјето и со оваа количина на врнежи имаше зголемување на ризикот од пукање на покожицата од зрното и појава на Botritis cinarea, намалување на шеќерниот потенцијал, а со самото тоа и квалитетот на грозјето.
Кај раните бели сорти Шардоне, Ризлинг, Темјаника и Траминец здравствената состојба беше во оптималните очекувања, но просечната шеќерност беше пониска во споредба со претходните берби.
Што се однесува до црвените сорти на грозје овие климатски услови придонесоа за намалување на квалитетот кај сортата Вранец, со што се доби грозје со пониски шеќерни единици, недостигната технолошка зрелост и генерално лоша здравствена состојба. Поради ова кај сортата Вранец се воведе систематско мерење на содржина на глуконска киселина во грозјето при самиот прием. Вредностите кои ги добивавме од анализата на глуконската киселина ни ја покажуваа содржината на ботритис во грозјето.

Останатите сорти на грозје беа со задоволителен квалитет во однос на технолошката зрелост и параметрите кои се оптимални за производство на вино.
Во делот на откупот на грозје во берба 2020, истиот се одвиваше непречено, согласно нашите капацитети и планираната динамика. Одлична динамика на прием на грозје имаше кај сортите: Шардоне, Ризлинг, Темјаника и Траминец црвен.
Најголем дел од сортата Смедеревка се преработи на континуирана флотација, со што се доби вино со одличен квалитет во стандард сегментот.
Во текот на процесот на преработка на грозје, третман на шира, режим на ферментација и добивање на вино, беа запазени највисоките стандарди. Виното од белиот стандард сегмент е со повисок квалитет во однос на изминатите години.

Виното од розе и бел класик сегмент, исто така, бележи раст и во квалитетот и во квантитетот.

	Планиран откуп 2020 (кг)	% Учество	Реализиран откуп 2020 (кг)	% Учество	Реализиран откуп 2020 (мкд)	% Учество	Реализиран /планирано (кг)	Реализиран /планирано (кг)	Просечна цена (мкд/кг)
Бели сорти	9,605,000	67%	12,404,876	73%	142,149,532	67%	2,799,876	29%	11
Црвени сорти	4,775,000	33%	4,702,914	27%	69,558,844	33%	-72,086	-2%	15
Вкупно грозје	**14,380,000**	**100%**	**17,107,790**	**100%**	**211,708,375**	**100%**	**2,727,790**	**19%**	**12**

СЕКТОР ЛАНЕЦ НА СНАБДУВАЊЕ

Во вонредните услови на стопанисување, комуникацијата со Добавувачите за време на преговорите, беше во насока на намалување на цените на материјалите и услугите, со што заеднички ќе си помогнеме во надминување на оваа состојба.
Сите стратешки Добавувачи за време на преговорите кои се одвиваа во четвртиот квартал, ги имаа предвид овие елементи при изготвување на Понудата за 2021, со цел продолжување на нашата соработка и содавање на услови заеднички да опстоиме на пазарот.
Со сите потешкотии предизвикани од Пандемијата со кои реално се соочивме, не дозволивме негативен импакт од цени во работењето на компанијата ниту се случи дисконтинуитет на производниот процес на Компанијата или дисконтинуитет на испораките кон нашите Купувачи од земјата и странство.

Успешно и навремено се реализираа следните проекти:

1. Дезивин во пакување од 1 лит. - средство за дезинфекција на раце. Дезивин е антисептичен раствор за дезинфекција на раце со широк спектар на микробицидно дејство и брз и сигурен ефект.
2. Семедеревка и Розе 500мл., - Развој на ново стандард пакување и навремено лансирање на двата производи.
   a. Овие два производи се покажаа како успешни и ни ги отвориja вратите за развој на други новитети и беа добра платформа за нова идеја, лансирање на Витач и Вранец 500 мл., во Првиот квартал на 2021.
3. Бренд-платформата „Tikveš Châteaux & Domaines“ ги обединува премиум ‘тероар’ вината на „Тиквеш“, произведени од грозје што потекнува од специфичните микролокации: Бела Вода, Барово и Лепово, како и вината од поседот „Château de Gourdon“ во Франција.
   b. Редизајн со ново шише, капици и транспортна кутија. Донесена Одлука за воведување на материјали со висок квалитет и контролирани трошоци.
   c. Новата транспортна кутија – гарантира дополнителна стабилност и безбедност при пакувањето и транспортот и со новиот начин на редење придонесува и за смалување на транспортните трошоци по палетно место.
   d. Беа комплетно развиени елементи на Магнум пакување од 3 и 5 лит и тоа: шише, затворач, етикети, капици и транспортна кутија. Употребени беа материјали со висок квалитет и контролирани трошоци.
4. Т’га за југ од 1л и Траминец Класл 1л - Зацврствување на market share-от во сегментот Value for Money.

   Оваа активност требаше да ни покаже колку во иднина се спремни потрошувачите за 1л пакување од омилените VFM брендови од 0,75л.

Поставени беа основите за реализација на следните проекти:

1. Лозова Ракија 100мл;
2. Шприцер во лименка; и
3. Луда Мара (бело и црвено).

Тимот имаше активно учество во:

- Развој и Реализација на вината на француската винарница „Château de Gourdon“ како дел од „Тиквеш“.
- Придонес за потполна функционалност на DMS и Purchase Order системот, како алка која недостигаше за заокружување на ERP системот на компанијата.

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Службата за внатрешна ревизија е независен оргазиционен дел која е функционално и организациски одвоена од останатите делови на компанијата. Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во Акционерското Друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели: ефикасен мониторинг и контрола на ризиците поврзани со активностите; заштита на вредноста на средствата т.е. максимизирање на вредноста на Друштвото; подготовка на точни финансиски извештаи; пораст на ефикасноста на активностите; усогласеност на интерните политики на Друштвото со Законот и регулативата на Друштвото.
Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа реализирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година. Беа изработени потребните акциони планови за секоја поединечна ревизија во која беа наведени препораки, како и вонредна контрола по барање на раководителите.
Службата ги следеше измените на сите законски прописи кои се однесуваат на работењето на Акционерското Друштво, како и реализирање на дадените препораки во поединечните извештаи.
Службата за внатрешна ревизија имаше соработка со консултанти од кои беа добиени насоки за извршување на ревизијата. За одредени стручни прашања ревизијата беше консултирана и даваше стручни мислења и совети на раководните лица и на вработени во Друштвото.

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2020та ГОДИНА

Винарска Визба ТИКВЕШ АД Скопје
БИЛАНС НА УСПЕХ за годината која завршува на 31 декември

	2020 (000) MKD	2019 (000) MKD
Приходи од продажба	1,505,780	1,746,563
Дадени попусти и дисконти	(141,938)	(168,403)
Нето пригоди од продажба	**1,363,842**	**1,578,160**
Трошоци на продадени производи	(792,522)	(824,406)
БРУТО ДОБИВКА	**571,320**	**753,754**
Останати оперативни приходи	49,710	34,960
Дистрибутивни (продажни) расходи	(161,874)	(155,538)
Административни расходи	(96,160)	(117,963)
Останати оперативни расходи	(278,293)	(296,983)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА	**84,703**	**218,230**
Приходи (расходи) од финансирање	(5,270)	(30,059)
Капитални добивки (загуби)	-	-
ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ	**79,433**	**188,171**
Расход за данок од добивка	(11,795)	(21,769)
НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ	**67,638**	**166,402**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**250**	**615**

Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2020 и 2019 година е како што следува:		
Приходи од продажба	1,363,842	1,578,160
Останати оперативни приходи	49,710	34,960
Промени во залихи на готови производи	(122,854)	27,253
Суровини и материјали	(520,802)	(709,755)
Амортизација	(98,781)	(87,735)
Трошоци за вработени	(143,853)	(162,923)
Останати оперативни расходи	(442,559)	(461,730)
Оперативна добивка	**84,703**	**218,230**

Вкупните приходи забележаа намалување од 13,7%, односно намалување за 240,7 мил. денари. Намалувањето на приходите се должи на намалени приходи генерирани од домашниот пазар (за 19,6%) и од странските пазари (за 5,7%). Бруто добивката бележи намалување од 24%.

Зголемените трошоци за продажба и маркетинг за 6,3 мил. денари и останатите оперативни расходи за 13,3 мил.денари резултираа со оперативна добивка од 84,7 милиони денари или намалување за 61% споредено со 2019 година.

Финансиските расходи се намалија за 23,8 мил. денари. Остварена е Нето добивката од редовното работење пред оданочување на износ од 79,4 мил. денари или намалување за 57,7%.

Во 2020 година се остварија вложувања во материјални и нематеријални средства од 64,7 мил. денари.

Винарска Визба ТИКВЕШ АД Скопје
ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА на ден 31 декември

	2020 (000) MKD	2019 (000) MKD
СРЕДСТВА		
Нетековни средства		
Недвижности, постројки и опрема	1,267,308	1,299,725
Нематеријални средства	9,543	11,351
Дадени заеми	1,390	3,550
Вложувања во подружници	112,278	112,278
Вложувања расположливи за продажба	18,982	17,505
Вкупно нетековни средства	**1,409,501**	**1,444,409**
Тековни средства		
Залихи	1,068,393	1,174,156
Побарувања од продажба	614,599	497,752
Побарувања за дадени аванси	29,322	49,909
Дадени заеми	144,642	97,322
Останати краткорочни средства и АВР	19,072	21,013
Парични средства	15,148	11,927
Вкупно тековни средства	**1,891,175**	**1,852,078**
ВКУПНО СРЕДСТВА	**3,300,676**	**3,296,487**
ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА		
Главнина		
Акционерски капитал	842,962	842,962
Премии на емитирани акции	169,135	169,135
Резерви	105,863	105,863
Ревалоризациони резерви и друго	18,752	17,275
Акумулирана добивка	1,044,706	977,068
Вкупно главнина	**2,181,418**	**2,112,303**
Нетековни обврски		
Долгорочни кредити и наеми	580,748	438,401
Одложени приходиод грантови	14,362	17,450
Резервирања за судски спорови	14,029	14,029
Вкупно нетековни обврски	**609,139**	**469,880**
Тековни обврски		
Обврски спрема добавувачи	433,305	447,199
Краткорочни кредити	40,000	40,000
Тековен дел на долгорочни кредити	-	187,142
Останати краткорочни обврски и ПВР	36,814	39,963
Вкупно тековни обврски	**510,119**	**714,304**
Вкупно обврски	**1,119,258**	**1,184,184**
ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА	**3,300,676**	**3,296,487**

Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Скопје
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ за годината која завршува на 31 декември

	2020 (000) MKD	2019 (000) MKD
Парични текови од оперативни активности		
Добивка пред оданочување	**79,433**	**188,171**
Усогласување за:		
Амортизација	98,781	87,735
Расходи (приходи) од камати, нето	5,788	28,178
Приходи од отпис на обврски	(474)	(2,659)
Амортизација на грантови	(3,088)	(3,088)
Исправка и отпис на побарувања	476	17,163
Исправка на вредност на дадени позајмици	-	-
Отпис на побарувања за дадени аванси	139	0
Приходи од донација на основното средство	-	-
Капитална загуба (добивка) од расход на основни средства	156	(4)
Добивка (загуба) пред промени во обртни средства	**181,211**	**315,496**
Побарувања од продажба	(117,323)	(77,862)
Побарувања за дадени аванси	20,448	(13,660)
Останати тековни средства и АВР	1,941	(1,923)
Залихи	105,763	(73,939)
Обврски од добавувачи	(13,420)	(13,552)
Останати тековни обврски и ПВР	1,521	7,531
Нето пари употребени во работењето	**180,141**	**142,091**
Платена камата	(8,782)	(36,228)
Платен данок од добивка	(14,571)	(19,446)
Нето парични текови од оперативни активности	**156,788**	**86,417**
Парични текови од вложувачки активности		
Приливи (одливи) од купопродажба на вложувања	-	-
Наплатени (дадени) позајмици, нето	(45,160)	(28,485)
Примени камати	27	750
Примени дивиденди	1,073	990
Купување на недвижности, постројки и опрема	(63,868)	(77,718)
Купување на лиценци	(844)	(1,880)
Продажба на недвижности, постројки и опрема	-	72
Нето парични текови од вложувачки активности	**(108,772)**	**(106,271)**
Парични текови од финансиски активности		
Исплатени дивиденди	-	-
Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето	(44,795)	96,097
Искористени (вратени) краткорочни 7кредити, нето	-	(83,541)
Нето парични текови од финансиски активности	**(44,795)**	**12,556**
Нето зголемување (намалување) на парични средства	**3,221**	**(7,298)**
Парични средства на почетокот на годината	**11,927**	**19,225**
Парични средства на крајот од годината	**15,148**	**11,927**

Во 2020 година беа реализирани нето-паричните текови од оперативните активности на износ од 156,7 мил. денари. Паричните текови од вложувачки активности во износ од 108,7 мил. денари и паричните текови од финансиски активности во износ од 44.7 мил. денари резултираа со парични средства од 15.1 милиони денари на крајот од 2020 година.

ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Генерален директор
Радош Вукиќевиќ

- **Предлог - одлука за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работење на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШАД – Кавадарци, во 2020 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година.

2.Годишниот Извештај за резултатите од работењето на друштвото во 2020 година е прилог и составен дел на оваа Одлука.

3.Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ

ГОДИШНА СМЕТКА 2020 год.

1. Биланс на успех стр. 1-2
2. Извештај за останата сеопфатна добивка стр. 3
3. Биланс на состојба стр. 4-6
4. Извештај за паричните текови стр. 7
5. Извештај за промени во главнината стр. 8
6. Објаснувачки белешки стр. 9-26
7. Посебни податоци за системот на државна евиденција стр. 27-37
8. Структура на приходи по дејности стр. 38
9. Даночен биланс за оданочување на добивка стр. 39-40

Назив на друштвото ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Адреса, седиште и телефон Ул. 8- ми Септември бр.5 Кавадарци
Единствен даночен број 4011999112400

БИЛАНС НА УСПЕХ
(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)
за периодот од 01.01. до 31.12.2020

(во денари)

ред број	позиција	ознака на АОП	износ	
			тековна година	предходна година
1	2	3	5	6
1	**I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)**	201	1,555,488,874	1,782,881,961
2	Приходи од продажба	202	1,505,779,870	1,746,563,184
3	Останати приходи	203	49,709,004	36,318,778
4	Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство	XXX	XXX	XXX
4.а	Залихи на готови производи и на недовршено производсство на почеток на годината	204	1,021,843,686	994,590,779
4.б	Залихи на готови производи и на недовршено производсство на крајот на годината	205	898,990,200	1,021,843,686
5	Капитализирано сопствено производство и услуги	206	0	0
6	**II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)**	207	1,347,931,589	1,591,905,526
7	Трошоци за суровини и други материјали	208	587,957,012	789,002,989
8	Набавна вредност на продадени стоки	209	18,177,781	22,258,489
9	Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	210	149,231,138	175,580,103
10	Услуги со карактер на материјални трошоци	211	160,422,164	124,712,980
11	Останати трошоци од работењето	212	0	0
12	Трошоци на вработени (214+215+216+217)	213	131,422,020	127,614,474
12.а	Плати и надоместоци на плати (нето)	214	76,168,321	71,261,531
12.б	Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	215	6,352,568	6,313,047
12.в	Придонеси за задолжително социјално осигурување	216	32,025,575	29,437,345
12.г	Останати трошоци за вработени	217	16,875,556	20,602,551
13	Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	218	98,779,903	87,735,276
14	Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековните средства	219	0	0
15	Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства	220	614,525	17,163,542
16	Резервирања за трошоци и ризици	221	0	0
17	Останати расходи од работењето	222	201,327,046	247,837,673
18	**III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)**	223	2,805,279	1,894,467
19	Финансиски приходи од односи со поврзани друштва (225+226+227+228)	224	0	0
19.а	Приходи од вложувања во поврзани друштва	225	0	0
19.б.	Приходи по основна камати од работење со поврани друштва	226	0	0
19.в	Приходи по основ на курсни разлики од работењето со поврзани друтва	227	0	0
19.г	Останати финансиски приходи од работење со повзани друштва	228	0	0
20	Приходи од вложувања во неповрзани друштва	229	1,072,668	989,730
21	Приходи по основна камати од работење со неповрани друштва	230	27,138	749,856
22	Приходи по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друтва	231	1,705,473	154,871
23	Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства	232	0	0
24	Останати финансиски приходи	233	0	0
25	**IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)**	234	8,075,804	31,952,935
26	Финансиски расходи од односи со поврзани друштва (236+237+238)	235	0	0

Назив на друштвото ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Адреса, седиште и телефон Ул. 8- ми Септември бр.5 Кавадарци
Единствен даночен број 4011999112400

БИЛАНС НА УСПЕХ
(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)
за периодот од 01.01. до 31.12.2020

(во денари)

ред број	позиција	ознака на АОП	износ	
			тековна година	предходна година
1	2	3	5	6
26.а	Расходи по основ на камати од работење со поврзани друштва	236	0	0
26.б	Расходи по основ на курсни разлики од работење со поврани друштва	237	0	0
26.в	Останати финансиски расходи од повзани друштва	238	0	0
27	Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	239	6,888,080	29,918,379
28	Расходи по основ на курсни разлики од работењето со неповрзани друтва	240	1,187,724	2,034,556
29	Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства	241	0	0
30	Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања	242	0	0
31	Останати финансиски расходи	243	0	0
32	Удел во добивката на придружените друштва	244	0	0
33	Удел во загубата на придружените друштва	245	0	0
34	**Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)**	246	79,433,274	188,170,865
35	**Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)**	247	0	0
36	Нето добивка од прекинати работења	248	0	0
37	Нето загуби од прекинати работења	249	0	0
38	**Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)**	250	79,433,274	188,170,865
39	**Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)**	251	0	0
40	Данок на добивка	252	11,795,060	21,769,019
41	Одложени даночни приходи	253	0	0
42	Одложени даночни расходи	254	0	0
43	**НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)**	255	67,638,214	166,401,846
44	**НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)**	256	0	0
45	Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	257	192	198
46	Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	258	12	12
47	ДОБИВКА / ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ	259	67,638,214	166,401,846
47.а	Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	260	67,638,214	166,401,846
47.б	Добивка која припаѓа на неконтролираното учество	261	0	0
47.в	Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното друштво	262	0	0
47.г	Загуба која се однесува на неконтролираното учество	263	0	0
48	ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА	264	0	0
48.а	Вкупна основна заработувачка по акција	265	0	0
48.б	Вкупна разводнета заработувачка по акција	266	0	0
48.в	Основна заработувачка по акција од прекинато работење	267	0	0
48.г	Разводнета заработувачка по акција од прекинато работење	268	0	0

Назив на друштвото ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Адреса, седиште и телеф Ул. 8- ми Септември бр.5 Кавадарци
Единствен даночен број 4011999112400

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
за периодот од 01.01. до 31.12.2020

(во денари)

ред број	позиција	ознака на АОП	износ	
			тековна година	предходна година
1	**Добивка за годината**	**269**	**67,638,214**	**166,401,846**
2	Загуба за годината	270		
3	Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+280+282) - (274+276+278+281+283)	271		
4	**Останата сеопфарна загуба (274+276+278+281+283) - (273+275+277+279+280+282)**	**272**	**-1,477,448**	**-3,749,602**
5	Добивки кои произлегуваат од преведување на странско работење	273	0	0
6	Загуби кои произлегуваат од преведување на странско работење	274		
7	Добивки од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба	275	1,477,448	3,749,602
8	**Загуби од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба**	**276**		
9	Ефективен дел од добивки од хеџинг инструменти за хеџирање на парични	277	0	0
10	Ефективен дел од загуби од хеџинг инструменти за хеџирање на парични	278	0	0
11	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (+)	279		
12	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (-)	280	0	0
13	Актуарски добивки на дефинирани планови за користи на вработените	281	0	0
14	Актуарски загуби на дефинирани планови за користи на вработените	282	0	0
15	Удел во останата сеопфатна добивка на придружени друштва (само за	283	0	0
16	Удел во останата сеопфатна загуба на придружени друштва (само за потреби	284	0	0
17	Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна добивка	285	0	0
18	Нето останата сеопфатна добивка (271-285)	286	0	0
19	Нето останата сеопфатна загуба (285-271) или (272+285)	287		
20	**Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)**	**288**	**69,115,662**	**170,151,448**
20а	Сеопфатна добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното	289	0	0
20б	Сеопфатна добивка која припаѓа на неконтролираното учество	290	0	0
21	Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269)	291	0	0
21а	Сеопфатна загуба која им припаѓа на имателите на акции на матичното	292		
21б	Сеопфатна загуба која припаѓа на неконтролираното учество	293	0	0

Назив на друштвото ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Адреса, седиште и телефон Ул. 8- ми Септември бр.5 Кавадарци
Единствен даночен број 4011999112400

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
(ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)
на ден 31.12.2020

(во денари)

ред број	позиција	ознака на АОП	износ	
			тековна година	предходна година
1	2	3	5	6
1	**АКТИВА А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)**	001	**1,409,500,301**	**1,444,408,390**
2	**I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)**	002	**9,542,977**	**11,350,894**
3	Издатоци за развој	003	0	0
4	Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	004	9,542,977	11,350,894
5	Гудвил	005	0	0
6	Аванси за набавка на нематеријални средства	006	0	0
7	Нематеријални средства во подготовка	007	0	0
8	Останати нематеријални средства	008	0	0
9	**II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)**	009	**1,267,307,318**	**1,299,724,361**
10	Недвижности (011+012)	010	**842,119,490**	**879,460,141**
10.а	Земјиште	011	33,125,000	33,125,000
10.б	Градежни објекти	012	808,994,490	846,335,141
11	Постројки и опрема	013	359,951,713	363,499,631
12	Транспортни средства	014	28,102,657	28,456,490
13	Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	015	2,273,211	2,273,211
14	Биолошки средства	016	0	0
15	Аванси за набавка на материјални средства	017	0	0
16	Материјални средства во п одготовка	018	34,860,247	26,034,889
17	Останати материјални средства	019	0	0
18	**III. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ**	020	0	0
19	**IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030)**	021	**132,650,007**	**133,333,135**
20	Вложувања во подружници	022	112,278,001	112,278,001
21	Вложувања во придружени друштва и учества во заеднички вложувања	023	652,000	652,000
22	Побарувања по дадени долгорочни заеми на поврзани друштва	024	0	0
23	Побарувања по дадени долгорочни заеми	025	1,389,912	3,550,489
24	Вложувања во долгорочни хартии од вредност	026	18,330,093	16,852,645
24.а	Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање	027	0	0
24.б	Вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба	028	18,330,093	16,852,645
24.в	Вложувања во хартии од вредност според објективната вредност преку добивката или	029	0	0
25	Останати долгорочни финансиски средства	030	0	0
26	**V. ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (032+033+034)**	031	**0**	**0**
27	Побарувања од поврзани друштва	032	0	0
28	Побарувања од купувачи	033	0	0
29	Останати долгорочни побарувања	034	0	0
30	**VI. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА**	035	0	0
31	**Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)**	036	**1,888,218,966**	**1,849,384,213**
32	**I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)**	037	**1,068,393,156**	**1,174,156,049**
33	Залихи на суровини и материјали	038	44,883,215	49,243,095
34	залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	039	56,706,833	54,120,836
35	Залиха на недовршени производи и полупропизводи	040	0	0
36	Залихи на готови производи	041	898,990,200	1,021,843,686
37	Залихи на трговски стоки	042	67,812,908	48,948,431

Назив на друштвото ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Адреса, седиште и телефон Ул. 8- ми Септември бр.5 Кавадарци
Единствен даночен број 4011999112400

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
(ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)
на ден 31.12.2020

(во денари)

ред број	позиција	ознака на АОП	износ	
			тековна година	предходна година
1	2	3	5	6
38	Залихи на биолошки средства	043	0	0
39	**II. СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТТУГУВАЊЕ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА**	044	0	0
40	**III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)**	045	**660,032,617**	**565,977,711**
41	Побарувања од поврзани друштва	046	340,335,523	287,177,440
42	Побарувања од купувачи	047	274,261,372	210,574,208
43	Побарувања за дадени аванси на добавувачи	048	29,322,087	49,909,136
44	Побарувања од државата по основ на данбоци, придонеси, царина,акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	049	9,665,142	8,444,379
45	Побарувања од вработените	050	479,599	4,219,540
46	Останати краткорочни побарувања	051	5,968,893	5,653,008
47	**IV. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**	052	**144,642,652**	**97,323,165**
48	Вложувања во хартии од вредност (054+055)	053	0	0
48.а	Вложувања кои се чуваат до доспевање	054	0	0
48.б	Вложувања според објективната вредност преку добивката или загубата	055	0	0
49	Побарувања по дадени заеми на поврзани субјекти	056	0	0
50	Побарувања по дадени заеми	057	144,642,652	97,323,165
51	Останати краткорочни финансиски средства	058	0	0
52	**V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)**	059	**15,150,540**	**11,927,288**
52.а	Парични средства	060	15,150,540	11,927,288
52.б	Парични еквиваленти	061	0	0
53	**VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)**	062	2,957,230	2,694,695
54	**ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)**	063	**3,300,676,496**	**3,296,487,298**
55	**В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА**	064		
56	**ПАСИВА А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)**	065	**2,181,418,766**	**2,112,303,104**
57	**I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА**	066	842,961,911	842,961,911
58	**II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ**	067	169,134,761	169,134,761
59	**III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)**	068	0	0
60	**IV. ЗАПИШАН, НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ (-)**	069	0	0
61	**V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**	070	18,752,886	17,275,438
62	**XIV. РЕЗЕРВИ (072+073+074)**	071	**105,867,082**	**105,867,082**
63	Законски резерви	072	105,867,082	105,867,082
64	Статутарни резерви	073	0	0
65	Останати резерви	074	0	0
66	**XV. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА**	075	977,063,912	810,662,066
67	**XVI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)**	076	0	0
68	**XVII. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА**	077	67,638,214	166,401,846
69	**XVIII. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА**	078	0	0
70	**XIX. ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО**	079	2,181,418,766	2,112,303,104
71	**XX. НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО**	080	0	0

Назив на друштвото ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Адреса, седиште и телефон Ул. 8- ми Септември бр.5 Кавадарци
Единствен даночен број 4011999112400

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
(ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)
на ден 31.12.2020

(во денари)

ред број	позиција	ознака на АОП	износ	
			тековна година	предходна година
1	2	3	5	6
72	**Б. ОБВРСКИ (082+085+095)**	081	**1,085,780,738**	**1,148,758,547**
73	**I. ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ (083+084)**	082	**0**	**0**
74	Резервирања за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработените	083	0	0
75	Останати долгорочни резервирања за ризици и трошоци	084	0	0
76	**II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093)**	085	**580,747,566**	**625,542,707**
77	Обврски спрема поврзани субјекти	086	0	0
78	Обврски спрема добавувачи	087	18,106,720	12,829,844
79	Обврски за аванси, депозити и кауции	088	0	0
80	Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва	089	0	0
81	Обврски по заеми и кредити	090	562,640,846	612,712,863
82	Обврски по хартии од вредност	091	0	0
83	Останати финансиски обврски	092	0	0
84	Останати долгорочни обврски	093	0	0
85	**III. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ**	094	0	0
86	**IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 ДО 108)**	095	**505,033,171**	**523,215,840**
87	Обврски спрема поврзани друштва	096	310,606	255,921
88	Обврски спрема добавувачи	097	428,542,212	441,901,491
89	Обврски за аванси, депозити и кауции	098	4,451,421	5,040,207
90	Обврски за даноци и придонеси на плата и надомести на плата	099	3,097,792	3,165,564
91	Обврски кон вработените	100	6,543,507	6,470,863
92	Тековни даночни обврски	101	9,864,465	15,943,724
93	Краткорочни резервирања за ризици и трошоци	102	0	0
94	Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друште	103	0	0
95	Обрски по заеми и кредити	104	40,000,000	40,000,000
96	Обврски по хартии од вредност	105	9,340,571	5,661,411
97	Обврски по основ на учество во резултатот	106	2,776,899	2,776,899
98	Останати финансиски обврски	107	1,671	1,895,733
99	Останати краткорочни обврски	108	104,026	104,026
100	**V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)**	109	33,476,992	35,425,648
101	**VI. ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОУТЃУВАЊЕ) КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ**	110	0	0
102	**ВКУПНА ПАСИВА: ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)**	111	**3,300,676,496**	**3,296,487,298**
103	**В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА**	112		

ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
01.01. до 31.12.2020

	2020 Денари
Парични текови од оперативни активности	
Добивка пред оданочување	**79,433,274**
Усогласување за:	
Амортизација на материјални средства	96,128,205
Амортизација на нематеријални средства	2,651,697
Амортизација на вложувања во недвижности	
Расходи од камати	6,888,080
Приходи од камати	(27,138)
Приходи од дивиденди	(1,072,668)
Капитална загуба од расход и продажба на основни средства	157,144
Амортизација на грантови	(3,087,931)
Учество во добивки (загуби) на придружени друштва	-
Приходи од отпис на обврски	(473,747)
Исправка на вредност на побарувања	614,525
Добивка (загуба) пред промени во обртни средства	**181,211,442**
Промени кај побарувањата од продажба	(117,459,772)
Промени за дадени аванси	20,587,048
Промени кај залихите	105,762,892
Останати тековни средства и АВР	1,940,758
Промени кај обврски од добавувачи	(12,830,847)
Промени кај примени аванси	(588,786)
Промени кај останати тековни обврски и ПВР	1,520,191
Нето пари употребени во работењето	**180,142,927**
Платена камата	(8,782,142)
Платен/повратен данок од добивка	(14,571,202)
Нето парични текови од оперативни активности	**156,789,582**
Парични текови од вложувачки активности	
Приливи (одливи) од долгорочни финанасиски средства, нето	
Приливи (одливи) од краткорочни финанасиски средства, нето	(45,158,911)
Примени камати	27,138
Примени дивиденди	1,072,668
Приливи од средства наменети за продажба	-
Купување/продавање на вложувања во недвижности	-
Купување/продавање на материјални средства	(63,868,306)
Купување/продавање на нематеријални средства	(843,780)
Нето парични текови од вложувачки активности	**(108,771,190)**
Парични текови од финансиски активности	
Уплатен капитал	-
Исплатени дивиденди	
(Откупени)/продадени сопствени акции, нето	-
Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето	(44,795,141)
Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето	-
Нето парични текови од финансиски активности	**(44,795,141)**
Нето зголемување (намалување) на парични средства	**3,223,252**
Парични средства на почетокот на годината	**11,927,288**
Парични средства на крајот од годината	**15,150,540**

ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
31.12.2020

	Основна главнина	Премии на издадени акции/влогови	Резерви	Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно	Неконтролирано учество	Вкупно главнина
Во Денари								
Состојба на 1. Јануари 2020	842,961,911	169,134,761	105,867,082	17,275,438	977,063,912	2,112,303,104	-	2,112,303,104
Сеопфатна добивка:								
Добивка (загуба) за периодот					67,638,214	67,638,214	-	67,638,214
Ревалоризација на средства						-	-	-
Курсни разлики од странски валути						-	-	-
Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба				1,477,448		1,477,448	-	1,477,448
Останато						-	-	-
Вкупно сеопфатна добивка	-	-	-	1,477,448	67,638,214	69,115,662	-	69,115,662
Трансакции со сопствениците:								
Уплатени влогови/акции						-	-	-
Издвојување за резерви						-	-	-
Издвојување за дивиденди						-	-	-
Откупени сопствени акции						-	-	-
Продадени сопствени акции						-	-	-
Останато						-	-	-
Состојба на 31.Декември 2020	842,961,911	169,134,761	105,867,082	18,752,886	1,044,702,126	2,181,418,766	-	2,181,418,766

Винарска Визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

1. Општи информации

Акционерско друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт импорт АД Кавадарци.

Друштвото е настанато со поделба на АД Агрокомбинат ТИКВЕШ ц.о. - Кавадарци на повеќе друштва. (Број на регистарска влошка во трговски регистар: 0200106537-4-03-000)

Седиштето на друштвото е на Ул. 8-ми Септември бр 5, Кавадарци.

Основна дејност на Друштвото е производство на вино.

Вкупниот број на вработени во друштвото со 31.12.2020 година е 198 (со 2019 вкупниот број на вработени е 202.

54.	766	Приходи врз основа на ефекти од договорена заштита од ризик (< или = АОП 203 од БУ)	656		
55.	767	Приходи од премии, субвенции, дотации и донации (< или = АОП 203 од БУ)	657		
56.	767д	Приходи од субвенции (< или = АОП 203 од БУ)	658		
57.	767д	Приходи по основ на донации и спонзорства (< или = АОП 203 од БУ)	659		
58.	768	Приходи од укинување на долгорочни резервирања (< или = АОП 203 од БУ)	660		
59.	769	Останати приходи од работењето (< или = АОП 203 од БУ)	661		
60.	769д	Приходи од наплатени пенали, неподигнати капари, отстапнини, награди и слично (< или = АОП 203 од БУ)	662		
61.	769д	Приходи од поранешни години (< или = АОП 203 од БУ)	663	350.849	106.087
62.	769д	Приходи од даноци и придонеси (< или = АОП 203 од БУ)	664		
63.	769д	Приходи од оперативен наем-лизинг (< или = АОП 203 од БУ)	665		
		III. Финансиски приходи		**1.072.668**	**989.730**
64.	773д и 776д	Приходи од дивиденди	666	1.072.668	989.730
		3. РАСХОДИ			

65.	700	Расходи на продадени производи и услуги	667		
Ред. бр.	Група на сметки, сметка	Позиција	Ознака на АОП	Износ	
				Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
		I. Трошоци за суровини, материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар		**248,630,566**	**278,567,153**
66.	400д	Трошоци за суровини и материјали (< или = АОП 208 од БУ)	668		
67.	400д	Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ)	669	10.766.653	16.174.010
68.	400д	Прехранбени артикли (< или = АОП 208 од БУ)	670		
69.	400д	Канцелариски материјали (< или = АОП 208 од БУ)	671	1.212.801	1.337.574
70.	400д	Трошоци за амбалажа (< или = АОП 208 од БУ)	672	201.341.497	223.382.930
71.	400д	Униформи-заштитна облека и обувки (< или = АОП 208 од БУ)	673	2.825.985	781.690
72.	400д	Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ)	674	2.203.813	3.200.190
73.	400д	Вода (< или = АОП 208 од БУ)	675	5.202.663	7.338.157
74.	402д и 403д	Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	676	15.813.606	17.030.719
75.	402д и 403д	Потрошени енергетски горива (< или = АОП 208 од БУ)	677		
76.	404	Потрошени резервни делови и материјали за одржување (< или = АОП 208 од БУ)	678	7.926.966	7.690.841
77.	407	Отпис на ситен инвентар, амбалажа и автогуми (во производство) (< или = АОП 208 од БУ)	679	1.336.583	1.631.042
		II. Трошоци за услуги		**16,197,529**	**18,208,144**
78.	410д	Транспортни услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	680	8.257.918	9.110.301
79.	410д	Транспортни услуги во странство (< или = АОП 211 од БУ)	681	4.035.689	3.899.068
80.	411д	ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	682	3.903.922	5.198.775
81.	411д	ПТТ услуги во странство (< или = АОП 211 од БУ)	683		
82.	412д	Надворешни услуги за изработка на производи (лон производство) (< или = АОП 211 од БУ)	684		

Ред. бр.	Група на сметки, сметка	Позиција	Ознака на АОП	Износ	
				Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
		III. Останати трошоци за вработените[12]		**2.447.922**	**2.292.498**
83.	412д	Производствени и занаетчиски услуги (< или = АОП 211 од БУ)	685		
84.	414д	Наемнини за деловни простории во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	686		
85.	414д	Наемнини за опрема (< или = АОП 211 од БУ)	687		
86.	414д	Наемнина за земјиште (< или = АОП 211 од БУ)	688		
87.	416д	Трошоци за истражување (< или = АОП 211 од БУ)	689		
88.	416д	Трошоци за развој (< или = АОП 211 од БУ)	690		
89.	420д, 421д	Вкалкулирани надомести за време на боледување	691		
90.	422д	Надоместоци за отпремнина при заминување во пензија (< или = АОП 217 од БУ)	692		
91.	422д	Еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно работно ангажирање под услови утврдени со закон (< или = АОП 217 од БУ)	693		
92.	422д	Јубилејни награди (< или = АОП 217 од БУ)	694		
93.	422д	Регрес за годишен одмор (< или = АОП 217 од БУ)	695	2.447.922	2.292.498
94.	422д	Помошти (< или = АОП 217 од БУ)	696		
95.	441д	Појачана исхрана (< или = АОП 217 од БУ)	697		
		IV. Останати трошоци од работењето [12]		**19,524,005**	**50,926,681**
96.	440	Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ)	698	6.675.897	33.827.380
97.	440д	Дневници за службени патувања (< или = АОП 217 од БУ)	699		
Ред. бр.	Група на сметки, сметка	Позиција	Ознака на	Износ	

[12] Износите за позициите од поглавјата III. Останати трошоци за вработените и IV. Останати трошоци од работењето се прикажуваат со платениот персонален данок на доход.

			АОП	Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
98.	441	Надомести на трошоците на вработените и подароци (< или = АОП 217 од БУ)	700	2.315.409	6.588.182
99.	441д	Надоместок за сместување и исхрана на терен (< или = АОП 217 од БУ)	701		
100.	441д	Надомести за одвоен живот (< или = АОП 217 од БУ)	702		
101.	441д	Подароци на вработените (< или = АОП 217 од БУ)	703	818.172	827.064
102.	441д	Трошоци за организирана исхрана во текот на работа (< или = АОП 217 од БУ)	704	9.714.527	9.684.055
103.	441д	Трошоци за организиран превоз до и од работа (< или = АОП 217 од БУ)	705		
104.	441д	Надоместоци на ангажирана работна сила преку Агенциите за привремени вработувања (< или = АОП 217 од БУ)	706		
105.	442	Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	707		
106.	443	Трошоци за спонзорства (< или = АОП 212 од БУ)	708		
107.	444	Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ)	709		
108.	445д	Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ)	710		
109.	446	Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	711		
110.	447д	Даноци кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	712		
111.	447д	Придонеси кои не зависат од резултатот (< или = АОП 212 од БУ)	713		
112.	447д	Членарини на здруженијата во земјата и странство (< или = АОП 212 од БУ)	714		
113.	449д	Надомести за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ)	715		
114.	449д	Надомести на име авторски хонорари (< или = АОП 217 од БУ)	716		
115.	449	Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	717		

Ред. бр.	Група на сметки, сметка	Позиција	Ознака на АОП	Износ	
				Тековна	Претходна

				година	година
1	2	3	4	5	6
		V. Останати расходи			
116.	468	Казни, пенали надоместоци за штети и друго (< или = АОП 222 од БУ)	718		
117.	468д	Надоместоци за штети (< или = АОП 222 од БУ)	719		
		VI. Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања			
118.	476	Вредносно усогласување на долгорочни финансиски пласмани и други хартии од вредност расположливи за продажба (= АОП 242 од БУ)	720		
		VII. Дивиденди и други надоместоци на вложувачите			
119.		Исплатени дивиденди	721		
		S. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ			
120.		Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	722	198	202
121.		Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот	723		
122.		Број на подружници во кои се врши дејност, без седиштето на субјектот	724		

Во _____ Лице одговорно за составување на Образецот Овластен застапник на друштвото

На ден

_____ _____

Датум на прием во ЦРСМ _____

Контролата ја извршиле _____

Назив на субјектот:
Акционерско друштво за производство и промет на вино Винарска визба - ТИКВЕШ експорт импорт АД Кавадарци
Место:
Кавадарци
Матичен број:
05275890

СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ

Класа/ потклаша	Назив	Остварен приход (во денари)
11.02	Производство на вино од грозје	1,505,779,870
96.09	Останати- неспомнати на друго место	52,514,283
	ВКУПНИ ПРИХОДИ	1,558,294,153

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАНОЧЕН БИЛАНС
за оданочување на добивка

ДБ

* *Пополнува Управа за јавни приходи*

Посебен даночен статус: ☐ Заштитни друштва ☐ ТИРЗ ☐ Казнено поправни домови

Единствен даночен број: 4011999112400

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт:
ВВ Тиквеш АД - Кавадарци
ул. 8-ми Септември бр. 5
КАВАДАРЦИ

Телефон:

е-пошта:

Даночен период: од 01/01/2020 до 31/12/2020

Рок за поднесување: 15/03/2020

Исправка на ДБ: ☐ Број

УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА

"без дени"

		АОП	
I.	Финансиски резултат во Биланс на успех	01	79.433.273
II.	Непризнаени расходи и помалку искажани приходи за даночни цели (збир од АОП 03 до АОП 39)	02	105.041.150
1.	Расходи кои не се поврзани со вршење на дејноста на субјектот односно не се непосреден услов за извршување на дејноста и не се последица од вршењето на дејноста	03	1.052.119
2.	Надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ	04	548.371
3.	Надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 9 став (1) точка 2) од ЗДД	05	19.483.157
4.	Трошоци за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон	06	
5.	Трошоци за хотелско сместување во износ над 6.000 денари дневно по лице и трошоци за превоз на лица кои не се документирани	07	2.139.210
6.	Трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со закон	08	
7.	Трошоци по основ на месечни надоместоци на членови на органи на управување над висината утврдена со закон	09	549.827
8.	Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над висината утврдена со закон	10	
9.	Трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над висината утврдена со закон	11	
10.	Надоместоци за лица волонтери и за лица ангажирани за вршење на јавни работи над износите утврдени со закон	12	
11.	Скриени исплати на добивки	13	
12.	Кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди)	14	
13.	Трошоци за репрезентација	15	60.844.869
14.	Трошоци за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во година	16	
15.	Трошоци за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината	17	
16.	Трошоци за донации во спортот согласно со членот 30-а од ЗДД	18	2.346.000
17.	Трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот	19	655.845
18.	Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органите на управување и на вработени	20	2.691.665
19.	Даноци по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник	21	894.909
20.	Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата	22	17.124
21.	Трошоци за стипендии	23	64.230
22.	Трошоци на кало, растур, крш и расипување	24	
23.	Траен отпис на ненаплатени побарувања	25	79.577
24.	Трошоци за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон	26	
25.	Трошоци за практикантска работа над износите пропишани во Законот за практикантство	27	
26.	Трошоци за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно	28	
27.	Трошоци за амортизација на ревалоризираната вредност на материјални и нематеријални средства	29	

39.

28.	Трошоци за амортизација на материјални и нематеријални средства која е повисока од амортизацијата пресметана на набавната вредност на средствата со примена на стапки над пропишаните согласно Номенклатурата на средствата за амортизација	30	2. 448. 460
29.	Преостаната сегашна вредност на основните средства кои не се користат, а се амортизираат во целост за кои не е издадена согласност од Управата за јавни приходи	31	
30.	Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатени побарувања	32	475. 383
31.	Износ на ненаплатени побарувања од заем	33	250. 000
32.	Износ на позитивна разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакција по трансферна цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција по пазарна цена утврдена со принципот на „дофат на рака" меѓу поврзани лица	34	
33.	Износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со „дофат на рака" и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена меѓу поврзани лица	35	
34.	Износ на дел од камати по заеми кои се добиени од поврзано лице, кој го надминува износот кој би се остварил доколку се работи за неповрзани лица	36	1. 517. 795
35.	Износ на затезни камати кои произлегуваат од односите со поврзано лице	37	
36.	Износ на камати на заеми добиени од содружници или акционери – нерезиденти со најмалку од 20% учество во капиталот	38	
37.	Други усогласувања на расходи	39	8. 482. 609
III.	**Даночна основа (I+II)**	40	184. 474. 423
IV.	**Намалување на даночна основа (АОП 42+ АОП 43+ АОП 44+ АОП 45+ АОП 46+ АОП 47+ АОП 48)**	41	43. 063. 819
38.	Износ на наплатени побарувања за кои во претходниот период е зголемена даночната основа	42	
39.	Износ на вратен дел од заем за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа	43	612. 765
40.	Износ на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица	44	
41.	Износ на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став (1) точки 2), 3-б), 4), 5), 5-а) и 6), од ЗДД, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход	45	
42.	Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник, оданочени со данок на добивка кај исплатувачот	46	1. 072. 668
43.	Дел од загуба намалена за непризнаени расходи, пренесена од претходни години	47	
44.	Износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана добивка)	48	41. 378. 386
V.	**Даночна основа по намалување (III- IV)**	49	141. 410. 604
VI.	**Пресметан данок на добивка (V x 10%)**	50	14. 141. 060
VII.	**Намалување на пресметаниот данок на добивка (АОП 52+АОП 53+АОП 54+АОП 55)**	51	2. 346. 000
45.	Намалување на данокот за вредноста на набавени и ставени во употреба до 10 фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања	52	
46.	Износ на данок содржан во оданочени приходи / добивки во странство (withholding tax) до пропишаната стапка	53	
47.	Данок кој го платила подружницата во странство за добивката вклучена во приходите на матичното правно лице во Република Македонија но не повеќе од износот на данокот по пропишаната стапка во ЗДД	54	
48.	Износ на пресметано даночно олеснување за дадена донација утврдена во согласност со член 30-а од ЗДД	55	2. 346. 000
VIII.	**Пресметан данок по намалување (VI-VII)**	56	11. 795. 060
49.	Платени аконтации на данокот на добивка за даночниот период	57	13. 015. 223
50.	Износ на повеќе платен данок на добивка пренесен од претходните даночни периоди	58	8. 413. 620
51.	Износ за доплата / повеќе платен износ (АОП 56-АОП 57-АОП 58)	59	9. 633. 783
IX.	**ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**		
52.	Вкупен износ на извршени вложувања од добивката (реинвестирана)	60	
53.	Загуби од претходни години за кои правото на покритие во рок од три години не е изминато	61	
54.	Остварена загуба намалена за непризнаените расходи од тековната година која може да се пренесе во наредните три години	62	
55.	Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот по одредбите од член 30 од ЗДД	63	
56.	Пренесен неискористен дел на правото на намалување на данокот платен во странство до пропишаната стапка	64	
57.	Остварен вкупен приход во годината	65	
58.	Вкупни трошоци за донации во годината за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	66	
59.	Вкупни трошоци за донации во годината за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	67	
60.	Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	68	
61.	Вкупни трошоци за спонзорства во годината, за кои не се користи правото на намалување од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности	69	
62.	Вкупни трошоци за донација во спорт за која е користено намалување на пресметаниот данок, по член 30-а од ЗДД	70	2. 346. 000

40.

- **Предлог - одлука на завршната сметка и за резултатите во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на завршната сметка за резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА завршната сметка за резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - Кавадарци во 2020 година.

2. СЕ УТВРДУВААТ следните финансиски показатели за резултатите во работењето на Винарската визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година:

Ред.бр.	Е Л Е М Е Н Т И	Структура во %	И З Н О С
1	Остварени приходи	100.00%	1,558,294,153
2	Остварени расходи	94.90%	1,478,860,879
3	Остварена добивка пред оданочување	5.10%	79,433,274
4	Данок на добивка	0.76%	11,795,060
5	Остварена нето добивка	4.34%	67,638,214

3. Составен дел на одлуката е Завршната сметка, извештаите и друга документација за 2020 година.

4. Финансискиот сектор да ги извести надлежните служби Централниот регистар на РМ и Министерството за финансии Управата за јавни приходи, за остварениот финансиски резултат и неговата распределба со доставување на пропишаните обрасци за завршната сметка за 2020 година.

5. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

- **Предлог - одлука за распределба на остварената добивка за работењето на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За распределба на остварената добивка од работењето
на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШАД АД - Кавадарци во 2020 година

1.Распределба на добивката да се изврши според следното:

ЕЛЕМЕНТИ	2020	
	Структура во %	ИЗНОС во денари
Остварена нето добивка	100%	67.638.214,00
Добивка за реинвестирање	100%	67.638.214,00

2. Износ од 67.638.214,00 денари распореден во добивка наменет за реинвестирање да се користи во 2021 година за вложувања во нови инвестиции.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

ВИНАРСКА ВИЗБА
ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
И
ПОСЕБНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

Скопје, април 2021

СОДРЖИНА Страна

Извештај на независниот ревизор **1-2**

Посебни Финансиски извештаи

Биланс на успех 3

Извештај за сеопфатна добивка 4

Извештај за финансиска состојба 5

Извештај за паричните текови 6

Извештај за промените во главнината 7-8

Белешки кон финансиските извештаи 9 - 41

Додатоци

Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

Додаток 2- Годишна сметка (Биланс на состојба, Биланс на успех и Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3- Годишен Извештај за работење

MOORE

МУР СТИВЕНС ДОО
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: +389 (2) 32 14 706
Е-адреса: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Извештај за посебните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените посебни финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2020 година, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за посебните финансиски извештаи

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Северна Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Извештај за посебните финансиски извештаи (Продолжува)

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, посебните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци заклучно со 31 декември 2020 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и посебните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

Скопје, 26 април 2021 година

Овластен ревизор
Милена Јованова Димоска

Управител и Овластен ревизор
Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

	Белешка	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Приходи од продажба	8	1,505,780	1,746,563
Дадени попусти и дисконти	8	(141,938)	(168,403)
Нето приходи од продажба		**1,363,842**	**1,578,160**
Трошоци на продадени производи	9	(792,522)	(824,406)
БРУТО ДОБИВКА		**571,320**	**753,754**
Останати оперативни приходи	10	49,710	34,960
Дистрибутивни (продажни) расходи	11	(161,874)	(155,538)
Административни расходи	12	(96,160)	(117,963)
Останати оперативни расходи	13	(278,293)	(296,983)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА		**84,703**	**218,230**
Приходи (расходи) од финансирање	14	(5,270)	(30,059)
Капитални добивки (загуби)		-	-
ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		**79,433**	**188,171**
Расход за данок од добивка	16	(11,795)	(21,769)
НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ		**67,638**	**166,402**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	32	**250**	**615**

Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2020 и 2019 година, е како што следува:		
Приходи од продажба	1,363,842	1,578,160
Останати оперативни приходи	49,710	34,960
Промени во залихи на готови производи	(122,854)	27,253
Суровини и материјали	(520,802)	(709,755)
Амортизација	(98,781)	(87,735)
Трошоци за вработени	(143,853)	(162,923)
Останати оперативни расходи	(442,559)	(461,730)
Оперативна добивка	**84,703**	**218,230**

Управниот Одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци на ден 26 април 2021 година ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери за усвојување.

Генерален Директор
Радош Вукичевиќ

	Белешка	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Нето добивка за периодот		**67,638**	**166,402**
Останата сеопфатна добивка:			
Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба	19	1,477	3,750
Ревалоризационен вишок од проценка на основни средства		-	-
Вкупно останата сеопфатна добивка		**1,477**	**3,750**
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ		**69,115**	**170,152**

	Белешка	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	17	1,267,308	1,299,725
Нематеријални средства	18	9,543	11,351
Дадени заеми	23	1,390	3,550
Вложувања во подружници	19	112,278	112,278
Вложувања расположливи за продажба	19	18,982	17,505
Вкупно нетековни средства		**1,409,501**	**1,444,409**
Тековни средства			
Залихи	20	1,068,393	1,174,156
Побарувања од продажба	21	614,599	497,752
Побарувања за дадени аванси	22	29,322	49,909
Дадени заеми	23	144,642	97,322
Останати краткорочни средства и АВР	24	19,072	21,013
Парични средства	25	15,148	11,927
Вкупно тековни средства		**1,891,175**	**1,852,078**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**3,300,676**	**3,296,487**
ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА			
Главнина			
Акционерски капитал	26	842,962	842,962
Премии на емитирани акции		169,135	169,135
Резерви		105,863	105,863
Ревалоризациони резерви и друго		18,752	17,275
Акумулирана добивка		1,044,706	977,068
Вкупно главнина		**2,181,418**	**2,112,303**
Нетековни обврски			
Долгорочни кредити и наеми	29	507,748	438,401
Одложени приходи од грантови	28	14,362	17,450
Резервирања за судски спорови	34 в	14,029	14,029
Вкупно нетековни обврски		**536,139**	**469,880**
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	30	433,305	447,199
Краткорочни кредити	31	40,000	40,000
Тековен дел на долгорочни кредити	31	73,000	187,142
Останати краткорочни обврски и ПВР	27	36,814	39,963
Вкупно тековни обврски		**583,119**	**714,304**
Вкупно обврски		**1,119,258**	**1,184,184**
ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА		**3,300,676**	**3,296,487**

	Белеш.	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Парични текови од оперативни активности			
Добивка пред оданочување		**79,433**	**188,171**
Усогласување за:			
Амортизација	17 и 18	98,781	87,735
Расходи (приходи) од камати, нето	14	5,788	28,178
Приходи од отпис на обврски	10	(474)	(2,659)
Амортизација на грантови	28	(3,088)	(3,088)
Исправка и отпис на побарувања	13	476	17,163
Исправка на вредност на дадени позајмици	13	-	-
Отпис на побарувања за дадени аванси		139	-
Приходи од донација на основно средство	17	-	-
Капитална загуба (добивка) од расход на основни средства	13	156	(4)
Добивка (загуба) пред промени во обртни средства		**181,211**	**315,496**
Побарувања од продажба		(117,323)	(77,862)
Побарувања за дадени аванси		20,448	(13,660)
Останати тековни средства и АВР		1,941	(1,923)
Залихи		105,763	(73,939)
Обврски од добавувачи		(13,420)	(13,552)
Останати тековни обврски и ПВР		1,521	7,531
Нето пари употребени во работењето		**180,141**	**142,091**
Платена камата		(8,782)	(36,228)
Платен данок од добивка		(14,571)	(19,446)
Нето парични текови од оперативни активности		**156,788**	**86,417**
Парични текови од вложувачки активности			
Приливи (одливи) од купопродажба на вложувања		-	-
Наплатени (дадени) позајмици, нето	23	(45,160)	(28,485)
Примени камати	14	27	750
Примени дивиденди	14	1,073	990
Купување на недвижности, постројки и опрема	17	(63,868)	(77,718)
Купување на лиценци	18	(844)	(1,880)
Продажби на недвижности, постројки и опрема	17	-	72
Нето парични текови од вложувачки активности		**(108,772)**	**(106,271)**
Парични текови од финансиски активности			
Исплатени дивиденди		-	-
Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето	29	(44,795)	96,097
Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето	31	-	(83,541)
Нето парични текови од финансиски активности		**(44,795)**	**12,556**
Нето зголемување (намалување) на парични средства		**3,221**	**(7,298)**
Парични средства на почетокот на годината	**25**	**11,927**	**19,225**
Парични средства на крајот од годината	**25**	**15,148**	**11,927**

	Обични акции							
	Број на Акции	Износ	Резерви	Премии на емитир. Акции	Ревалоризациони вишок и објективна вредност	Реинвестирана добивка	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно главнина
Во (000) МКД								
Состојба на 1 јануари 2019	270,450	842,962	105,863	169,135	13,525	243,647	567,019	1,942,151
Сеопфатна добивка:								
Добивка (загуба) за периодот	-	-	-	-	-	-	166,402	166,402
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	-	-	-	-	3,750	-	-	3,750
Останато	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупна сеопфатна добивка	-	-	-	-	3,750	-	166,402	170,152
Трансакции со сопствениците:								
Издвојување за резерви	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвоено за реинвестирана добивка	-	-	-	-	-	170,815	(170,815)	-
Состојба на 31 декември 2019	270,450	842,962	105,863	169,135	17,275	414,462	562,606	2,112,303

	Обични акции				Ревалоризациони вишок и објективна вредност	Реинвестирана добивка	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно главнина
	Број на Акции	Износ	Резерви	Премии на емитир. акции				
Во (000) МКД								
Состојба на 1 јануари 2020	270,450	842,962	105,863	169,135	17,275	414,462	562,606	2,112,303
Сеопфатна добивка:								
Добивка (загуба) за периодот	-	-	-	-	-	-	67,638	67,638
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	-	-	-	-	1,477	-	-	1,477
Вкупна сеопфатна добивка	-	-	-	-	1,477	-	67,638	69,115
Трансакции со сопствениците:								
Издвојување за резерви	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвоено за реинвестирана добивка	-	-	-	-	-	166,402	(166,402)	-
Состојба на 31 декември 2020	270,450	842,962	105,863	169,135	18,752	580,864	463,842	2,181,418

1. Основни податоци и дејност

Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт импорт АД - Кавадарци (во понатамошниот текст Друштвото) е настанато со поделба на АД Агрокомбинат ТИКВЕШ ц.о. - Кавадарци на повеќе друштва.

Седиштето на Друштвото е во Кавадарци на ул.8-ми Септември бр.5.

Основна дејност на Друштвото е производство на вина. Работата на Друштвото е организирана преку следните организациони делови:

- Управа на Друштвото;
- Сектор за производство;
- Сектор за комерцијално и маркетиншко работење;
- Финансов сектор и
- Одделение за општи и правни работи

Вкупниот број на вработени во Друштвото со 31 декември 2020 година изнесува 198 вработени (2019: 202 вработени).

2. Основа за составување на финансиски извештаи

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 41, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2020 и 2019 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

Финансиските извештаи за годините кои завршуваат на 31 декември 2020 и 2019 година ги презентираат финансиската состојба, резултатите од работењето, паричните текови и промените на капиталот само на матичното друштво ВВ Тиквеш АД Скопје.

Друштвото има доминантно учество во капиталот на уште четири друштва и тоа во Винојуг ДООЕЛ од Гевгелија, Машински Сервис ДООЕЛ од Кавадарци, Тиквеш-Ински туризам ДООЕЛ од Кавадарци и М-6 Тиквеш ДОО од Белград. Вложувањата во овие друштва се прикажани како вложувања во подружници (Белешка 19). Подружницата Винојуг ДООЕЛ е основана во текот на 2011 година, подружницата Машински Сервис ДООЕЛ е основана во 2013 година, подружницата Тиквеш-Ински туризам ДООЕЛ е основана во 2014 година, а доминантното учество во капиталот во подружницата М-6 Тиквеш ДОО од Белград е стекнато во 2014 година. Во 2018 година е основана нова подружница ВВ Тиквеш Продаја Загреб.

2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи (Продолжение)

Друштвото подготвува и издава консолидирани финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 и 2019 година во кои извештаи се вклучени и подружниците.

2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на ревалоризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (Белешка 3.12) и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност (Белешка 3.11).

2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

Раководството примени проценки, расудувања и претпоставки врз основа на анализа на влијанијата кои ги има, или може да ги има глобалната пандемија на коронавирусот Covid 19 врз Друштвото, врз основа на расположливи информации. Оваа анализа ги опфаќа природата на понудените услуги, клиенти, синџир на снабдување, персоналот и географскиот регион каде Друштвото работи. Освен доколку не е поинаку наведено во конкретните белешки од овие финансиски извештаи, раководството смета дека не постојат било какви значајни несигурности во врска со настаните и условите што можат неповолно да влијаат врз работењето на Друштвото.

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи (Продолжение)

2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.
Глобалната пандемија предизвикана од корона вирусот (COVID 19) која беше прогласена од страна на СЗО во март 2020 година, рапидно се развиваше во текот на 2020 година. Раководството превзема мерки за намалување на негативниот ефект врз работењето како што се обид да се компензира падот на продажбата со он-лајн продажба, продажба во малопродажните објекти и поволни активации за потрошувачите, како и продажба на регионалните и странските пазари, со цел да се потрошат залихите и да се задржат вработените.

Раководството смета дека во моментов не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Друштвото.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

3.1. Приходи од продажба

Продажба на производи и стоки

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

Обезбедување на услуги

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажба на хартии од вредност, приходи од камати и курсни разлики.

Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2020 и 2019, се следните:

	2020	2019
1 ЕУР =	61.6940 МКД	61.4856 МКД
1 ЦХФ =	56.8242 МКД	56.5593 МКД
1 УСД =	50.2353 МКД	54.9518 МКД

3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица (2019: исто). Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2019: 10%).

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.5. Данок од добивка (тековен и одложен) (Продолжение)

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечките законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 16.

3.6. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

3.7. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, денарски депозити по видување и орочени депозити со рок на достасување до три месеци.

3.8. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формираа исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

3.9. Залихи

Залихите се искажуваат според поништата од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.10. Вложувања во подружници

Вложувања во подружници се сметаат оние вложувања каде Друштвото поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во други друштва. Вложувањата во подружници се евидентирани во финансиските извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност, намалени за евентуалните обезвреднувања на вредноста.

3.11. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.
Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината односно во останатата сеопфатна добивка, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

3.12. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

(1) Општа објава

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.
Последователно, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира. Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.
Согласно параграф 17 од објавениот МСС 8 - Сметководствените политики, промени на сметководствени проценки и грешки, ревалоризираните вредности на НПО во поранешните години се третираат како извршена ревалоризација во согласност со МСС 16, а не како промена во сметководствената политика.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.12. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(2) Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2020 година во однос на 2019 година се следните:

	2020	2019	2020	2019
Недвижности	2.5-10 %	2.5-10 %	10-40 години	10-40 години
Постројки и опрема	10 %	10 %	10 години	10 години
Возила	10-25 %	10-25 %	4-10 години	4-10 години
Компјутерска опрема	25 %	25 %	4 години	4 години
Канцелариски мебел	20 %	20 %	5 години	5 години

3.13. Обезвреднување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

3.14. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно поромнување, со товарење на останатите приходи.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.15. Обврски по кредити

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2020 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за годината која завршува на 31 декември 2020 година.

Скопје, 26 април 2021 година

Овластен ревизор
Милена Јованова Димоска

Управител и Овластен ревизор
Антонио Вељанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

	Белешка	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Приходи од продажба	8	1,610,977	1,804,708
Дадени попусти и дисконти	8	(141,858)	(168,403)
Нето приходи од продажба		**1,469,119**	**1,636,305**
Трошоци на продадени производи	9	(792,516)	(824,385)
БРУТО ДОБИВКА		**676,603**	**811,920**
Останати оперативни приходи	10	59,068	49,106
Дистрибутивни (продажни) расходи	11	(162,014)	(141,121)
Административни расходи	12	(111,120)	(129,904)
Останати оперативни расходи	13	(386,721)	(410,174)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА		**75,817**	**179,827**
Приходи (расходи) од финансирање	14	(5,542)	(30,529)
Капитални добивки (загуби)		-	-
ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		**70,275**	**149,298**
Расход за данок од добивка	16	(11,807)	(24,225)
НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ		**58,468**	**125,073**
Нето добивка (загуба) на:			
Сопствениците на матичното друштво		58,462	125,463
Неконтролираното учество во подружниците		6	(390)
		58,468	**125,073**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	32	**216**	**462**

Анализа на Билансот на успех и трошоците според природата и видот на трошоците за 2020 и 2019 година, е како што следува:		
Приходи од продажба	1,469,119	1,636,305
Останати оперативни приходи	59,068	49,106
Промени во залихи на готови производи	(122,854)	27,253
Суровини и материјали	(530,377)	(721,201)
Амортизација	(101,590)	(89,754)
Трошоци за вработени	(158,813)	(174,864)
Останати оперативни расходи	(538,736)	(547,018)
Оперативна добивка	**75,817**	**179,827**

Управниот Одбор на ВВ Тиквеш АД Кавадарци на ден 26 април 2021 година ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери за усвојување.

Генерален Директор
Радош Вукичевиќ

	Белешка	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Нето добивка за периодот		**58,468**	**125,073**
Останата сеопфатна добивка:			
Курсни разлики од преведување на странски валути		(645)	17
Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба	19	1,477	3,750
Ревалоризационен вишок од проценка на основни средства		-	-
Вкупно останата сеопфатна добивка		**832**	**3,767**
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ		**59,299**	**128,840**
Вкупна сеопфатна добивка (загуба) на:			
Сопствениците на матичното друштво		59,293	129,229
Неконтролираното учество во подружниците		6	(390)
		59,299	**128,840**

	Белешка	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	17	1,323,608	1,349,792
Нематеријални средства	18	10,479	12,926
Дадени заеми	23	1,390	3,550
Вложувања расположливи за продажба	19	18,982	17,505
Вкупно нетековни средства		**1,354,459**	**1,383,773**
Тековни средства			
Залихи	20	1,092,873	1,180,317
Побарувања од продажба	21	535,260	440,194
Побарувања за дадени аванси	22	29,435	49,977
Дадени позајмици	23	114,426	68,102
Останати краткорочни средства и АВР	24	37,214	43,139
Парични средства	25	58,238	17,297
Вкупно тековни средства		**1,867,446**	**1,799,026**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**3,221,905**	**3,182,799**
ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА			
Главнина			
Акционерски капитал	26	842,962	842,962
Премии на емитирани акции		169,135	169,135
Резерви		105,472	106,118
Реваloризациони резерви и друго		18,752	17,275
Акумулирана добивка		860,968	802,506
Главнина на сопствениците на Друштвото		**1,997,289**	**1,937,996**
Неконтролирано учество		(790)	(795)
Вкупно главнина		**1,996,499**	**1,937,201**
Нетековни обврски			
Долгорочни кредити и наеми	29	507,748	438,401
Одложени приходи од грантови	28	18,922	17,450
Резервирања за трошоци	34 в	14,029	14,029
Вкупно нетековни обврски		**540,699**	**469,880**
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	30	521,294	491,537
Краткорочни кредити	31	40,000	40,000
Тековна доспеаност на долгорочни обврски	29	73,000	187,142
Останати краткорочни обврски и ПВР	27	50,413	57,039
Вкупно тековни обврски		**684,707**	**775,718**
Вкупно обврски		**1,225,406**	**1,245,598**
ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА		**3,221,905**	**3,182,799**

	Белеш.	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Парични текови од оперативни активности			
Добивка пред оданочување		**70,275**	**149,298**
Усогласување за:			
Амортизација	17 и 18	102,236	89,754
Расходи (приходи) од камати и дивиденди, нето	14	6,025	29,017
Приходи од отпис на обврски	10	(474)	(2,659)
Амортизација на грантови	28	(3,088)	(3,088)
Исправка на вредност на побарувања	13	476	17,163
Отпис на побарувања за дадени аванси		139	-
Приходи од донација на основно средство	10	-	-
Други расходи и усогласувања		(645)	17
Капитална загуба (добивка) од основни средства	13	156	(4)
Добивка (загуба) пред промени во обртни средства		**175,099**	**279,498**
Побарувања од продажба		(95,543)	(37,085)
Побарувања за дадени аванси		20,403	(13,721)
Останати тековни средства и АВР		7,179	(1,391)
Залихи		87,444	(77,872)
Обврски од добавувачи		30,231	(39,055)
Останати тековни обврски и ПВР		2,617	10,155
Нето пари употребени во работењето		**227,430**	**120,529**
Платена камата		(9,033)	(37,072)
Платен данок од добивка		(15,850)	(21,919)
Нето парични текови од оперативни активности		**202,547**	**61,538**
Парични текови од вложувачки активности			
Приливи (одливи) од купопродажба на вложувања	19	-	-
Наплатени (дадени) позајмици, нето	23	(44,164)	(6,913)
Примени камати	14	41	755
Примени дивиденди	14	1,073	990
Купување на недвижности, постројки и опрема	17	(72,911)	(94,614)
Купување на лиценци	18	(850)	(3,463)
Продажби на недвижности, постројки и опрема	17	-	72
Нето парични текови од вложувачки активности		**(116,811)**	**(103,173)**
Парични текови од финансиски активности			
Искористени (вратени) долгорочни кредити, нето	29	(44,795)	96,097
Искористени (вратени) краткорочни кредити, нето	31	-	(83,541)
Нето парични текови од финансиски активности		**(44,795)**	**12,556**
Нето зголемување (намалување) на парични средства		**40,941**	**(29,079)**
Парични средства на почетокот на годината	**25**	**17,297**	**46,376**
Парични средства на крајот од годината	**25**	**58,238**	**17,297**

	Обични акции									
	Број на Акции	Износ	Резерви	Премии на емитир. акции	Објективна вредност на вложувања	Реинвестирана добивка	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно	Неконтролирано учество	Вкупно главнина
Во (000) МКД										
Состојба на 1 јануари 2019	270,450	842,962	106,101	169,135	13,525	243,647	433,397	1,808,767	(406)	1,808,361
Сеопфатна добивка:										
Добивка (загуба) за периодот	-	-	-	-	-	-	125,463	125,463	(390)	125,073
Усогласување на вложувања расположиви за продажба до нивна објективна вредност	-	-	-	-	3,750	-	-	3,750	-	3,750
Курсни разлики од преведување на странски валути	-	-	17	-	-	-	-	17	-	17
Вкупна сеопфатна добивка	-	-	17	-	3,750	-	125,463	129,229	(390)	128,840
Трансакции со сопствениците:						-				
Издвојување за резерви	-	-	-	-	-	-	-	-		-
Издвојување за дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвоено за реинвестирана добивка	-	-	-	-	-	170,815	(170,815)	-	0	0
Состојба на 31 декември 2019	270,450	842,962	106,118	169,135	17,275	414,462	388,045	1,937,996	(795)	1,937,201

	Обични акции			Премии на емитир. акции	Објективна вредност на вложувања	Реинвестирана добивка	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно	Неконтролирано учество	Вкупно главнина
Во (000) МКД	Број на Акции	Износ	Резерви							
Состојба на 1 јануари 2020	270,450	842,962	106,118	169,135	17,275	414,462	388,045	1,937,996	(795)	1,937,201
Сеопфатна добивка:										
Добивка (загуба) за периодот	-	-	-	-	-	-	58,462	58,462	6	58,468
Усогласување на вложувања расположиви за продажба до нивна објективна вредност	-	-	-	-	1,477	-	-	1,477	-	1,477
Курсни разлики од преведување на странски валути	-	-	(645)	-	-	-	-	(645)	-	(645)
Останато	-	-	-		-	-	-	-	-	-
Вкупна сеопфатна добивка	-	-	(645)	-	1,477	-	58,462	59,293	6	59,299
Трансакции со сопствениците:						-				
Издвојување за резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвоено за реинвестирана добивка	-	-	-	-	-	166,402	(166,402)	-	-	-
Останато	-	-	-	-	-	-	-	-	(1)	(1)
Состојба на 31 декември 2020	270,450	842,962	105,472	169,135	18,752	580,864	280,105	1,997,289	(790)	1,996,499

1. Основни податоци и дејност

Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт импорт АД - Кавадарци (во понатамошниот текст Друштвото) е настанато со поделба на АД Агрокомбинат ТИКВЕШ ц.о. - Кавадарци на повеќе друштва.

Седиштето на Друштвото е во Кавадарци на ул.8-ми Септември бр.5

Основна дејност на Друштвото е производство на вина. Работата на Друштвото е организирана преку следните организациони делови:

- Управа на Друштвото;
- Сектор за производство;
- Сектор за комерцијално и маркетиншко работење;
- Финансов сектор и
- Одделение за општи и правни работи

Вкупниот број на вработени во Друштвото со 31 декември 2020 година изнесува 198 вработени (2019: 202 вработени).

2. Основа за составување на финансиски извештаи

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Консолидираните финансиски извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 44, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Северна Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Консолидираните финансиски извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2020 и 2019 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на ревалоризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (Белешка 3.11) и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност (Белешка 3.10).

2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

2.3. Принципи на консолидација

Консолидацијата на финансиските извештаи на друштвата е извршена на следниот начин:

- Прво, се собираат поединечно салдата на сите позиции на средствата, обврските, капиталот, од билансот на состојба на 31 декември, како и приходите и расходите, од билансот на успех;
- Второ, во целост се елиминираат салдата на побарувањата и обврските на 31 декември, кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата;
- Трето, во целост се елиминираат салдата на вложувањата на матичното друштво во зависните друштва (подружници) со состојба на 31 декември и салдото на делот од капиталот на тие друштва, кој се однесува на тие вложувања, а остатокот на капиталот, е прикажан во консолидираниот биланс на состојба како неконтролирано учество;
- Четврто, во целост се елиминираат приходите и расходите кои произлегуваат од трансакции меѓу друштвата во рамките на Групацијата.

2.4. Подружници

Подружници се правни лица каде што матичното друштво има контрола врз финансиските и деловните политики и поседува контрола над гласачката сила (над 50%) во тие друштва. Постоењето на и ефектот од поседувањето на гласачката сила се зема во предвид при одредувањето на тоа дали Друштвото има контрола над тие правни лица. Вложувањата на Друштвото во подружниците се евидентирани во посебните финансиски извештаи на Друштвото според нивната набавна вредност.

Подружниците се целосно консолидирани во моментот на воспоставување на контрола над истите од страна на Друштвото. Подружниците се исклучуваат од консолидација во моментот на престанок на контрола од страна на Друштвото.

Приложените консолидирани финансиски извештаи ги вклучуваат финансиските извештаи на матичното друштво и на следните подружници:

	2020 % на учество	2019 % на учество
Винојуг ДООЕЛ Гевгелија	100.00%	100.00%
Машински Сервис ДООЕЛ	100.00%	100.00%
Тиквеш-Ински туризам ДООЕЛ	100.00%	100.00%
М-6 Тиквеш ДОО Белград	99.00%	99.00%
ВВ Тиквеш Продаја ДОО Загреб	100.00%	100.00%

2. Основа за составување на финансиски извештаи (Продолжение)

2.5. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

Раководството примени проценки, расудувања и претпоставки врз основа на анализа на влијанијата кои ги има, или може да ги има глобалната пандемија на коронавирусот Covid 19 врз Друштвото, врз основа на расположливи информации. Оваа анализа ги опфаќа природата на понудените услуги, клиенти, синџир на снабдување, персоналот и географскиот регион каде Друштвото работи. Освен доколку не е поинаку наведено во конкретните белешки од овие финансиски извештаи, раководството смета дека не постојат било какви значајни несигурности во врска со настаните и условите што можат неповолно да влијаат врз работењето на Друштвото.

2.6. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.
Глобалната пандемија предизвикана од корона вирусот (COVID 19) која беше прогласена од страна на СЗО во март 2020 година, рапидно се развиваше во текот на 2020 година. Раководството превзема мерки за намалување на негативниот ефект врз работењето како што се обид да се компензира падот на продажбата со он-лајн продажба, продажба во малопродажните објекти и поволни активации за потрошувачите, како и продажба на регионалните и странските пазари, со цел да се потрошат залихите и да се задржат вработените.

Раководството смета дека во моментов не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Друштвото.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

3.1. Приходи од продажба

Продажба на производи и стоки

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

Обезбедување на услуги

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од дивиденди, капитални добивки од продажба на хартии од вредност, приходи од камати и курсни разлики.

Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2020 и 2019, се следните:

	2020	2019
1 ЕУР =	61.6940 МКД	61.4856 МКД
1 ЦХФ =	56.8242 МКД	56.5593 МКД
1 УСД =	50.2353 МКД	54.9518 МКД

3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува остварената добивка пред оданочување зголемена за трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци) и помалку искажани приходи со поврзани лица (2019: исто). Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2019: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 16.

3.6. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондериранот просечен број на обични акции во текот на годината.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.7. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, денарски депозити по видување и орочени депозити со рок на достасување до три месеци.

3.8. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формираа исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

3.9. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистрибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.10. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината односно останатата сеопфатна добивка, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

3.11. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

(1) Општа објава

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Последователно, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира. Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.

Согласно параграф 17 од објавениот МСС 8 Сметководствените политики, промени на сметководствени проценки и грешки, ревалоризираните вредности на НПО во поранешните години се третираат како извршена ревалоризација во согласност со МСС 16, а не како промена во сметководствената политика.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.11. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(2) Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2020 година во однос на 2019 година се следните:

	2020	2019	2020	2019
Недвижности	2.5-10 %	2.5-10 %	10-40 години	10-40 години
Постројки и опрема	10 %	10 %	10 години	10 години
Возила	10-25 %	10-25 %	4-10 години	4-10 години
Компјутерска опрема	25 %	25 %	4 години	4 години
Канцелариски мебел	20 %	20 %	5 години	5 години

3.12. Обезвреднување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно обезвреднување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно обезвреднување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

3.13. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.14. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

3.15. Капитал

(1) Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

(2) Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 5% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 10% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 10% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 10% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

(3) Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација согласно изнесеното во точка 3.11. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.16. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) Краткорочни користи за вработените
Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

(2) Користи по престанок на вработувањето
Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање.

3.17. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.18. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

4.1. Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, чиј ефект е даден во табелата подолу.

Ризик од промени на цените

Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото. Изложеноста на Друштвото на ваков вид на ризик е даден преку износите на овие вложувања во белешката 19.

4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачи се голем број на друштва во земјата и странство. Друштвото нема изградено посебна политика со цел да се управува или да се намали кредитниот ризик.

4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото има користено вакви кредити и позајмици, може да се каже дека постои изложеност спрема ваков вид на ризик, но тој зависи од движењата на финансиските пазари и Друштвото нема начин истиот да го намали.

4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски.

4. Финансиски ризици и управување со истите (Продолжение)

4.5. Даночен ризик

Согласно законските прописи во РСМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2020 година, како и на данокот на додадена вредност, персонален данок на доход и придонеси на лични примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност.

5. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на билансот на состојба, со исклучок на вложувањата расположливи за продажба кои имаат карактер на долгорочни средства и за кои објективната вредност е утврдена врз основа на последната пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба.

6. Финансиски инструменти

6.1. Ризик на финансирање

Друштвото врши финансирање на своето работење по пат на користење на краткорочни и долгорочни кредити со цел да обезбеди соодветен поврат на вложувањата. Друштвото континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември 2020 и 2019 година е следната:

	2020	2019
Обврски по кредити и заеми	620,748	665,543
Пари и парични еквиваленти	(58,238)	(17,297)
Нето обврски (пари)	**562,510**	**648,246**
Вкупен капитал	**1,996,499**	**1,937,200**
% на задолженост	**28%**	**33%**

6.2. Ризик од девизни валути

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31 декември 2020 и 2019 година по валути е следната:

	Средства		Обврски	
	2020	2019	2020	2019
ЕУР	128,054	113,455	267,785	302,833
УСД	2,801	4,177	588	571
Други	256,803	225,784	82,302	39,566
	387,658	**343,416**	**350,675**	**342,970**

Друштвото претежно е изложено на ЕУР. Изложеноста спрема ЕУР кај обврските ги вклучува и обврските по кредити од домашни банки кои имаат девизна клаузула и чија отплата во денари зависи од движењата на курсот на денарот во однос на Еврото.

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

	Зголемувања за 10%		Намалувања за 10%	
	2020	2019	2020	2019
ЕУР	(13,973)	(18,938)	13,973	18,938
УСД	221	361	(221)	(361)
Други	17,450	18,622	(17,450)	(18,622)
Нето Ефект	**3,698**	**(45)**	**(3,698)**	**45**

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик на крајот од годините е како што следува:

	31 декември	
	2020	**2019**
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
- Парични средства	99	59
- Побарувања од купувачи	535,260	440,194
- Останати побарувања и позајмици	115,678	74,893
- Вложувања расположливи за продажба	18,982	17,505
	670,019	**532,651**
Каматоносни со променлива камата:		
- Парични средства на сметки	58,139	17,238
- Дадени депозити во банки	-	-
	58,139	**17,238**
Каматоносни со фиксна камата:		
- Долгорочни дадени заеми	8,692	8,279
	8,692	**8,279**
	736,850	**558,168**
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
- Обврски кон добавувачи	516,842	486,496
- Останати тековни обврски	31,946	57,038
- Позајмици	-	-
	548,788	**543,534**
Каматоносни со променлива камата:		
- Кредити од банки и наеми	461,581	485,085
	461,581	**485,085**
Каматоносни со фиксна камата:		
- Кредити од банки и наеми	159,167	180,458
	159,167	**180,458**
	1,169,536	**1,209,077**

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.3. Ризик од промени на каматите

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување на каматните стапки на користените кредити и дадени депозити во банки за 1% поени. Анализата е направена на салдата на обврски за кредити и дадени депозити на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

	Зголемувања за 1% поени		Намалувања за 1% поени	
	2020	2019	2020	2019
Земени кредити	(4,616)	(4,851)	4,616	4,851
Дадени депозити	-	-	-	-
Нето Ефект	**(4,616)**	**(4,851)**	**4,616**	**4,851**

6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2020 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	58,238	-	-	-	**58,238**
Купувачи	330,540	162,000	42,720	-	**535,260**
Останати побарув. и позајмици.	115,678	-	7,302	1,390	**124,370**
Вложувања	-	-	18,982	-	**18,982**
	504,456	**162,000**	**69,004**	**1,390**	**736,850**
Добавувачи	347,995	91,305	77,542	-	**516,842**
Кредити	11,114	1,448	100,438	507,748	**620,748**
Останати обврски	31,946	-	-	-	**31,946**
	391,055	**92,753**	**177,980**	**507,748**	**1,169,536**

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.4. Ризик од ликвидност (Продолжение)

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2019 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	17,297	-	-	-	**17,297**
Купувачи	300,441	125,045	14,708	-	**440,194**
Останати побарув. и позајмици.	74,855	-	4,767	3,550	**83,172**
Вложувања	-	-	17,505	-	**17,505**
	392,593	**125,045**	**36,980**	**3,550**	**558,168**
Добавувачи	337,613	148,714	169	-	**486,496**
Кредити	28,957	16,654	181,552	438,380	**665,543**
Останати обврски	52,392	4,646	-	-	**57,038**
	418,962	**170,014**	**181,721**	**438,380**	**1,209,077**

7. Известување по сегменти

Друштвото во текот на своето работење е организирано во следните деловни сегменти:

- Флаширано вино;
- Наливно вино;
- Алкохолни пијалоци;
- Пиво и
- Останато

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31 декември 2020 година како и останатите сегменти информации се следните:

	Флаширано Вино	Наливно вино	Алкохолни пијалоци	Пиво	Останато	Вкупно
Приходи од продажба	1,374,932	-	234,019	-	1,726	**1,610,977**
Дадени рабати (-)	(123,564)	-	(18,288)	-	(6)	**(141,858)**
Нето приходи од продажба	**1,251,368**	**-**	**215,731**	**-**	**1,720**	**1,469,119**
Оперативна добивка/резултат на сегментот	**64,580**	**-**	**11,149**	**-**	**89**	**75,818**
Приходи(расходи) од финансирање						**(5,542)**
Добивки (загуби) од вложувања						**-**
Бруто добивка						**70,276**
Данок од добивка						(11,807)
Нето добивка (загуба)						**58,469**
Други информации						
Вкупни средства по сегменти	2,774,358	-	473,775	-	3,772	**3,221,905**
Вкупни обврски по сегменти	1,043,778	-	180,193	-	1,435	**1,225,406**
Амортизација	86,532	-	14,939	-	119	**101,590**
Инвестиции во основни средства	62,104	-	10,721	-	85	**72,911**

7. Известување по сегменти (Продолжение)

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31 декември 2019 година како и останатите сегменти информации се следните:

	Флаширано Вино	Наливно вино	Алкохолни пијалоци	Пиво	Останато	Вкупно
Приходи од продажба	1,526,904	-	266,011	10,671	1,122	**1,804,708**
Дадени рабати (-)	(142,923)	-	(25,474)	-	(6)	**(168,403)**
Нето приходи од продажба	**1,383,981**	**-**	**240,537**	**10,671**	**1,116**	**1,636,305**
Оперативна добивка/резултат на сегментот	**152,098**	**-**	**26,435**	**1,173**	**123**	**179,828**
Приходи(расходи) од финансирање						**(30,529)**
Добивки (загуби) од вложувања						**-**
Бруто добивка						**149,299**
Данок од добивка						(24,225)
Нето добивка (загуба)						**125,074**
Други информации						
Вкупни средства по сегменти	2,691,998	-	467,871	20,756	2,171	**3,182,797**
Вкупни обврски по сегменти	1,053,522	-	183,103	8,123	850	**1,245,597**
Амортизација	75,914	-	13,194	585	91	**89,754**
Инвестиции во основни средства	80,024	-	13,908	617	61	**94,614**

7. Известување по сегменти (Продолжение)

Република Македонија е матична земја за Друштвото, при што истото остварува дел од своите активности (продажби) и на надворешните пазари, и тоа како што следува:

Продажби во:	**2020**	**2019**
Република Македонија – Сектор 1	687,198	857,461
Република Србија – Сектор 2	404,345	408,841
Југоисточна Европа - Сектор 3	307,418	307,038
Останато – Сектор 4	70,158	62,965
Вкупно	**1,469,119**	**1,636,305**

Прикажувањето на продажбите е според потеклото на купувачите.

Вкупни средства во:	**2020**	**2019**
Република Македонија – Сектор 1	2,915,814	2,902,578
Република Србија – Сектор 2	259,443	227,726
Југоисточна Европа - Сектор 3	24,885	21,001
Останато – Сектор 4	21,763	31,492
Вкупно	**3,221,905**	**3,182,797**

Вкупни инвестиции во:	**2020**	**2019**
Република Македонија – Сектор 1	72,911	94,614
Република Србија – Сектор 2	-	-
Југоисточна Европа - Сектор 3	-	-
Останато – Сектор 4	-	-
Вкупно	**72,911**	**94,614**

8. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

а) Анализа по пазари	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Приходи од продажби на домашен пазар	814,565	1,011,991
Приходи од продажби на странски пазар	796,412	792,717
Намалено за дадени рабати	(141,858)	(168,403)
Вкупно приходи од продажба	**1,469,119**	**1,636,305**
б) Анализа по видови		
Приходи од продажба на флаширано вино	1,374,932	1,526,904
Приходи од продажба на жестоки пијалоци	234,319	266,011
Приходи од продажба на пиво	-	10,671
Останати приходи	1,726	1,122
Намалено за дадени рабати	(141,858)	(168,403)
Вкупно приходи од продажба	**1,469,119**	**1,636,305**

9. ТРОШОЦИ НА ПРОДАДЕНИ ПРОИЗВОДИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Залихи на почетокот на годината	1,021,844	994,591
Производни трошоци во тек на година:		
Потрошени суровини и материјали	514,549	698,199
Енергија	25,339	31,280
Амортизација	79,129	74,247
Плати на директни работници	50,645	47,912
Кусоци (вишоци) по попис	-	-
Залихи на крајот на годината	(898,990)	(1,021,844)
Вкупно трошоци на продадени производи	**792,516**	**824,385**

10. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Приходи од наемнина	121	-
Приходи од продажба на материјали	6,560	15,236
Приходи од отпис на обврски	474	2,659
Приходи од отпис на побарувања	-	-
Приходи од вишоци	118	24
Приходи од ресторан и посетители	4,065	10,085
Приходи од амортизација на грантови (бел.28)	3,088	3,088
Приходи од субвенции	10,079	-
Приходи од фактурирање на стоки и материјали	17,723	-
Останати приходи	16,840	18,014
Вкупно останати оперативни приходи	**59,068**	**49,106**

11. ДИСТРИБУТИВНИ (ПРОДАЖНИ) РАСХОДИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Транспорт на производи на домашен пазар	8,258	9,110
Транспорт на производи на странски пазар	4,036	3,899
Трошоци за унапредување на продажбата	61,004	35,752
Трошоци за саеми	3,477	16,563
Трошоци за маркетинг и пропаганда	85,239	75,797
Вкупно продажни расходи	**162,014**	**141,121**

12. АДМИНИСТРАТИВНИ РАСХОДИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Плати на административни работници	89,419	81,110
Трошоци за надоместоци на вработените	14,710	14,351
Трошоци за службени патувања	6,991	34,443
Вкупно административни расходи	**111,120**	**129,904**

13. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Набавна вредност на продадени стоки и материјали	119,589	111,227
Останати услуги	43,258	31,508
Репрезентација	40,675	57,137
Трошоци за наемнини	25,492	24,829
Потрошена енергија	8,141	11,255
Трошоци за телефони	6,740	7,217
Даноци и придонеси - останати	7,711	10,625
Амортизација	22,461	15,507
Премии за осигурување	10,667	9,652
Потрошени резервни делови	8,025	7,823
Спонзорства и реклама	5,186	12,815
Услуги за одржување и заштита	5,496	3,264
Банкарски провизии	6,042	6,661
Капитална добивка (загуба) од отуѓување на основни средства	156	(4)
Исправка на вредноста на побарувања	615	17,163
Останати општи расходи	76,466	83,495
Вкупно останати оперативни расходи	**386,721**	**410,174**

14. ПРИХОДИ (РАСХОДИ) ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Приходи од дивиденди	1,073	990
Приходи по основ на камати	41	755
Приходи по основ на курсни разлики	2,074	895
Расходи за камати од кредити	(5,564)	(27,871)
Расходи за казнени и други камати	(1,575)	(2,891)
Курсни разлики	(1,591)	(2,407)
Вкупно нето приходи (расходи) од финансирање	**(5,542)**	**(30,529)**

15. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Бруто плати на вработени	137,112	126,070
Трошоци за надоместоци на вработените	14,710	14,351
Трошоци за службени патувања	6,991	34,443
Вкупно трошоци за вработени	**158,813**	**174,864**

16. ДАНОК ОД ДОБИВКА

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Добивка пред оданочување	**70,275**	**149,298**
Корекција за загуби на подружниците	9,766	41,652
Непризнаени расходи:		
Репрезентација	60,874	70,691
Надоместоци на трошоци на вработените	20,066	13,035
Трошоци за членови на Управен одбор	3,241	7,037
Даноци по задршка (одбивка)	895	721
Исправка на побарувања	555	17,033
Ненаплатени побарувања од заеми	750	-
Друго	8,039	7,765
Расходи кои не се поврзани со вршење на дејноста	3,192	-
Расходи кои произлегуваат од трансферни цени	537	-
Парични казни и пенали	30	933
Камати по заеми добиени од поврзано лице	1,518	2,400
Донации	2,346	2,809
Трошок за амортизација на основни средства	2,448	1,039
Трошоци за стипендии	64	176
Даночна основа	**184,596**	**314,589**
Други намалувања	(1,073)	-
Реинвестирана добивка и наплатени заеми од претходен период	(41,991)	(63,507)
Даночна основа	**141,532**	**251,082**
Пресметан данок од добивка од 10% (2019: 10%)	**14,153**	**25,108**
Други намалувања и зголемувања	(2,346)	(883)
Данок од добивка	**11,807**	**24,225**
Добивка пред оданочување	**70,275**	**149,298**
Ефективна даночна стапка	**16.80%**	**16.23%**

17. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Промени во текот на 2020 година:

	Земјиште и градежни објекти (000) МКД	Постројки и опрема (000) МКД	Останати основни средства (000) МКД	Инвестиции во тек (000) МКД	Вкупно (000) МКД
Набавна вредност					
Состојба на 1 јануари	**1,636,963**	**1,276,913**	**43,563**	**34,658**	**2,992,097**
Директни зголемувања	1,728	47,139	7,337	16,707	72,911
Пренос од инвестиции во тек	-	-	-	-	-
Продажба	-	-	(1,285)	-	(1,285)
Расход	-	(4,697)	-	-	(4,697)
Активирање на средства	-	-	-	-	-
Донација на средство	-	-	-	-	-
Останато	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември	**1,638,691**	**1,319,355**	**49,615**	**51,365**	**3,059,026**
Акумулирана амортизација					
Состојба на 1 јануари	**730,215**	**898,014**	**14,076**	**-**	**1,642,305**
Амортизација за годината	39,804	51,445	7,690	-	98,939
Други намалувања	-	-	-	-	-
Продажба	-	-	-	-	-
Расход	-	(4,541)	(1,285)	-	(5,826)
Останато		-			-
Состојба на 31 декември	**770,019**	**944,918**	**20,481**	**-**	**1,735,418**
Сегашна вредност на:					
31.12.2020 година	**868,672**	**374,437**	**29,134**	**51,365**	**1,323,608**
31.12.2019 година	**906,748**	**378,899**	**29,487**	**34,658**	**1,349,792**

Со состојба на 31 декември 2020 година, најголем дел од недвижен и подвижен имот на Друштвото е заложен како обезбедување за искористените краткорочни и долгорочни кредити, гаранции и акредитиви кај банките во Република Македонија, пред се кај Комерцијална банка АД Скопје, како најголема банка доверител на Друштвото.

Сите недвижности со кои располага Друштвото се користат за обавување на неговите

18. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Набавна вредност		
Состојба на 1 јануари	**22,031**	**15,991**
Набавки	850	3,463
Активирање на средства од инвестиции во тек	-	2,577
Расход	-	-
Состојба на 31 декември	**22,881**	**22,031**
Акумулирана амортизација		
Состојба на 1 јануари	**9,105**	**7,945**
Амортизација за тековна година	3,297	1,160
Расход	-	-
Состојба на 31 декември	**12,402**	**9,105**
Сегашна вредност на 31 декември	**10,479**	**12,926**

Нематеријалните средства во целост се состојат од купени лиценци или права кои се користат за обавување на дејноста на Друштвото.

19. ВЛОЖУВАЊА РАСПОЛОЖЛИВИ ЗА ПРОДАЖБА

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
а) котирачки домашни друштва		
Комерцијална Банка АД Скопје	16,919	15,411
ТТК Банка АД Скопје	209	240
Централна кооперативна банка АД Скопје	99	99
б) останати домашни друштва		
Македонска Банка АД Скопје во ликвидација	3,860	3,860
Илинден Делчево АД	1,061	1,061
Таска ПТП АД	159	159
Пакомак ДОО Скопје	652	652
УТП Унионмак АД	944	944
	23,903	**22,426**
Исправка на вредноста на вложувањата	(4,921)	(4,921)
	18,982	**17,505**
Вкупно вложувања	**18,982**	**17,505**

Вложувањата во домашните субјекти се под 20% од капиталот на овие друштво и истите имаат карактер на малцински учества. Менаџментот на Друштвото смета дека истите се расположливи за продажба.

Исправката на вредност на вложувањата се однесува на вложувањето во акции на Македонска банка АД во ликвидација во износ од 3,860 илјади МКД и Илинден Делчево АД во износ од 1,061 илјади МКД.

20. ЗАЛИХИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Материјали	45,413	50,015
Резервни делови	19,178	19,602
Ситен инвентар и амбалажа	38,635	35,586
Готови производи	898,990	1,021,844
Трговски стоки	90,657	53,270
Вкупно залихи	**1,092,873**	**1,180,317**

Со состојба на 31 декември 2020 година, Друштвото има заложено залиха на готови производи (вино) со вкупна вредност од 105,761 илјади МКД (2019: 602,494 илјади МКД).

21. ПОБАРУВАЊА ОД ПРОДАЖБА

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Купувачи во земјата	161,360	126,158
Купувачи во странство	295,396	260,410
Побарувања од дистрибутери на пијалоци-Македонија	63,092	36,334
Побарувања од дистрибутери на пијалоци-Скопје	33,525	34,959
Спорни побарувања во земјата	32,309	32,288
Спорни побарувања во странство	35,531	44,506
	621,213	**534,655**
Минус: Исправка на вредноста на купувачи во земјата	(49,321)	(49,321)
Минус: Исправка на вредноста на купувачи во странство	(36,632)	(45,140)
Вкупно побарувања од продажба	**535,260**	**440,194**
Промени во исправка на вредноста за годината:		
Состојба на 1 јануари	**94,461**	**77,298**
Нови сомнителни побарувања	476	
Наплати на сомнителни побарувања	-	-
Отписи	(8,984)	17,163
Курсни разлики	-	-
Состојба на 31 декември	**85,953**	**94,461**
Структура на побарувања по доспеаност:		
Недоспеани	209,477	174,826
Доспеани до 30 дена	57,685	107,634
Доспеани до 90 дена	72,560	46,030
Доспеани над 90 дена	281,491	206,165
Исправка на сомнителни побарувања	(85,953)	(94,461)
Вкупно побарувања од продажба	**535,260**	**440,194**

22. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Дадени аванси на добавувачи во земјата	18,946	30,841
Дадени аванси на добавувачи во странство	11,796	20,443
	30,742	**51,284**
Минус: Исправка на вредноста на побарувања за дадени аванси	(1,307)	(1,307)
Вкупно побарувања за дадени аванси	**29,435**	**49,977**

23. ДАДЕНИ КРАТКОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Долгорочни заеми:		
Вработени во Тиквеш АД Кавадарци	-	266
Вработени во Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ	1,390	3,284
	1,390	**3,550**
Краткорочни заеми:		
М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје	24,376	-
М-6 Еден СРБ ДОО Србија	19,968	16,583
М-6 Еден Логистика ДООЕЛ Скопје	21,604	21,309
М-6 Дистрибутивен центар Хрватска	-	8,887
Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ	-	1,931
Барово ДООЕЛ Скопје	18,793	12,489
Беким Аземи Тетово	1,504	1,504
Кат Кетеринг ДООЕЛ Скопје	1,655	1,655
Вработени во Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ	6,382	3,675
Лепово ДООЕЛ Кавадарци	10,971	5,330
Мегатон Продукција ДООЕЛ	1,600	1,600
Вработени во Тиквеш АД Скопје	920	1,054
Агровардарие ДООЕЛ	4,681	-
Аврамски ДООЕЛ	1,000	-
Гордана Аврамски	550	550
Други	422	422
Побарувања за камати од позајмици на вработени	-	-
	114,426	**76,989**
Минус: Исправка на вредноста на побарувања за дадени позајмици	-	(8,887)
	114,426	68,102
Вкупно дадени заеми	**115,816**	**71,652**

24. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ СРЕДСТВА И АВР

	(000) МКД	(000) МКД
Побарувања за ДДВ и данок од добивка	23,363	26,609
Побарувања за акциза	31	31
Останати побарувања од субјекти	1,293	1,293
Побарувања од вработените и други побарувања	5,205	8,580
Останати побарувања	2,056	1,647
Однапред платени трошоци	5,266	4,979
Вкупно останати краткорочни средства и АВР	**37,214**	**43,139**

25. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Денарски сметки кај комерцијални банки	14,594	11,618
Денарски акредитиви	-	-
Денарски благајни	99	59
Девизни сметки	43,545	5,620
Други парични еквиваленти	-	-
Вкупно парични средства	**58,238**	**17,297**

26. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

	2020 акции	2019 акции	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Обични акции	270,450	270,450	842,962	842,962
Приоритетни акции	-	-	-	-
Вкупно	**270,450**	**270,450**	**842,962**	**842,962**

Номиналната вредност на една акција изнесува 51.13 EUR.

Во текот на 2012 година издадените конвертабилни приоритетни акции на Фондот за ПИОМ се откупени од страна на доминатниот акционер М-6 ДОО Скопје и истите се конвертирани во обични акции на Друштвото.

Структурата на акционерскиот капитал со состојба на ден 31 декември 2020 година според евиденцијата на ЦДХВ е како што следува:

	31 декември 2020 година	
Акционери:	**Број на акции**	**% на Учество**
М-6 ДОО Скопје	216,589	80.08%
Останати помали акционери со под 5% од акциите	53,861	19.92%
Вкупно	**270,450**	**100.00%**

27. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Обврски спрема вработените за нето плати	7,393	6,892
Обврски спрема државата за давачки од плати	4,737	5,162
Обврски за камати по кредити	2	1,896
Обврски за ДДВ	7,270	10,368
Обврски за данок од добивка	1,857	4,646
Обврски за дивиденди	2,777	2,777
Останати обврски спрема вработените	-	-
Обврска за акцизни маркички	9,340	5,661
Обврски за царински давачки	7,557	11,557
Други	9,480	8,080
Вкупно останати краткорочни обврски и ПВР	**50,413**	**57,039**

28. ОДЛОЖЕНИ ПРИХОДИ ОД ГРАНТОВИ

Салдото на разграничени грантови се состои од добиени помошти во вид на грант од следните институции:

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој		
(Проект: ИПАРД програма - реконструкција на објект вријалница за вино)	14,362	17,450
Влада на Република Северна Македонија		
(Проект: Европска Унија програма - развој на еногастро туризам - Искуси ја Македонија)	4,560	-
	18,922	**17,450**
Промени во текот на годината:		
Состојба на 1 јануари	**17,450**	**20,538**
Нови грантови	4,560	-
Ослободување на приходи (белешка 10)	(3,088)	(3,088)
Состојба на 31 декември	**18,922**	**17,450**

29. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ ПО КРЕДИТИ И НАЕМИ

	Валута	Начин на отплата	Каматна стапка	Обезбедување	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Кредити и наеми од:						
Комерцијална Банка АД Скопје	ЕУР	19 тримесечни рати до 04м/2025	4% годишно фиксна	гаранција и залог	115,676	122,971
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	48 месечни рати до 6м/2023	3.03% годишно	хипотека и залог	25,208	28,646
Комерцијална Банка АД Скопје	ЕУР	48 месечни рати до 11м/2024	3% годишно фиксна	гаранција и залог	25,511	26,736
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	39 месечни рати до 01м/2024	3.03% годишно	хипотека и залог	24,167	26,667
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	35 месечни рати до 09м/2023	3.03 % годишно	хипотека и залог	20,833	23,333
НЛБ Банка АД Скопје	МКД	48 месечни рати до 11м/2022	5.2% годишно	хипотека	6,873	9,060
РБСМ АД Скопје	МКД	18 месеци до 01м/2020	2% годишно фиксна	гаранција	-	3,780
НЛБ Банка АД Скопје	ЕУР	10 тримесечни рати до 10м/2020	3.5% годишно	хипотека	4,010	15,987
С-лизинг ДОО Скопје	ЕУР	48 месечни рати најдоцна до 07м/2024	6м.Еурибор	купена опрема	15,753	12,830
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	60 месечни рати до 10м/2025	3.23 % годишно	хипотека и залог	15,878	16,830
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	64 месечни рати до 02м/2026	2.83% годишно	хипотека и залог	94,088	99,315
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	40 месечни рати до 02м/2024	2.83% годишно	хипотека и залог	15,000	15,000
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	46 месечни рати до 08м/2024	2.83% годишно	хипотека и залог	123,000	123,000
РБСМ АД Скопје	МКД	18 месеци до 04м/2021	2% годишно фиксна	гаранција	17,980	26,971
Комерцијална Банка АД Скопје	МКД	119 месечни рати до 09м/2030	2.51% годишно	хипотека и залог	74,417	74,417
М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје	ЕУР	3 еднакви годишни рати	/	/	2,354	-
					580,748	**625,543**
Тековен дел на долгорочни кредити и наеми					(73,000)	(187,142)
Вкупно					**507,748**	**438,401**

Сите кредити искористени од Комерцијална банка се одобрени врз основа на Договор за рамковен револвинг кредит лимит на износ од 15,000,000 ЕУР, со рок на важење до 09.05.2024 година, при што како обезбедување е даден залог на недвижниот и подвижен имот на Друштвото, 14,000 обични акции на М-6 ДОО во Друштвото, наменски депозити на М-6 ДОО Скопје, како и дел од залихите на готови производи (вино).

Согласно Ковид мерките воведени од страна на НБРСМ, извршено е одложување на плаќањето на главницата и каматата по основ на кредити. Отплатата ќе се врши согласно ново издадените амортизациони планови.

Доспевањето на долгорочните кредити и наеми е како што следува:	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Во рок од една година	73,000	187,142
Во рок над една до пет години	464,922	397,056
Над 5 години	42,826	41,345
	580,748	**625,543**

30. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Обврски спрема индивидуалните производители на грозје	69,949	72,201
Обврски спрема М-6 Аграр ДООЕЛ	47,652	43,527
Обврски спрема останатите добавувачи во земјата	228,129	219,663
Обврски спрема добавувачи во странство	171,035	151,028
Обврски за нефактурирани стоки, материјали и услуги	77	77
Обврски за примени аванси	4,452	5,041
Вкупно обврски спрема добавувачи	**521,294**	**491,537**

31. КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ И ПОЗАЈМИЦИ

		2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Комерцијална Банка АД Скопје	(а)	40,000	40,000
Вкупно краткорочни кредити		**40,000**	**40,000**

(а) Договор со Комерцијална Банка АД Скопје на износ од 40,000 илјади МКД, со рок на враќање до 12 месеци и каматна стапка од 3.65% годишно. Кредитот е обезбеден со воспоставено заложно право на недвижен имот и на залиха на вино по договор за рамковен лимит со Банката. Во текот на 2020 година, Друштвото има склучено Анекс за продолжување на рокот на враќање до Мај 2021 година.

32. ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

Пресметката на основната заработувачка по акција е како што следува:

а) основна заработувачка по акција

	2020 (000) МКД	2019 (000) МКД
Нето добивка расположива на акционерите	58,468	125,073
Дивиденда на приоритетни акции	-	-
Корегирана Нето добивка	**58,468**	**125,073**

	број на акции 2020	2019
Пондериран просечен број на обичните акции		
Издадени обични акции на 1 јануари	**270,450**	**270,450**
Конвертирани приоритетни акции во обични акции	-	-
Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември	**270,450**	**270,450**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**216**	**462**

Со оглед на фактот дека во текот на 2012 година издадените конвертабилни приоритетни акции на Фондот за ПИОМ се откупени од страна на доминатниот акционер, Друштвото нема повеќе издадено конвертабилни сопственички инструменти и не се пресметува разводнета заработувачка по акција.

33. ДИВИДЕНДА ПО АКЦИЈА

Во текот на 2020 и 2019 година, Друштвото согласно одлуките на Собранието на акционери нема издвоено дел за дивиденди на обичните акции.

34. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

а) Дадени хипотеки на својот имот

Друштвото има дадено хипотеки на својот имот како обезбедување на плаќање спрема банките и други друштва за следните превземени обврски:

Хипотекарен доверител	Објект/Имот	Обезбедување за:
Комерцијална Банка АД Скопје	опрема, недвижности и залиха	рамковен револвинг кредит-лимит во износ од 15,000,000 Евра, со рок до 09.05.2024 година
НЛБ Банка АД Скопје	опрема, недвижности и залиха	Договор за рамковен револвинг кредит лимит од 1,500,000 EUP
Шпаркасе Банка АД Скопје	опрема	Договори за рамковен револвинг кредит лимит во вкупен износ од 3,865,000 EUP и Договор за деловна соработка на износ од 246,000,000 МКД
Охридска Банка АД Скопје	опрема	Договор за платежна банкарска гаранција во износ од 500,000 EBP

Проценетата вредност на заложениот имот и опрема се утврдени од страна на банките доверители.
Рамковните кредити во НЛБ Банка АД Скопје, Охридска Банка АД Скопје и Шпаркасе Банка АД Скопје се искористени за обезбедување на договори за пристапување кон долг на поврзани лица (белешка 34б).

б) Дадени гаранции

Друштвото има добиено една гаранција од Комерцијална банка АД во износ од 4,500 илјади МКД, дадена во корист на еден добавувач со важност до 31.01.2021 година.

Со состојба на 31 декември 2020 година, Друштвото има искористено банкарски гаранции издадени од Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 71,000 илјади МКД заради обезбедување на плаќање на царински долг и тоа 25,000 илјади МКД со рок на наплата до 30.12.2021 година; 2,000 илјади МКД со рок на наплата до 03.09.2021 година и 44,000 илјади МКД со рок на наплата до 01.04.2022 година.

Со состојба на 31 декември 2020 година, Друштвото има искористено банкарски гаранции издадени од Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 27,501 илјади МКД заради обезбедување на банкарски кредит од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје со рок на наплата до 25.01.2022 година (Белешка 29).

34. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ (Продолжение)

б) Дадени гаранции (Продолжение)

Со состојба на 31 декември 2020 година, Друштвото има склучено договори за пристапување кон долг на други друштва во вкупен износ од 901,524 илјади МКД спрема доверители банки со рокови на доспевање од 2022 до 2030 година.

в) Судски спорови

Друштвото се јавува како тужител во поголем број на судски постапки кои произлегуваат од редовното работење на Друштвото. Вкупниот износ на вакви тужби во корист на Друштвото на 31 декември 2020 година изнесува 159,402 илјади МКД од кои 34,426 илјади МКД се добиени судски предмети и предадени на извршување во корист на Друштвото. Неизвесни средства не се признаваат.

Од друга страна, Друштвото се јавува како тужена странка во повеќе судски спорови, во вкупен износ од 14,544 илјади МКД по основ на долгови и надомест на штета. Во текот на 2016, Друштвото има извршено резервирање за судски спорови за кои смета дека се веројатни идни одливи на средства во вкупен износ од 14,029 илјади МКД. Менаџментот на Друштвото согласно проценката на правните застапници смета дека за останатите судски спорови не постои можност за значајни одливи на средства во иднина од овие судски спорови.

35. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

	31 декември 2020 година	
Побарувања и обврски од:	**Побарувања**	**Обврски**
М-6 ДОО Скопје	-	493
М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје	3,559	50,006
М-6 Инвестиции ДООЕЛ Скопје	-	6,600
М-6 Едукативен центар ДООЕЛ Скопје	-	-
М-6 Монтенегро Дистрибутивен Црна Гора	-	-
Гепластик ДОО Гевгелија	-	-
М-6 Дистрибутивен центар Хрватска	-	-
Барово ДООЕЛ Скопје	18,793	-
Лепово ДООЕЛ Скопје	32,551	-
Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ	-	807
Вкупно побарувања и обврски со поврзани субјекти	**54,903**	**57,906**

	31 декември 2019 година	
Побарувања и обврски од:	**Побарувања**	**Обврски**
М-6 ДОО Скопје	-	292
М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје	3,149	43,527
М-6 Инвестиции ДООЕЛ Скопје	-	2,542
М-6 Едукативен центар ДООЕЛ Скопје	57	1,003
М-6 Монтенегро Дистрибутивен Црна Гора	8,974	-
Гепластик ДОО Гевгелија	23	517
М-6 Дистрибутивен центар Хрватска	9,026	-
Барово ДООЕЛ Скопје	12,501	-
Лепово ДООЕЛ Скопје	20,555	-
Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ	1,931	-
Вкупно побарувања и обврски со поврзани субјекти	**56,216**	**47,881**

	31 декември 2020 година	
Приходи и расходи со:	**Приходи**	**Расходи**
М-6 ДОО Скопје	-	9,525
М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје	2,319	23,912
М-6 Инвестиции ДООЕЛ Скопје	699	9,600
М-6 Едукативен центар ДООЕЛ Скопје	40	405
М-6 Монтенегро Дистрибутивен Црна Гора	-	-
Барово ДООЕЛ Скопје	2,734	20,752
Гепластик ДОО Гевгелија	-	-
М-6 Дистрибутивен центар Хрватска	-	139
Лепово ДООЕЛ Скопје	12,834	-
Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ	2	21,834
Вкупно приходи и расходи	**18,628**	**86,167**

35. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ (Продолжение)

	31 декември 2019 година	
Приходи и расходи со:	**Приходи**	**Расходи**
М-6 ДОО Скопје	-	9,083
М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје	-	15,077
М-6 Инвестиции ДООЕЛ Скопје	-	7,300
М-6 Едукативен центар ДООЕЛ Скопје	31	540
М-6 Монтенегро Дистрибутивен Црна Гора	-	-
Барово ДООЕЛ Скопје	53	5,278
Гепластик ДОО Гевгелија	-	-
М-6 Дистрибутивен центар Хрватска	-	-
Лепово ДООЕЛ Скопје	8,161	-
Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ	-	21,243
Вкупно приходи и расходи	**8,245**	**58,521**

Друштвото е поврзано со своето матично друштво М-6 ДОО Скопје, со своите подружници, со останатите акционери кои имаат значајно учество од над 5% од акциите со право на глас, како и со останатите друштва кои се поврзани и контролирани од страна на матичното друштво.

Друштвата М-6 Аграр ДООЕЛ, Барово ДООЕЛ, М-6 Инвестиции ДООЕЛ, М-6 Едукативен центар ДООЕЛ, М-6 Дистрибутивен центар Црна Гора, М-6 Дистрибутивен центар Хрватска и Гепластик ДОО се друштва кои се капитално поврзани и контролирани од страна на матичното друштво М-6 ДОО Скопје и по тој основ се поврзани со ВВ Тиквеш АД Скопје.

Обврските спрема матичното друштво М-6 ДОО Скопје во износ од 493 илјади МКД потекнуваат од искористени услуги во текот на 2020 година.

Обврските спрема друштво М-6 Аграр ДООЕЛ Скопје, кое е во целосна сопственост на матичното друштво М-6 ДОО Скопје во вкупен износ од 50,006 илјади МКД потекнуваат од неплатени обврски за купено грозје во вкупен износ од 47,652 илјади МКД и 2,356 илјади МКД останати долгорочни обврски.

Обврските спрема друштвата М-6 Инвестиции ДООЕЛ и Тиквеш Продажба и дистрибуција ДООЕЛ потекнуваат од искористени услуги во текот на 2020 година.

36. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По датумот на составување на Извештајот за финансиска состојба, во текот на јануари и февруари 2021 година, Друштвото има искористено банкарски гаранции издадени од Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 51,690 илјади МКД заради обезбедување на плаќање на царински долг и тоа 4,500 илјади МКД со рок на наплата до 31.01.2021 година; 1,190 илјади МКД со рок на наплата до 11.02.2022 година и 46,000 илјади МКД со рок на наплата до 01.07.2022 година. Исто така, Друштвото има дадено гаранција во вид на пристапување кон долг кон трето друштво Вина од Македонија во износ од 1,800 илјади МКД во корист на една банка.

Глобалната пандемија предизвикана од новиот коронавирус (КОВИД 19), која беше прогласена од стана на СЗО во март 2020 година, рапидно се развиваше во текот на 2020 година, со значителен број на случаи. Мерките кои беа превземени од Владата за да го спречи ширењето на вирусот во голема мера влијаеа на економската активност.

Раководството превзеде мерки за следење и ублажување на ефектите од КОВИД 19, вклучувајќи мерки за безбедност и заштита на здравјето на вработените и смета дека пандемијата има влијание врз работењето на Друштвото и резултатите од работењето, но не и на ликвидноста и солвентноста на Друштвото.

Со оглед на фактот дека пандемијата сеуште не е завршена, врз основа на досегашното искуство, раководството смета влијанието во овој момент не е практично да се процени со оглед дека развојот на настаните е крајно непредвидлив, а исто така неможат да се предвидат и мерките од здравствен и економски карактер, кои би ги донеле властите или регулаторните тела, заради ублажување на ефектите од пандемијата.

- **Предлог - одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС СКОПЈЕ со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година.**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година на Завршната сметка и на резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - КАВАДАРЦИ за 2020 година.

2.Составен дел на Одлуката е Извештајот од извршената контрола на завршната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година на Завршната сметка и на резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт - АД - Кавадарци за 2020 година.

3.Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

ВВ ТИКВЕШ АД СКОПЈЕ



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2020 ГОД.

Април 2021

Содржина Страна

1. Вовед 3.
2. Преглед на извршени ревизии во текот на 2020 4.
3. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола 8.
4. Наоди, предложени мерки и нивно спроведување 9.
5. Останати активности на внатрешната ревизија 9.

1.ВОВЕД

Врз основа на член 415 в од Законот за трговски друштва, Службата за внатрешна ревизија изготви Годишен извештај за своето работење во текот на 2020 година и го достави на разгледување и одобрување на Надзорниот одбор на Друштвото. Службата за внатрешна ревизија на ВВ Тиквеш има основна цел да обезбеди независно и објективно мислење до Надзорниот одбор и Управниот одбор за ризиците кои произлегуваат од клучните области во работењето.

Во текот на извршување на своите активности, Службата за внатрешна ревизија, тежнееше да обезбеди објективна независна оценка на адекватноста на внатрешните контроли. Со тоа постигнува ефикасно извршување на работните процеси и истите да се во согласност со интерните политики, процедури и законска регулатива како и со целите на Деловната политика на Друштвото.

Извештајот за работењето на Внатрешната ревизија согласно одредбите во споменатите акти ги содржи следните информации:

-Преглед на извршени ревизии во текот на 2020;

-Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;

-Наоди, предложени мерки и нивно спроведување;

-Останати активности на внатрешната ревизија во текот на периодот за кој се однесува овој извештај;

2.Преглед на извршени ревизии во текот на 2020 година

Во текот на изминатата година, Службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно Планот за работењето на Внатрешната ревизија за 2020 година, која се базираше на оценка на степенот на ризичност, значење на областа која се ревидира, како и промените што се извршени во самите работни процеси.

При тоа настојуваше да бидат контролирани сите организациски делови (сектори, служби и работни места –извршители) и работни процеси кои беа опфатени во годишниот план.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упатство и процедурите усогласени со стандардите за професионална примена на внатрешната ревизија.

Како појдовна точка за работењето на интерната ревизија во ВВ Тиквеш за 2020 година беше усвојување на годишниот план за работа од страна на Надзорниот одбор.
Исто така во првиот кваратал од страна на интерниот ревизор беше доставено барање до сите секторски раководители да ги достават своите пишани процедури кои преставуваат појдовна основа за работа на внатрешната ревизија. Во третиот квартал беше изработен полугодишен Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија и усвоен од страна на Управен одбор.

Во периодот јануари-декември 2020 година реализирани се следните ревизии по оделни области за работењето на Друштвото:

Преглед на извршени ревизии во текот на 2020 година

Ред.Бр.	Реализирани интерни ревизии за 2020	Период во 2020
1.	Процедура за мониторинг на лозови насади	Јануари
2.	Процедура за преработка на грозје и производство на наливно вино	Јануари
3.	Процедура за обработка, финализирање, полнење и складирање на вино и жестоки пијалоци	Јануари
4.	Прирачник на управување	Јануари
5.	Процедура преглед на раководство	Јануари
6.	Процедура за одредување контекст на организацијата	Јануари
7.	Процедура за управување со ризици и можности	Јануари

8.	Процедура за контрола на документи	Јануари
9.	Процедура за контрола на записи	Јануари
10.	Процедура за интерни проверки	Јануари
11.	Процедура за неусогласен производ и корективна мерка	Февруари
12.	Процедура за обука	Февруари
13.	Процедура за контрола и испитување	Февруари
14.	Процедура за планирање продажба и маркетинг	Февруари
15.	Процедура за припрема на мостри и дегустација	Февруари
16.	Процедура за Е.Н. Производи и услуги набавка	Февруари
17.	Процедура за одржување и калибрација на опрема	Февруари
18.	Процедура за финансии	Февруари
19.	Процедура за складирање и испорака	Февруари
20.	Процедура за идентификација и вреднување на аспектите на животната средина	Февруари
21.	Процедура за оперативна контрола	Март
22.	Процедура за мониторинг на мерења на еко аспекти	Март
23.	Процедура за опасни ситуации	Март
24.	Процедура за ракување со опасни материи	Март
25.	Процедура за енергенти во котлара	Март
26.	Процедура за заштита од пожар	Март
27.	Процедура за хигиена и заштита	Март
28.	Процедура за повлекување	Март
29.	Тестирање на сите упаства кои се однесуваат на производство	Март
30.	Процедура за склучување на договори	Април
31.	Процедура за закони и нормативи	Април

32.	Процедура за комуникација	Април
33.	Процедура за планирање и развој на нов производ	Април
34.	Процедура за лансирање на нов производ	Април
35.	Процедура за рекламен матријал	Април
36.	Процедура за службени патувања	Мај
37.	Процедура за користење на службени автомобили и приватни автомобили за службени цели	Мај
38.	Процедура за службени мобилни телефони	Мај
39.	Процедура за репрезентација, спонзорство, корпоративни активности, деловно гостопримство	Мај
40.	Процедура за прераспоредување на работно време	Мај
41.	Процедура-Одобрување трошоци за извозни пазари	Јуни
42.	Процедура за прием и уништување плутени затворачи	Јуни
43.	Процедура за нормирање на крш/растур	Јуни
44.	Кредитна политика	Јуни
45.	Постапка за тек на влезни финансиски документи	Јуни
46.	Постапка за контрола и верификација на излезни фактури	Јуни
47.	Процедура за спроведување на денарски и девизни налози за плаќање во банки	Јуни
48.	Тест процес на набавки	Јули/Август/Септември
49.	Тест класа 4 (трошоци)	Јули/Август/Септември
50.	Тест класа 3 (набавка на материјали)	Јули/Август/Септември
51.	Тест класа 0 (основни средства)	Јули/Август/Септември
52.	Постапка за набавка за гостински ресторан	Јули/Август/Септември
53.	Процедура за прием, складирање и издавање на намирници во ресторан	Јули/Август/Септември
54.	Процедура за планирање и усвојување на Ценовник	Јули/Август/Септември

55.	Постапка за потребна документација за апликација на акцизни маркици	Јули/Август/Септември
56.	Процедура за одобрување на меморандуми за соработка и за откуп на грозје, утврдување на цени за откуп на грозје и дополнителни количини на грозје кои се надвор од одобрениот оперативен план за берба	Јули/Август/Септември
57.	Ревизија на Друштвото М6 Тиквеш Белград	Јули/Август/Септември
58.	Тест конфирмирање на салда	Октомври/Ноември
59.	Тест парични средства	Октомври/Ноември
60.	Тест ДДВ	Октомври/Ноември
61.	Тест конфирмации на добавувачи	Октомври/Ноември
62.	Тест конфирмации на купувачи	Октомври/Ноември
63.	Тест кредити депозити и лизинг	Октомври/Ноември
64.	Тест процес реализација	Октомври/Ноември
65.	Тест процес залихи	Ноември/Декември
66.	Тест процес плати	Ноември/Декември
67.	Процедура за евиденција на работно време и отсуства	Ноември/Декември
68.	Процедура за боледувања	Ноември/Декември
69.	Процедура за управување со учинок на раководителите	Ноември/Декември
70.	ИТ Ревизија	Ноември/Декември

Извештаите за извршените ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Преседател на Управен Одбор, Надзорен одбор и до раководителите на Секторот во кој се врши ревизија.

Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки , рокови, одговорни лица за имплементација на дадените препораки.

Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статусот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

3.Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола

Внатрешната контрола е континуиран процес кој се изведува во сите нивоа во Друштвото од страна на раководните тела, менаџментот и сите вработени и е дизајнирана да обезбеди рационално осигурување за остварување на следните цели:

- Ефикасен мониторинг и контрола на ризиците поврзани со активностите;
- Заштита на вредноста на средствата т.е. максимизирање на вредноста на Друштвото
- Подготовка на точни финасиски извештаи
- Пораст на ефикасноста на активностите
- Усогласеност на интерните политики на Друштвото со Законот и регулативата на Друштвото

Во проценката на адекватноста и ефикаснстоста на внатрешните контролни системи во ревидираните процеси и активности во 2020, Внатрешната ревизија ги заснова своите активности на најзначајните компоненти и цели на системите за внатрешна ревизија:

- Дали ревидираните процеси и активности се регулирани со внатрешни политики и процедури и дали истите усогласени со регулативата и со стнадардите на Друштвото
- Дали е воспоставена правилна поделба на овластувања и одговорности во рамки на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија
- Дали има ефикасен систем на комуникација на различни нивоа за да се осигура разбирањето и соодветната апликација на политиките и процеурите во секојдневните активности
- Дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на Друштвото
- Дали системските контроли во апликативните решенија се доволно, сигурни и безбедни да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците од работењето
- Дали системот на интерна контрола во Друштвото овозможува препознвање и проценка на значајните ризици на кои е изложено Друштвото

Мислење:

Внатрешната ревизија го потврдува стекнатото разумно убедување дека интерниот контролен систем на Друштвото е во најголем дел адекватно имплементиран во насока на минимизирање на значајните материјални ризици и ефикасно и доследно спроведување на законската регулатива и процедури на Друштвото.

Ова мислење се издава врз основа на извршените поединечни ревизии во текот на 2020 година, од изведените ревизорски докази врз основа на контрола на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал, избран по случаен избор од сите ревидирани процеси.

Идентификуваните наоди/препораки се прифатени од Одборот на управување и менаџментот и во тек е нивна имплементација . Службата за внатрешна ревизија ја следи имплементацијата на дадените препораки.

4.Наоди,предложени мерки и нивно спроведување

Наодите, препораките и статусот беа детално презентирани во извештаите на Внатрешната ревизија кои во текот на годината беа редовно доставувани и разгледувани од страна на Надзорниот Одбор на Друштвото и истите беа прифатени. Исто така согласно усвоената Процедура, Службата за Внатрешна ревизија редовно ја следеше имплементацијата на предложените препораки и согласно добиените одговори редовно ги известуваше наведените органи на Друштвото. Сознанијата со кои се здоби Внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат, а за дел имплементацијата е во тек. Во однос на доставување на одговор за реализација на препораките предложени во извештаите издадени во текот на оваа година забележано е незначително задоцнување, што укажува на подобрување на одговорните лица во Друштвото.

5.Останати активности

- Консултанстски активности

Во текот на 2020 година Службата за внатрешна ревизија беше ангажирана во давање на независни и објективни мислења за одредени прашања на раководните лица и на вработените во Друштвото. Службата за внатрешна ревизија исто така изработи акционен план, работни листови, прашалници за секоја ревизија поединечно покрај ова вршеше мониторинг на измените на законските прописи. Исто така службата имаше соработка со консултанти од кои беа добивани насоки по одредени стручни прашања.

- Едукација и обука

Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 интерниот ревизор како член на Институтот за интерни ревизори, посетуваше семинири за континуирана обука организирани од Институтот на интерни ревизори на РМ во соработка со професионални домашни и странски институции. Покрај ова остварена е посета на Меѓународна конференција која исто така беше организирана од институтот за интерни ревизори.

- Годишен план 2021

Во текот на декември 2020 година беше изготвен планот за 2021 година кој подоцна е одобрен од Надзорниот одбор на Друштвото.

Интерен ревизор:

Илија Хаџи-Ангелески

◆ **Предлог одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за резултатите од работењето на друштвото во 2020 година**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија
во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2020 година.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Акционерско друштво за производство и промет на
вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр 0202-708/11
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

ИЗВЕШТАЈ
НА УПРАВЕН ОДБОР НА ВВ ТИКВЕШ АД- КАВАДАРЦИ
2020 година

ВИНАРСКА ВИЗБА–ТИКВЕШ АД–Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седум) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (пет) членови од кои 2 (два) независни членови во Надзорниот одбор. Во 2020 година членови на Управниот одбор се Светозар Јаневски - претседател и членовите Снежана Славкова, Мате Настески, Љупчо Крстевски, Џон Кирил Јоновски, Искра Клинкарова и Радош Вукиќевиќ - Генерален директор.

Управниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2020 година работеше на седници. Има одржано 11 седници на кои беа водени расправи и дискусии и беа донесени голем број одлуки и заклучоци за работење на друштвото и тоа:

1. Седница 03.01.2020 година

Т.1. Донесување Одлука за давање согласност за разрешување и именување Управител во Друштвото за храна, кетеринг и туризам ТИКВЕШ - ВИНСКИ ТУРИЗАМ ДООЕЛ Кавадарци

2. Седница 31.01.2020 година

Т.1.Разгледување и усвојување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија – четврт квартал 2019 година.
Т.2. Донесување Одлука за корекции на плати за вработени во друштвото.

3. **Седница 24.02.2020 година**

Т.1. Донесување Одлука за купопродажба на три трактори за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

4.Седница 13.03.2020 година

Т.1. Усвојување на резултати од пописот на имотот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – Кавадарци со состојба 31.12.2019 година

5. Седница 13.03.2020 година

Т.1.Разгледување, усвојување и донесување на Деловниот план за работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ за 2020 година.
Т.2. Усвојување завршна сметка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.
Т.3.Донесување Одлука за набавка на барици за црвено вино од реколатата 2019 година
Т.4. Донесување Одлука за Адаптација на Дегустациона сала во Кетеринг којната во друштвото
Т.5. КОМЕРЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВИНО ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ АД КАВАДАРЦИ - за пазарот во Република Македонија -
Т.6. Донесување на Одлука за продажба на два трактори за потребите на Друштвото за производство и трговија на вино, ракија, оцет и останати алкохолни и безалкохолни пијалаци ЛЕПОВО ДООЕЛ Скопје.
Т.7. Донесување Одлука за купопродажба на две моторни возила за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

Т.8. Донесување Одлука за купопродажба - лизинг на 2 моторни возила за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД – Кавадарци

Т.9. Информација за Измени и дополнувања на Правилникот за работа и организациона структура на Службата за внатрешна ревизија донесени со Одлука на Надзорен одбор за организирање на службата број 0203 – 104/3 од 31.01.2011 година.

6. Седница 30.04.2020 година

Т.1. Разгледување и усвојување на резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година

Т.2. Разгледување и користење на економски мерки на Владата за справување со кризата на КОВИД - 19

Т.3. Разгледување и проекција на биланс на успех за период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година

7. Седница 19.06.2020 година (дописна)

Т.1. Назначување на лица одговорни за берба во Винарска визба Тиквеш АД Кавадарци за 2020 година

Т.2. Промена на цени на производи од асортиманот на Винарска визба Тиквеш АД Кавадарци за пазарите во Р. Хрватска

Т.3. Одобрување и имплементација на Проектот за поставување на електронски ваги

Т.4. Донесување Одлука за продажба на три трактори за потребите на БАРОВО ДООЕЛ Скопје, АГРОВАРДАРЕИЕ ДООЕЛ Гевгелија и М-6 АГРАР Скопје.

Т.5. Донесување Одлука за купопродажба на земјоделско возило - комбајн New Holland *9070LS* за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

8. Седница 26.08.2020 година

Т.1.Разгледување материјали за работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ за 2019 година и тоа:

1.1.Годишен Извештај за остварените резултати од работење на ВВ ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ во 2019 година и Одлука распределба на остварената добивка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, за 2019 г.,

1.2. Извештај од извршена контрола на завршната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.

1.3.Извештај на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.

1.4.Извештај за работата на Управниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2019 година.

Т.2.Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - КАВАДАРЦИ за 2020 год.

Т.3.Измени и дополнувања на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Т.4 Отповикување и избор на два члена на Надзорниот Одбор на Винарска визба ТИКВЕШ АД Кавадарци

Т.5.Одлука за склучување Договори за пристапување кон долгови по одобрени кредити на Комерцијална банка а.д. Скопје на корисникот на кредити Трговското друштво за земјоделие и лозарство М - ШЕСТ АГРАР ДООЕЛ, Скопје и на давателот на кредит НЛБ БАНКА АД Скопје на корисникот на кредит М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.

Т.6. Закажување Годишно Собрание на акционерите на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци со утврдување на Дневен ред за работа на Годишното Собрание.

Т.7. Разгледување на резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 01.01.2020 година до 31.07.2020 година

Т.8.Разгледување и усвојување полугодишен Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија - 2020 година.

Т.9. Одлука за благајнички максимум на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Т.10. Одлука за усвојување материјали и проекти елементи од CAPEX 2020:

1. Проект: Реконструкција на ТЕРМО Хала во Производство -47.000 €
2. Проект: реконструкција на ладилен систем во Финализација и жестоки ----------55.983€
3. Санација на Бафер танка ----------2.265 €
4. Етикетирка за самолепливи акцизни маркици ----------21.700 €

ВКУПНО: ----------126.948 €,

Т.11. Донесување одлука за набавка на буриња: за жестоки пијалаци во вредност од 8.756,00 € и буриња за вино во вредност од 35.088,80 €.

Т.12. Измени на годишниот Договор за купопродажба и дистрибуција на производи од асортиманот на ВВ Тиквеш АД - Кавадарци

Т.13.Процедура за иницирање и одобрување трошоци за извозни пазари.

Т.14. Одлука за донесување на ДМС-м (Document Management System) за спроведување Преднабавка/Набавка/Контрола на реализирана набавка преку Нивоа на одобрување.

9. Седница 02.07.2020 година (дописна)

Т.1. Донесување одлука за набавка на моторни возила.

10.Седница 05.08.2020 година

Т.1.Одлука за донесување Оперативен план за Берба 2020 година.

11. Седница 23.12.2020 година

Т.1.Разгледување и усвојување на Информацијата за резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци во периодот од 01.01.2020 година до 30.11.2020 година

Т.2. Донесување на Одлуки за попис на средствата и обврските и формирање на комисии за пописи со состојба на 31.12.2020 година.

Т.3. Информација за набавка со купопродажба на опрема одобрена согласно Годишниот деловен план - CAPEX 2020

Т.4. Донесување одлука за продажба на патничко моторно возило

Т.5. Донесување Одлука за набавка со купопродажба на возило - багер за потребите на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

Т.6. Донесување одлука за купопродажба - лизинг на две моторни возила за потребите на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

Т.7. Донесување одлука за одобрување на набавка на наливно вино

Т.8. Донесување Одлука за одобрување на еднократна исплата на средства на вработен и отстапување на опрема

Т.9. Донесување Одлука за доделување награди за посебно извршени дополнителни работи

Т.10. Разгледување и усвојување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија - трет квартал 2020 година и Годишен план за ревизија за 2021 година.

ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци
Претседател на Управен Одбор

Светозар Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на
вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт А.
Бр 0203-709/11
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ВВ ТИКВЕШ АД- КАВАДАРЦИ 2020 година

ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седум) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (пет) членови од кои 2 (два) члена се независни членови во Надзорниот одбор. Во 2020 година членови на Надзорниот одбор се Ратко Чадиковски - Претседател, Тихомир Атанасовски - член, Братољуб Раичковиќ – независен член на кого му е престанат мандатот, Миле Бундовски – независен член, Светлана Пендаровска – член на која е престанат мандатот, Борче Илиоски – ново избран член и Христина Ружиновска - ново избран независен член.

Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци 2020 година работел на седници. Во 2020 година има одржано 5 седници на кои беа водени низа дискусии, донесени одлуки и заклучоци за работењето на друштвото и тоа:

1. Седница 17.02.2020 година

Т.1. Разгледување, усвојување Информација за резултати во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци период 01.01.2019 г. до 31.12.2019 г.

Т.2. Разгледување, усвојување Извештај за обврските на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци кон банки состојба до 31.12.2019 година и Извештај за обврски на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци кон добавувачи во земјата и странство, обврски према лозари за откупено грозје, позајмици и други обврски, како и побарувања од Купувачи од РМ и други купувачи од земји во кои ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци продава производи со состојба на до 31.12.2019 година.

Т.3.Разгледување и усвојување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија – четврт квартал 2019 година.

Т.4. Разгледување и одбрување Годишен план за работење на Службата за внатрешна ревизија - 2020 година.

Т.5.Одобрување зделка со заинтересирана страна по Договор за деловна соработа меѓу ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ АД – Кавадарци и Друштвото за производство и трговија со грозје, вино и останати алкохолни и безалкохолни пијалоци БАРОВО ДООЕЛ Скопје.

Т.6. Избор на член во Управен одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ – **АД** – Кавадарци.

2. Седница 19.05.2020 година

Т.1. Разгледување и одобрување на резултатите од пописот на имотот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ состојба 31.12.2019 година

Т.2.Разгледување и одобрување на завршната сметка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.

Т.3. Разгледување и одобрување на донесениот Деловен план за работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ за 2020 година.

Т.4. Разгледување на резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година

Т.5. Разгледување и проекција на биланс на успех за период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година

Т.6. Разгледување на Извештај за обврските на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци кон банки состојба до 31.03.2020 и Извештај за обврски на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци кон добавувачи во земјата и странство, обврски према лозари за откупено грозје, позајмици и други обврски, како и побарувања од Купувачи од РМ и други купувачи од земји во кои ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци продава производи со состојба до 31.03.2020 година.

Т.7.Разгледување и усвојување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија – прв квартал 2020 година.

Т.8. Донесување на Измени и дополнувања на Правилникот за работа и организациона структура на Службата за внатрешна ревизија донесени со Одлука на Надзорен одбор за организирање на службата број 0203 – 104/3 од 31.01.2011 година.

Т.9.Одобрување зделки со заинтересирани страни по:

- Договор за пристапување кон долг помеѓу Комерцијална банка а.д. Скопје и ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ АД – Кавадарци за одобрен кредит на М – 6 ЕДЕН ЛОГИСТИКА ДООЕЛ, Скопје на износ од 17.800.000,00 денари;
- Договор за пристапување кон долг помеѓу Комерцијална банка а.д. Скопје и ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ АД – Кавадарци за одобрен кредит на М – 6 ЕДЕН ЛОГИСТИКА ДООЕЛ, Скопје на износ од 26.786.507,00 денари;
- Договор за продажба на 2 трактори за потребите на Друштвото за производство и трговија на вино, ракија, оцет и останати алкохолни и безалкохолни пијалаци ЛЕПОВО ДООЕЛ Скопје, и
- Договор за деловна соработка за поспешување на меѓусебната соработка во врска со продажба на квалитетни вина меѓу ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт - импорт АД - Кавадарци, и ЦДГ ФРАНЦЕ 2, Франција

3. Седница 10.09.2020 година

Т.1.Разгледување материјали за работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ за 2019 година и тоа:

1.1.Годишен Извештај за остварените резултати од работење на ВВ ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ во 2019 година, и распределба на остварената добивка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, за 2019 г.,

1.2.Извештај од извршена контрола на завршната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.

1.3.Извештај на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.

1.4.Извештај за работата на Управниот и Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2019 година.

Т.2.Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - КАВАДАРЦИ за 2020 год.

Т.3.Измени и дополнувања на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Т.4. Отповикување и избор на два членови во Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Т.5. Разгледување на резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 01.01.2020 година до 31.07.2020 година

Т.6. Разгледување на Извештај за обврските на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци кон банки состојба до 31.07.2020 и Извештај за обврски на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци кон добавувачи во земјата и странство, обврски према лозари за откупено грозје, позајмици и други обврски, како и побарувања од Купувачи од РМ и други купувачи од земји во кои ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци продава производи со состојба до 31.07.2020 година.

Т.7.Разгледување и усвојување полугодишен Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија - 2020 година.

Т.8.Одобрување зделки со заинатересирани страни по:

- Договор за пристапување кон долг по кредити на Комерцијална банка а.д. Скопје на корисникот Трговското друштво за земјоделие и лозарство М - ШЕСТ АГРАР ДООЕЛ, Скопје и
- Договор за пристапување кон долг по кредити на НЛБ БАНКА АД Скопје на корисникот М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.
- Договор за купопродажба на производи ВВ ТИКВЕШ – АГРОВАРДАРИЕ - Гевгелија.

Т.9. Разно.

4.Седница 06.10.2020 година

Т.1. Донесување Одлука за утврдување и донесување на Пречистен текст на Статутот на Акционерското друштво за производство и преработка на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт - импорт АД - Кавадарци.

5. Седница 29.12.2020 година

Т.1. Разгледување на резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 01.01.2020 година до 30.11.2020 година

Т.2. Разгледување на Извештај за обврските на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци кон банки состојба до 30.11.2020 и Извештај за обврски на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци кон добавувачи во земјата и странство, обврски према лозари за откупено грозје, позајмици и други обврски, како и побарувања од Купувачи од РМ и други купувачи од земји во кои ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци продава производи со состојба до 30.11.2020 година.

Т.3. Разгледување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија период трет квартал 2020 година и Годишниот план за ревизија за 2021 година.

Т.4.Одобрување зделки со заинтересирани страни.

ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРЕН ОДБОР

Ратко Чадиковски

- **Предлог - Одлука за одобрување на работата на Управниот и Надзорниот Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година.**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот за работата на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година.

2. СЕ ОДОБРУВА работата на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД Кавадарци на секој посебно во 2020 година и тоа

За Управниот одбор: Светозар Јаневски - претседател и членовите Снежана Славкова, Мате Настески, Љупчо Крстевски, Џон Јоновски, Искра Клинкарова и Радош Вукиќевиќ - Генерален директор.

За Надзорниот одбор во претходен состав: Ратко Чадиковски - претседател и членовите Светлана Пендаровска, Тихомир Атанасовски, Миле Бундовски и Братољуб Раичковиќ.

За Надзорниот одбор: Ратко Чадиковски - претседател и членовитеТихомир Атанасовски, Миле Бундовски, Борче Илиоски и Христина Ружиновска.

3. Составен дел на Одлуката е Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година со податоци како во истиот.

4.Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Т.2. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2021 година.

ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје | Дрезденска бр 52, 1000 Скопје Република Северна Македонија | e-mail: ljupcho@pecevrevizija.mk

0302 - 22
27.04.2021

ПОНУДА

за ревизија на единечните и на консолидираните финансиски извештаи на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година

Согласно Ваше барање, ја користиме можноста да Ви доставиме понуда за ревизија на единечните и на консолидираните финансиски извештаи на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година.

Ревизијата на финансиските извештаи ќе ја извршиме согласно меѓународните ревизорски стандарди кои се прифатени како национални ревизорски стандарди за вршење ревизија. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и спроведеме ревизијата за да обезбедиме разумна сигурност за тоа дали финансиските извештаи не содржат материјални неточности. Ревизијата вклучува испитување, засновано на тестови, на доказите со кои се поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Ревизијата, исто така, вклучува проценување на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и оценка на севкупното прикажување на финансиските извештаи.

Според стандардите за ревизија, треба да извршиме испитување дали финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба и резултатите од работење во согласност со сметководствените стандарди што се прифатени во Република Северна Македонија.

Како резултат на извршената работа ќе изготвиме Ревизорски извештај со мислење на ревизорот за финансиските извештаи.

Ве потсетуваме дека за подготвувањето на финансиските извештаи, вклучувајќи го и соодветното обелоденување на информациите, е одговорно е раководството на Друштвото. Ова вклучува одржување на соодветни сметководствени евиденции и интерни контроли, селекција и примена на сметководствените политики и заштита на средствата на Друштвото.

Очекуваме целосна соработка со одговорните лица во Друштвото. За успешно, квалитетно и навремено извршување на ревизијата потребно е да се стави на располагање целокупната сметководствено-финансиска документација, сметководствените евиденции, како и други информации кои ќе ги сметаме за неопходни.

Рокови

Ревизорската работа, во согласност на структурата на Вашите финансиски извештаи, ќе ја извршиме за пет недели, во заеднички договорен термин.

Надомест за извршена услуга

Во согласност со нашите калкулации вкупните трошоци на ревизијата би изнесувале 12.500 евра (плус данок на додадена вредност), плативи во денарска противвредност пресметани по официјалниот среден курс на Народната банка на Македонија.

Плаќањето би било во рати, и тоа 50 % со почетокот на ревизијата и 50% во рок од 30 дена по предавање на Извештајот за ревизијата. Плаќањето би се вршело по испоставена фактура согласно потпишан договор.

Кратка биографија за фирмата

Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје основано е во јануари 2020 година и е едно од двете друштва што настанаа со поделба на Друштвото за ревизија Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје, кое беше основано во 1994 година. Има девет вработени лица, од кои три овластени ревизори.

Листа на дел од наши тековни ревизорски клиенти:

ФЕРШПЕД АД Скопје
СКОВИН АД Скопје
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје
МЕТРОПОЛ ХОТЕЛИ АД Охрид
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје
МАКОШПЕД АД Скопје
ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД Скопје
ИЛИНДЕН АД Струга
ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД Скопје
АГРО ЈУНИКОМ ДООЕЛ Скопје
Рудници БАЊАНИ АД Скопје
ВАРУС ДООЕЛ Скопје
РАДЕ КОНЧАР СЕРВИС ДОО Скопје
РАДЕ КОНЧАР ТЕП ДООЕЛ Скопје
ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинден
МАКЕДОНИЈА ДОО Битола
К.А.К. ДОО Скопје
МОНТИНГ ЕНЕРГЕТИКА ДОО Скопје
ТЕКНОКСГРУП ДООЕЛ Скопје
БИСЕР-ТРАВЕЛ ДОО Скопје
МЕТРО АД Скопје
АТЛАНТИК ДООЕЛ Скопје
ВАТРОСТАЛНА ДОО Скопје
ГРИН ЕНЕРЦИ ТРЕИДИНГ ДООЕЛ Скопје

Со почит,

Управител

Љупчо Пецев

Друштво за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD

AUDIT | TAX | CONSULTING



03-06-41
27.04.2021

Понуда за ревизија на финансиските извештаи на ВВ Тиквеш АД Кавадарци – поединечни и консолидирани за 2021 година

RSM

Информации за понудувачот

РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје

Адреса	Ул. Даме Груев, бр.8, 5ти кат, 1000 Скопје, Северна Македонија
Телефони	+389 2 3233 301 +389 2 3233 302 +389 78 214 414 (мобилен)
Веб страна	www.rsm.mk
Лице за контакт	Тамара Габер
Е-маил	tamara.gaber@rsm.mk

Обем на работа

Предмет: Ревизија на годишни финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци-поединечни и консолидирани за 2021 година

Цел: Да се издаде извештај со мислење на независниот ревизор

Ние ќе извршиме увид во целокупното работење на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци за 2021 година. Нашата работа ќе ја извршиме согласно ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

RSM

EVERY RSM FIRM,
WHEREVER THEY ARE IN THE
WORLD, SHARES THE SAME
HIGH STANDARD OF QUALITY

RSM

Цена на ангажманот

Надоместокот за вршење на ревизија се пресметува според податоците добиени од ваша страна и планираните часови на работа на тимот на стручни лица кои ќе бидат ангажирани во извршување на ревизорски постапки и изработка на извештајот.


Услуга	Износ без ДДВ
Ревизија на годишни финансиски извештаи – поединечни и консолидирани на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци за 2021 година	25.000,00 - евра

Останати трошоци

Доколку ангажманот вклучува патување надвор од Скопје, хотелските, патните и дневните трошоци, доколку настанат во значителен обем, ќе бидат дополнително фактурирани, во договор со клиентот.

Рок на важност

- Нашата понуда важи во рок од 30 дена од датумот на издавањето, за кое време понудата е обврзувачка и може да се прифати во кое било време пред истекот на тој рок.



Collaboration. Understanding. Ideas and insight.

RSM

Водечки тим



Јаглика Јорданова Андријеска, ACCA, OP
Управувачки партнер



Стојан Јорданов, OP
Партнер



Миле Ниневски, OP
Партнер



Љубица Евтимовска Костовска, OP
Партнер,
Менаџер на ревизија

Нашата испорака на услуги ќе значи доделување на посветен вработен од нашиот стручен тим, кој ќе биде вашата идна точка за контакт со нашата компанија. Ова лице ќе биде вклучено во сите понатамошни комуникации во сите линии на услуги што ви се доставуваат врз основа на оваа понуда.

RSM

Конечни одредби

- Земајќи ја предвид големината и обемот на друштвото, доколку почитуваниот Клиент ја прифати нашата понуда, РСМ МАКЕДОНИЈА ќе ја изврши услугата во заеднички договорени рокови.

- РСМ МАКЕДОНИЈА работи во согласност со позитивните законски прописи и применува процедура за заштита и безбедност на личните податоци и информации кои ги добива за време на ангажманот. РСМ МАКЕДОНИЈА се обврзува дека нема да открие било какви лични податоци и информации без претходна писмена согласност од клиентот.

Со почит,

RSM

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Јаглика Јорданова Андријеска

Управувачки партнер, РСМ Македонија

RSM

THANK YOU FOR YOUR TIME AND ATTENTION

RSM

MOORE

ВВ ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ
Понуда за ревизија на посебните и консолидираните финансиски извештаи за 2021 година

Скопје, април 2021





Содржина

		Страница
1	Вашите барања	3
2	Вистинскиот тим	5
3	Ревизорски услуги	7
4	Релевантно искуство	9
5	За Мур Стивенс	15
6	Вистинската цена	16
7	Зошто Мур Стивенс	17

НАПОМЕНА:
Мур Стивенс ДОО Скопје ги има преземено сите можни чекори за да обезбеди дека информациите понудени во оваа понуда се корисни, точни и тековни. Сепак, информациите дадени во оваа понуда не се сеопфатни и можни се ненамерни грешки, за кои се извинуваме. Ако ја користите оваа понуда или било кој наш пишан материјал и забележите грешка или очигледна противречност, ве молиме да не известите што е можно поитно.



1 Вашите барања

До

ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци

Мур Стивенс ДОО има задоволство да ја поднесе оваа понуда до ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Ние сме многу благодарни за информациите обезбедени од ваша страна, кои преставуваат основа на оваа наша понуда. Од обавените разговори, разбравме дека ви се потребни ревизорски услуги, врз основа на кои, во законскиот рок од завршувањето на финансиската година, би ги издале следнитре извештаи:

- Извештај на независните ревизори за посебните и консолидираните финансиски извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31.Декември 2021 година, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (ИФРС), кои се прифатени и објевени во Република Македонија;
- Извештај на независните ревизори за конзистентноста на годишната сметка и финансиските извештаи со извештајот за работење за 2021 година, согласно барањата на член 34 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010) и
- Писмо до раководството, во кое ќе бидат преставени ревизорските наоди и коментари во врска со сметководствениот систем, организацијата на работење, внатрешната контрола, информационите системи и операции и обемот и резултатите на работењето со препораки за нивно отстранување, доколку такви постојат.

Како што очекувате, ние ќе обезбедиме одговорен и ефикасен пристап во давањето услуги, во функција на вашите потреби. Уште повеќе, ние ќе обезбедиме и:

Искусен тим

Свесни сме дека, како и со било која задача, мора да бидете сигурни дека давателите на услуги кои имате намера да ги ангажирате, се во најдобра позиција да ви обезбедат сигурна и сеопфатна услуга. Поради тоа, сакаме да ви укажеме дека ние сме специјализирани за вршење на услуги на ревизија на финансиски извештаи на друштва од различни индустрии. Тоа ќе ни овозможи да се потпреме на нашето досегашно знаење и искуство за да ги обезбедиме сите услуги побарани од ваша страна на одговорен и ефикасен начин.

Навремени и сеопфатни услуги

Нашите услуги ќе ги обезбедиме согласно договорената временска рамка и ќе одржуваме редовна комуникација со вас за да бидете секогаш целосно во тек со напредокот во нивната реализација. Ние гледаме на нашата соработка како на двонасочен процес: додека е од суштинско значење да бидеме достапни кога сме ви потребни, од еднакво значење е да остариме контакт со вас кога ќе се појават прашања за кои е потребно да ве известиме. Нашата цел е да ви обезбедиме навремени и сеопфатни услуги.



Ние ја прифаќаме важноста да се има пристап до високо квалитетни и професионални мислења и препораки.

Достапност на партнерите

Ние ја признаваме важноста на достапност до високо квалитетни и професионални совети. Во таа смисла, партнерите на Мур Стивенс ДОО Скопје нема само да го водат тимот во реализација на задачата, обезбедувајќи највисок квалитет и ефикасност, туку постојано ќе му бидат достапни на вашето раководство. Иако нашите услуги се под водство на партнерите, не се само тие кои ќе ви обезбедат додадена вредност - вие ќе имате корист и од стручноста и искуството на членовите на нашиот тим. Нашата понуда е во функција на погоре нагласените теми, со посебен нагласок на:

- Тимот кој ќе ги пресретне вашите потреби;
- Нашиот ревизорски пристап;
- Нашите квалификации и препораки;
- Организационата структура на Мур Стивенс ДОО Скопје и
- Нашиот надоместок.

Ние веруваме дека оваа понуда ќе ви обезбеди доволно информации за да се чувствувате сигурни во изборот на Мур Стивенс ДОО Скопје за ваш консултант. Сепак, ако сакате повеќе информации, ве молиме слободно да се обратите.

април 2021

Управител

Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ



2 Вистинскиот тим

Клучно во обезбедувањето на услуги какви што заслужувате се воспоставените односи, на сите нивоа, меѓу нашите и вашите луѓе.

Нашата филозофија во работата со вас ќе биде да осигураме дека вашите потреби се наш приоритет, што ќе преставува основа на нашите односи. Мур Стивенс ДОО Скопје е фокусиран кон луѓето и односите со клиентите се предводени од страна на партнерите. Секој член на тимот поседува доволно знаење за вашата дејност за да ви ја обезбеди бараната подршка. Клучните луѓе на тимот кој ќе би биде на располагање се состои од следните членови:

Антонио Велјанов – Управител и капитален партнер во Мур стивенс ДОО Скопје
ќе има целосна одговорност за севкупните односи меѓу Мур Стивенс ДОО Скопје и вас. Тој ќе има одговорност во делот на контролата на квалитетот на ревизорските услуги поврзани со предметната ревизија. Тој дипломирал сметководство и ревизија на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и поседува лиценца за овластен ревизор и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, кој е асоцијативен член на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ) со седиште во Њујорк.

Милена Јованова-Димоска – Овластен ревизор и партнер
ќе биде Тим менаџер на предметната ревизија. Таа ќе биде оперативно одговорна за услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Таа дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, поседува лиценца за овластен ревизор и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, кој е член на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) со седиште во Њујорк. Има 17 години искуство на работи на ревизија кај следните субјекти: Ернст Јанг ДОО Скопје, Македонски ревизорски центар ДОО Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.

Костадинка Китаноска – Овластен ревизор и партнер
ќе биде член на тим на предметната ревизија. Таа ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Таа дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, поседува лиценца за овластен ревизор и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, кој е член на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) со седиште во Њујорк. Има 20 години искуство на работи на ревизија кај следните субјекти: Македонски ревизорски центар ДОО Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.

Наташа Илиевска – овластен ревизор
ќе биде член на тим на предметната ревизија. Таа ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Таа дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Има 21 години искуство на работи на ревизија кај следните субјекти: Македонски ревизорски центар ДОО Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.



Дарко Велјанов – сениор ревизор

ќе биде член на тим на предметната ревизија. Тој ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Тој дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Има 12 години искуство на работи на ревизија кај следните субјекти: Македонски ревизорски центар ДОО Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.

Дејан Велјанов – сениот ревизор

ќе биде член на тим на предметната ревизија. Таа ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Тој дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Има 10 години искуство, од кои: 2 години на работи со кредитни производи со население, 2 години на работи на кредитно администрирање за корпоративни клиенти и 6 години на работи на ревизија, кај следните субјекти: Стопанска банка АД Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.

Континуитет на персоналот

Сите клучни членови на тимот ќе имаат комуникација со вас на циклична и на дневна основа и ќе бидат потпомогнати од останатиот специјализиран персонал, согласно потребите. Тој персонал ќе биде селектиран на основа на неговата соодветност на дејноста каква што е вашата. Наша политика при планирање на персоналниот состав на тимовите е да обезбедиме високо ниво на континуитет, со подготовка на помладиот персонал за да го наследи поискусниот персонал кога ќе има соодветно ниво на искуство.



3 Ревизорски услуги

Услугите на уверување и обезбедување на "додадена вредност" вообичаено не се согледуваат заедно, бидејќи примарната цел на ревизијата е да обезбеди независно мислење за вашите годишни финансиски извештаи.

Ние не го прифаќаме тој пристап. Имено, ние ја признаваме комерцијалната важност да се обезбеди уверување за функционирањето на вашите деловни контроли, за да се избегнат изнанадувања во иднина. Но еднакво ја разбираме и потребата од нагласување на нашата загриженост по било кое прашање, како и подготвеноста да понудиме совет кога е потребно.

Веруваме дека клучот на една корисна услуга за проверка на усогласеност со определена рамка е во силината на односот меѓу вас и нашиот тим. Ова ќе ни овозможи нашата работа да биде темелно и точно планирана и прилагодена на вашите специфични потреби.

Овој оддел го прикажува нашиот ревизорски пристап кој го покрива следното:

- Стратегија на ревизијата и планирање;
- Обем и материјалност;
- Контрола и координација;
- Постапување со критични прашања и
- Ваше известување.

Клучен елемент на нашиот пристап е да се договорат вашите очекувања во рана фаза

Стратегија на ревизијата и известување

Во стратегијата на ревизијата ќе го усвоиме пристапот базиран на ризици, кој вклучува детална проценка на ризиците и оценка на воспоставените системи и контроли за да се ублажат ризиците. За да го постигнеме тоа, бараме:

- Да се развие цврсто разбирање за вашиот бизнис и за неговите ризици, како и за начинот како тие можат да се ублажат и контролираат;
- Да се изгради цврст однос меѓу вашиот менаџерски тим и нашиот тим.

Клучен елемент на нашиот пристап е да се постигне согласност за вашите очекувања уште во рана фаза. Ова ќе обезбеди дека клучните ризици се идентификувани и третирани уште од самиот почеток. Во фазата на планирање ќе разговараме и ќе се договараме за конкретни прашања, вклучувајќи ги и роковите за известување, што ќе ви заштеди и време и трошоци.

Пред да отпочнеме со теренска работа, ќе разговараме за нашиот ревизорски пристап во детали, наведувајќи го нашиот пристап во областите каде што се идентификувани ризици, основот за утврдување на материјалноста, тимот и распоредот на работа. Исто така, ќе ви биде доставен и список на информации кои ќе биде потребно да ни бидат доставени од ваша страна. Ова ќе осигура дека ги поседуваме информациите кои ќе обезбедат ефикасно и беспрекорно вршење на ревизорските услуги и дека вие имате доволно податоци за да ги соберете релевантните информации, а тоа да не влијае на вашиот дневен обем на работа.



Правилното планирање и деталните постапки за утврдување на ризиците треба да ги идентификуваат повеќето потенцијално критични прашања.

Обем и материјалност

Нашата ревизија ќе се спроведе во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија издадени од Меѓународната федерација на сметководители и ќе вклучи такви тестови на трансакции и салда, какви што сметаме дека ќе бидат неопходни.

Во спроведувањето на ревизијата, посебно внимание ќе посветиме на трансакциите и ставките кои го надминуваат соодветното ниво на материјалност за да обезбедиме комплетност на сите групи на трансакции. Кога оценуваме дали финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика, ја земаме во предвид материјалноста на збирот на сите некорегирани погрешни прикажувања утврдени во текот на ревизијата, во однос индивидуалните или класите на трансакции и салда.

Контрола и координација

Целокупната координација е одговорност на партнерот одговорен за ревизорскиот ангажман, чија задача ќе биде да го следи напредокот на ревизорскиот ангажман и да ве известува за евентуални отстапувања од планираниот распоред на работа. Проверката на ревизорската документација се врши континуирано. Тоа е составен дел на постапката за контрола на квалитет и служи да се идентификуваат отворени прашања кои произлегуваат од ревизијата уште во нејзината рана фаза.

Постапување со критични прашања

Правилното планирање и деталните постапки за проверка на ризиците би требало да ги идентификуваат најголемиот број на потенцијално критични прашања. Ние сакаме да разговараме за отворените прашања штом ќе се појават, а не да го чекаме завршувањето на теренската работа.

Раководителот на тимот ќе биде веднаш запознаен со критичните прашања кои ќе произлезат во текот на ревизијата, кој за возврат ќе го инволвира партнерот одговорен за ревизорскиот ангажман, како и други експерти, ако е неопходно.

Партнерот ќе одлучи како ќе се постапува со прашањето и ќе ве извести за било каква загриженост во врска со важни прашања. Ревизијата преставува процес кој подразбира циклична и дневна комуникација меѓу сите членови на тимот на Мур Стивенс ДОО Скопје, како и ваше редовно запознавање со нејзиниот напредок.

Ваше известување

Откако процесот на ревизија ќе заврши, ќе одржиме состанок со вашиот финансиски тим за да ги разгледаме евентуалните отворени прашања и клучни наоди. Потоа очекуваме да се состанеме со управниот одбор за да разговараме за спроведувањето на ревизијата, за евентуалните отворени прашања, за презентацијата на финансиските извештаи и, ако е значајно, за евентуалните системски слабости. Потоа ќе известиме за прашањата каде што сме примениле проценка, за деталите како сме се справиле со идентификуваните ризици, како и за некоригираните погрешни прикажувања.



Привремен распоред

Подолу е прикажан привремен распоред на состаноци и испораки во врска со ревизијата на финансиските извештаи за периодот која завршува на 31 декември 2021 година.

Ноември 2021	Документирање на вашиот сметководствен систем и систем на внатрешни контроли (се до прогласување на крај на пандемијата работите планираме да ги извршуваме онлине)
Април 2022	Суштински тестирања согласно утврдените ризици од претходната фаза (се до прогласување на крај на пандемијата работите планираме да ги извршуваме онлине)
Април 2022	Завршен состанок со раководството во врска со наодите од ревизијата и доставување на нацфт извршај (се до прогласување на крај на пандемијата состаноците ги одржуваме онлине)
Април 2022	Доставување на конечниот извештај на независните ревизори



4 Релевантно искуство

Мур Стивенс ДОО Скопје поседува стручност и искуство за да се задоволат вашите потреби.

Како што покажа нашата понуда, наша цел не е само да им служиме на потребите на нашите клиенти на најефикасен и на најекономичен начин, туку и да им помогнеме во нивниот развој и успех во иднината. Секој поединечен клиент се третира токму така - како единка. Ја прилагодуваме нашата работа за задоволување на вашите цели, осигурувајќи дека вашите барања се исполнети.

Ние работиме како ревизори и консултанти на бројни друштва, како локални, така и дел од регионални и глобални групации. Вршејќи ги редовните услуги за усогласеност со законската регулатива, ние всушност ги користиме нашите искуства од работата со различни дејности и единки за да обезбедиме широк спектар на услуги, за да можат нашите клиенти да ги почувствуваат вистинските придобивки од соработката со нас.

Ние работиме како ревизори и консултанти на бројни друштва, како локални, така и дел од регионални и глобални групации.

Услуги на ревизија и проверки според дејноста на клиентот

Услугите на ревизија и проверки според дејноста на клиентот вклучуваат:

Опис на дејноста	Назив на клиентот
Градежништво:	
	Гранит АД - Скопје
	Бетон АД - Скопје
Енергетика:	
	Топлификација АД - Скопје
	Скопје Север АД - Скопје
	Производство на топлина ДООЕЛ - Скопје
	Дистрибуција на топлина ДООЕЛ - Скопје
	Снабдување Исток ДООЕЛ - Скопје
	Снебдување Запад ДООЕЛ - Скопје
	Снебдување Центар ДООЕЛ - Скопје
	Мали хидроелектрани ДОО - Скопје
Производство:	
	Реплек Фарм ДООЕЛ - Скопје (лекови)
	Факом АД - Скопје (метални конструкции)
	ВВ Тиквеш АД - Скопје (вино)
Транспорт и шпедиција:	
	Макошпед АД - Скопје
	МСЦ ДООЕЛ - Скопје



Опис на дејноста	Назив на клиентот
Трговија на големо:	
	Реплек АД - Скопје
	Зегин ДОО - Скопје
	Др. Пановски АД - Скопје
	Аутомакедонија АД - Скопје
Угостителство:	
	Охридтурист АД - Охрид
	CJ Компани ДОО - Скопје (МцДоналдс)
Тргување со хартии од вредност:	
	КБ Публикум Инвест АД - Скопје
	Инвест брокер АД - Скопје
	Илирика инвестициони фондови - Скопје
	Иново Статус инвестициони фондови - Скопје
	ЦДХВ АД - Скопје
Банкарство и финансиски услуги:	
	УНИ Банка АД - Скопје
	Стопанска банка АД - Битола
	ТТК Банка АД - Скопје
	Штедилница Можности ДОО - Скопје
	Штедилница МАК-БС ДОО - Скопје
	С-Лизинг ДОО - Скопје
Осигурување:	
	Осигурителна полиса АД - Скопје
	Кроација осигурување неживот АД - Скопје
	Кроација осигурувае на живот АД - Скопје
Државни агенции и друштва во државна сопственост:	
	ЈП за државни патишта - Скопје
	Агенција за супервизија на осигурување - Скопје
	АД Пошта на Северна Макединија - Скопје
	ЈП за железничка инфрастуктура Железници на РСМ - Скопје



Услуги на сметководство и даноци според дејноста на клиентот

Услугите на сметководство и даноци според дејноста на клиентот вклучуваат:

Опис на дејноста	Назив на клиентот
Транспорт:	Орбит ДООЕЛ - Скопје
Производство:	Сумбро трејд ДООЕЛ, Самоков, М.Брод
	Грин Кола Адриатик ДООЕЛ - Скопје
Енергетика:	Петрол-Енергетика ДООЕЛ - Скопје
Трговија на мало:	Котон Магазаџилик ДООЕЛ - Скопје
Специјализирана трговија:	Евро Гејмс Технолоџи ДООЕЛ - Скопје
	ЈПЛ Глобал Македонија ДООЕЛ - Скопје
Угостителство:	КАТ Кетеринг ДООЕЛ - Скопје
Банка за матични клетки:	Био Стем ДООЕЛ - Скопје
Градежна механизација:	Метсо Минералс ДООЕЛ - Скопје

Услуги на проценка и бизнис планови според дејноста на клиентот

Услугите на проценка и бизнис планови според дејноста на клиентот вклучуваат:

Опис на дејноста	Назив на клиентот
Енергетика:	
	ТЕ-ТО АД - Скопје
	Когел Север ДОО - Скопје
Производство:	
	Вино Брежице АД - Брежице, Р. Словенија
Транспорт и одржување:	
	ЈП Македонски железници - Скопје
	ЈП Македонија пат - Скопје
Радиодифузија:	
	ЕРА ТВ ДОО - Скопје
Банкарство и финансиски услуги:	
	ТТК Банка АД - Скопје



Консултантски услуги според видот на услугата

Консултантските услуги според видот на услугата вклучуваат:

Опис на услугата	Структура
Ревизии и проверки:	72%
Сметководство и даноци:	28%
Вештачења:	0%
Останато:	0%

Ревизорски услуги кај друштва чии акции котираат на берза

Ревизорските услуги кај друштва чии акции котираат на Македонската берза АД Скопје вклучуваат:

Опис на дејноста	Назив на клиентот
Банкарство::	УНИ Банка АД Скопје
	Стопанска банка АД - Битола
	ТТК Банка АД - Скопје
Производство:	Тетекс АД - Тетово
	ВВ Тиквеш АД - Скопје
	Факом АД - Скопје
	РЖ Институт АД - Скопје
Градежништво:	Гранит АД - Скопје
	Бетон АД - Скопје
Производство и трговија:	Реплек АД - Скопје
Тргвоија со автомобили:	Аутомакедонија АД - Скопје
Транспорт и шпедиција:	РЖ Интер трансшпед АД - Скопје

Ревизорски услуги кај членки на глобални групации

Ревизорските услуги кај членки на глобални групации вклучуваат:

Опис на дејноста	Назив на клиентот	Назив на групацијата
Трговија:	Лек ДООЕЛ - Скопје	Новартис - Базел, Швајцарија
Транспорт:	МСЦ ДООЕЛ - Скопје	МСЦ - , Швајцарија
Финансиски услуги:	С-Лизинг ДООЕЛ - Скопје	Шпаркасебанк, Виена, Австрија
Истражување на пазар:	ГфК ДООЕЛ - Скопје	ГфК Виена, Австрија
Угостителство:	СЈ Компани ДОО - Скопје	Франшиза на McDonalds'



Ревизорски услуги кај членки на регионални групации

Ревизорските услуги кај членки на регионални групации вклучуваат:

Опис на дејноста	Назив на клиентот	Назив на групацијата
Осигурување:		
	Кроација Осигурување - неживот АД - Скопје	Кроација Осигурување, Загреб, Хрватска
	Кроација Осигурување на живот АД - Скопје	Кроација Осигурување, Загреб, Хрватска
Транспорт:		
	Орбит ДООЕЛ - Скопје	Орфее Беиноглу - Атина, Грција
Финансиски услуги:		
	Илирика Фунд Менаџмент АД - Скопје	Илирика ДЗУ, Љубљана, Словенија
Енергетика:		
	ТЕ-ТО АД - Скопје	

Услуги во делот на примената на МСФИ

Како книговодители со долгогодишно исклуство, имаме големо искуство во подршката на нашите клиенти поврзана со потребата да известуваат според меѓународните барања за финансиско известување. Бидејќи глобалните пазари се повеќе се интегрираат, се повеќе земји ги прифаќаат Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ). Во таа смисла, Мур Стивенс ДОО Скопје може да ве подржи во повеќе сегменти, од првичната примена на МСФИ, преку тековна подршка и ажурирање со најновите измени во финансиското известување.



5 За Мур Стивенс ДОО Скопје

Мур Стивенс ДОО Скопје со својата петнаесетгодишна историја е сведок како еден мал субјект се трансформира во значен чинител на пазарот на консултантски услуги во Република Македонија.

Нашата политика е клиентите да не сметаат за прв избор за консултации при донесувањето на нивните деловни и финансиски одлуки.

Мур Стивенс ДОО Скопје

Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје е основан како Македонски Ревизорски Центар ДОО во 1998. Почнувајќи од 04.09.2009 година, Друштвото го промени својот назив во Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје, со оглед на фактот дека истото стана независна полноправна членка на меѓународната асоцијација на ревизорски друштва Moore Global Limited.

Основните податоци за нашето Друштво се дадени во следната табела::

Опис	Податок
Вкупно партнери:	2
Вкупно вработени:	12
Вкупно овластени ревизори:	4
Вкупно овлстени сметководители:	7
Вкупно канцеларии:	1

Мур Глобал

Основан во Лондон 1907 година, успешниот пат започнува од мал индустриски сегмент, до глобален консултатнт на бројни бизниси низ светот преку бројни иновативни услуги на своите клиенти. Основната политика е клиентите да го сметаат Мур Глобал за прв избор за консултации при донесувањето на нивните деловни и финансиски одлуки.

Клиентите имаат пристап до голем број на основни и специјализирани услуги, вклучувајќи ревизија и проверка на усогласеност со даночната регулатива, даночен менаџмент, управување со ризиците, деловна подршка преку вршење на функции со замена на внатрешни ресурси на клиентите со ресурси на Мур Глобал, деловни финансии, преструктурирање и рефинансирање на побарувања и обврски и вештачење од областа на сметководството и финансиите.

Мур Глобал

Мур Глобал е глобална сметководствена и консултантска асоцијација со седиште во Лондон, со 29.890 вработени во 240 фирми и 547 канцеларии во 113 земји и приходи во 2020 година од 3.137 милиони УСД.



6 Вистинската цена

Ние признаваме дека вредноста за вложените пари е предуслов за секој деловен трошок - и дека професионалните надоместоци не преставуваат исклучок.

Ние секогаш заземаме чесен и транспарентен пристап кон надоместоците. Горди сме на овој принцип и на угледот кој го имаме во овој поглед и веруваме дека тоа не издвојува од останатата конкуренција. Нашиот надоместок е пресметан врз основа на времето поминато на вашиот ангажман од страна на партнерите и останатиот персонал , во зависност од нивото на вложената вештина и одговорност.

Нашата понуда за годината која завршува на 31 Декември 2021 е како што следува:

	Надоместок €
Услуги на ревизија	8,500
ДДВ 18%	1,530
Вкупно	10,030

Надоместокот би се платил во денари, според курсот за еврото на денот на фактурирањето, објавен од страна на Народна банка на РМ. Динамиката на плаќање би била следната:

- 50% од надоместокот би се платил со потпишување на договорот за работа и
- 50% од надоместокот би се платил со поднесување на конечните извештаи од извршената ревизија.

Претпоставки

Нашата понуда:

- Претпоставува дека од ваша страна ќе ни биде обезбедена посебната и консолидираната годишна сметка и поткрепувачката документација;
- Претпоставува дека нема да се појават значајни неочекувани прашања во текот на работата;
- Претпоставува дека нема да има потреба од посебна ревизија на финансиските извештаи на подружниците (фирмите ќерки) за целите на ревизија на консолидираните финансиски извештаи како резултат на нивната незначајност. ***Ако се појави таква потреба, како разултат на значајното учество на овие друштва во консолидираните извештаи, истото ќе биде предмет на посебно договорање***;

Идни години

Контролата на трошоците е важна работа, поради што признаваме дека е голема користа од информацијата за висината на нашиот надоместок, не само за првата година, туку евентуално и за идните години. Доколку бидете заинтересирани, надоместокот за идните години би се договарал со вас однапред, и неговата висина ќе зависи од измените во опфатот на нашата работа или од значајните измени во нивото на вашите деловни активности.



7 Зошто Мур Стивенс ДОО Скопје

Нашата понуда покажа дека Мур Стивенс ДОО Скопје може да ги задоволи вашите потреби.

Нашите сознанија и согледувања ни укажуваат дека имате потреба од консултант со одговорен пристап во давањето на услуги и кој е подготвен да соработува со вас. Ние веруваме дека Мур Стивенс ДОО Скопје може да го стори токму тоа.

Овој документ ги нагласи следните причини поради кои би требало да го назначите Мур Стивенс ДОО Скопје:

Искусен тим:	Нашиот тим поседува вистински вештини и искуство за да ги задоволи вашите потреби. Ќе развиеме цврски односи со вас за да осигураме дека ќе обезбедиме позитивни и корисни услуги.
Вистински пристап:	Пристапот на Мур Стивенс ДОО Скопје обезбедува темелен пристап бидејќи ревизијата кај вас ја сваќаме како предизвик, обрнувајќи внимание на сите клучни прашања. Дополнително, за сите сознанија повратно ќе ве известиме и ќе ви понудиме совет за идните развојни стратегии.
Вистинска услуга:	Ние ќе ви обезбедиме одговорен пристап во давањето услуги, со почитување на договорените рокови и со соопштување на потенцијалните проблеми штом таквите ќе се појават.
Вистинска цена:	Ние сме разумни во пресметката на нашиот надоместок, за да осигураме дека и двете страни ќе профитираат од взаемната соработка.

Веруваме дека нашата понуда ги содржи сите информации кои ви се потребни во оваа фаза. Вие ќе бидете важен клиент на Мур Стивенс ДОО Скопје и со нетрпение очекуваме да работиме со вас во иднина.

КОНТАКТИ

За повеќе информации, испратете порака на следните адреси: marketing@moore-global.com или moore@moore.mk, или посетете: www.moore-global.com или www.moore.mk.

MOORE

www.moore-global.com

Ние веруваме дека информациите содржани овде се точни во време на објавувањето, но не можеме да прифатиме никаква одговорност за каква било загуба на која било личност како резултат на дејствување или воздржување од дејствие како резултат на која било ставка од оваа Понуда. Мур Стивенс ДОО Скопје, друштво основано во согласност со законите на Република Северна Македонија, обезбедува ревизија или други професионални услуги на клиенти. Мур Глобал и нејзините фирми-членки се правно различни и одделни ентитети. Тие не се и ништо нема да се толкува за да ги постави овие субјекти во однос мајка-ќерка, подружници, партнери, заеднички вложувања или агенти. Ниту една фирма-членка на Мур Глобал нема никакво овластување (реално, очигледно, имплицитно или на друг начин) да го обврзува Мур Глобал или било друга членка или дописна фирма на Мур Глобал кој било начин.

◆ **Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД – Кавадарци, за 2021 година.**

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година

1. ЗА ОВЛАСТЕН Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година се назначува и се избира ревизорската куќа _____.

2. Се овластува Генералниот директор на Друштвото со ревизорската куќа определена од Собранието да склучи договор за извршувањето на работите во смисла на претходната точка на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ

Т.3. Одлука за разрешување на членови на Надзорен Одбор и избор на членови на Надзорен Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци

Предлог листа на кандидати за членови во
НАДЗОРНИОТ ОДБОР на ВВ ТИКВЕШ АД Скопје

1.	**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**	**РАТКО ЧАДИКОВСКИ**
	Адреса на живеење	Скопје, Пиринска 48/6
	Дата на раѓање	15.01.1947 година
	Државјанство	Република Македонија
	ЕМБГ	-
	Образование	ВСС - Економски факултет
	Други професионални квалификации	--
	Работно ангажирање	пензионер
	Искуство каде и како го стекнал	40 години искуство, Државна управа, Републички завод за општествено планирање, Стопанска комора, Секретаријат за индустрија и енергетика, Алкалоид - Заменик Генерален директор, ПИВАРА СКОПЈЕ АД - Заменик Генерален директор , М-6 Светлана и останати ДОО - Скопје, пензионер од 01.02.2012 година
	Во друштвото/друштва е/или бил член на орган на управување/надзор и други поважни функции што вршел	Член на Надзорен одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци - моментално АД Охридтурист Охрид - поранешен член на Одбор на директори Охридска банка АД Скопје - поранешен член на Одбор
	Број на акции што поседува и доколку поседува во друштвото	Удел во М-6 ДОО Скопје кое е сопственик на акции во ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци
	Број на акции што поседува и доколку поседува во други друштва	10 акции во Охридска банка АД Охрид
	Заеми и други обврски што ги има и доколку ги има спрема друштвото	--

2.	**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**	**БОРЧЕ ИЛИОСКИ**
	Адреса на живеење	Улица 11 октомври број 61/1 – 8 Кичево
	Дата на раѓање	16.02.1984 година
	Државјанство	Република Македонија
	ЕМБГ	-
	Образование	ВСС - Економски факултет
	Други професионални квалификации	-
	Работно ангажирање	Управител во М-6 ИНВЕСТИЦИИ ДООЕЛ, Скопје
	Искуство каде и како го стекнал	Има широк меѓународен академски рекорд, вклучително и Извршна програма за извршни директори од Универзитетот Јорк (Schulich Business School - Торонто), Извршен МБА за финансии од Универзитетот во Шефилд, диплома и магистер по телекомуникации од Технички универзитет, Софија и награди од Пацифички институт. Во своето 10 десет годишно работно искуство работел асистент Потпретседател за развој на корпорацијата и односи со инвеститори на Еуромакс ресурси. Претходно негово вработување вклучува работа за Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија (член на Дојче Телеком Групацијата)
	Во друштвото/друштва е/или бил член на орган на управување/надзор и други поважни функции што вршел	Претседател на Одбор на директори во ОХРИДТУРИСТ АД – Охрид, член во Надзорен одбор на АД Аутомакедонија, Скопје

	Број на акции што поседува и доколку поседува во друштвото	-
	Број на акции што поседува и доколку поседува во други друштва	-
	Заеми и други обврски што ги има и доколку ги има спрема друштвото	-

3.	**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**	**ТИХОМИР АТАНАСОВСКИ**
	Адреса на живеење	Бул 3 Македонска бригада /3 бр.95 1000 Скопје
	Дата на раѓање	01.04.1953
	Државјанство	Република Македонија
	ЕМБГ	-
	Образование	Електротехнички факултет
	Други професионални квалификации	-
	Работно ангажирање	Раководител во М-6 ЕДЕН СРБ - Београд
3. Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2020 година се доставува на разгледување и усвојување до Надзорниот одбор и Собранието на акционерите на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

4. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ВВ ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ
Претседател на Управен Одбор
Светозар Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на вина
ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ
експорт-импорт АД
Кавадарци

Акционерско друштво за производство и промет
вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт А
Бр. 0202-708/5
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа член 64 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - Кавадарци Управниот Одбор на Друштвото на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за работата на Управниот Одбор на
ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година.

2. Составен дел на Одлуката е Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година со податоци како во истиот.

3. Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година се доставува на разгледување и усвојување до Надзорниот одбор и Собранието на акционерите на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

4. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Управен Одбор

Светозар Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр 0202-708/6
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 64 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД - Кавадарци, Управниот Одбор на Друштвото на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за предлог Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД, - КАВАДАРЦИ за 2021 година

1. СЕ ПРЕДЛАГА за овластен Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година да се назначи и се избере ревизорската куќа ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје.

2. Се овластува Генералниот директор на Друштвото со ревизорската куќа што ќе ја определи Собранието да склучи договор за извршувањето на работите во смисла на претходната точка на оваа Одлука.

3. Предлогот за Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година се поднесува за разгледување и одлучување до Надзорниот одбор и до Собранието на акционерското друштво.

4. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Претседател на Управен Одбор

Светозар Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на
ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
0202 - 708/7
26. 04 2021 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа член 64 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Управниот Одбор на на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за предлог за разрешување на членови на Надзорен Одбор и
избор на членови на Надзорен Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци

1. СЕ ПРЕДЛАГА ДА СЕ РАЗРЕШАТ следните членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци:

1. Ратко Чадиковски - претседател
2. Миле Бундовски - член независен член
3. Тихомир Атанасовски - член
4. Борче Илиоски - член
5. Христина Ружиновска - независен член

2. За членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, СЕ ПРЕДЛАГА ДА СЕ ИЗБЕРАТ:

1. Ратко Чадиковски - претседател
2. Миле Бундовски - член независен член
3. Тихомир Атанасовски - член
4. Борче Илиоски - член
5. Христина Ружиновска - независен член

3. Траењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор се определува за време од 4 години од денот на изборот.

4. Оваа Одлука се доставува на разгледување и одлучување до Надзорниот одбор и до Собранието на акционери на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

5. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

Образложение

Мандатот на членовите на Надзорниот Одбор на Винарска визба ТИКВЕШ АД Кавадарци истекува заклучно со 17.07.2021 година.

Предлогот за разрешување и избор на членовите на Надзорниот Одбор на Винарска визба ТИКВЕШ АД Кавадарци се поднесува заради кратката временска разлика помеѓу годишното Собрание на акционери на Друштвото и датумот на истек на мандатот на членовите на Надзорниот одбор, а во интерес на ефективност, економичност и континуирана работа на органот на управување на Винарска визба ТИКВЕШ АД Кавадарци во понатамошниот период. Во прилог листа на кандидати со податоци за истите.

ВВ ТИКВЕШ АД КАВАДАРЦИ
Претседател на Управен Одбор
Светозар Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на
ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0202-708/8
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа член 32, 33, 64 и 69 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - Кавадарци, Управниот Одбор на Друштвото на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За свикување Годишно Собрание на акционерите
На ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци

1. СЕ ЗАКАЖУВА свикување Годишно Собрание на акционерите на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци за 28.05.2021 година (петок) во 12.00 часот со следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д:

Усвојување Записник од Собранието на акционери од 01.10.2020 година.

Т.1.Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци ВО 2020 година, Финансиските извештаи за работењето за 2020 година, Завршната сметка и резултатите во работењето за 2020 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор за 2020 и донесување на одлуки за следново:

- Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци ВО 2020 година.
- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2020 година.

Т.2. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2021 година.

Т.3. Одлука за разрешување на членови на Надзорен Одбор и избор на членови на Надзорен Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци

2. Според текстот на одлуката од Т.1. да се распише Јавен повик за свикување и одржување на Годишното Собрание на акционерите на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД Кавадарци, и да се објави во најмалку еден дневен весник.

3. Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

ВВ ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ
Претседател на Управен Одбор
Светозар Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр 0202 - 708/9
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - КАВАДАРЦИ се објавува

ЈАВЕН ПОВИК
ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Годишното собрание на акционерите на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - КАВАДАРЦИ ќе се одржи на 28.05.2021 (петок) со почеток во 12.00 часот во седиштето на подружницата Управа во Скопје на улица 810 бр.2 Гази баба, Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

ДНЕВЕН РЕД

Усвојување Записник од Собранието на акционери од 01.10.2020 година.

Т.1.Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци ВО 2020 година, Финансиските извештаи за работењето за 2020 година, Завршната сметка и резултатите во работењето за 2020 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорнио Одбор за 2020 и донесување на одлуки за следново:

- Одлука за усвојување на Завршната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци ВО 2020 година.
- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2020 година.
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2020 година.

Т.2. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗВА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2021 година.

Т.3. Одлука за разрешување на членови на Надзорен Одбор и избор на членови на Надзорен Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци.

Во работата на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почеток на одржувањето на седницата на Годишното собрание.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е

објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на Годишното собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци во седиштето на Подружница Управа во Скопје на Улица 810 број 2, Гази баба, Скопје секој работен ден од 8 до 10 часот.

. Официјална интернет страница на друштвото е www.tikves.com.mk

ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци

ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД Кавадарци

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр 0202-708/10
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

Врз основа член 64 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Управниот Одбор на на ден 26.04.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За прифаќање на Предлог одлуки што ќе бидат предложени за разгледување, усвојување и донесување на Надзорниот одбор и Годишното Собрание на акционерите на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – Кавадарци,

1. По разгледување на сите Извештаи од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД – Кавадарци, во 2020 година се утврдуваат и УСВОЈУВААТ следните материјали и предлог на одлуки:

◆ Предлог - одлука за усвојување на завршната сметка и за резултатите во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШАД – Кавадарци за 2020 година.

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на завршната сметка за резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА завршната сметка за резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - Кавадарци во 2020 година.

2. СЕ УТВРДУВААТ следните финансиски показатели за резултатите во работењето на Винарската визба ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година:

Ред.бр.	ЕЛЕМЕНТИ	Структура во %	ИЗНОС
1	Остварени приходи	100.00%	1,558,294,153
2	Остварени расходи	94.90%	1,478,860,879
3	Остварена добивка пред оданочување	5.10%	79,433,274
4	Данок на добивка	0.76%	11,795,060
5	Остварена нето добивка	4.34%	67,638,214

3. Составен дел на одлуката е Завршната сметка, извештаите и друга документација за 2020 година.

4. Финансискиот сектор да ги извести надлежните служби Централниот регистар на РМ и Министерството за финансии Управата за јавни приходи, за остварениот финансиски резултат и неговата распределба со доставување на пропишаните обрасци за завршната сметка за 2020 година.

5. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

.....

◆ Предлог - одлука за усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС СКОПЈЕ, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година.

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот од контролата на завршната сметка на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот од контролата на завршната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година на Завршната сметка и на резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД - КАВАДАРЦИ за 2020 година.

2.Составен дел на Одлуката е Извештајот од извршената контрола на завршната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година на Завршната сметка и на резултатите во работењето на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт - АД - Кавадарци за 2020 година.

3.Одлуката влегува на сила веднаш со донесувањето.

.....

◆Предлог одлука за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работење на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШАД – Кавадарци во 2020 година

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од
работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година.

2.Годишниот Извештај за резултатите од работењето на друштвото во 2020 година е прилог и составен дел на оваа Одлука.

3.Одлуката сталува на сила со денот на донесувањето.

.....

◆ Предлог - одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за 2020 година;

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За распределба на остварената добивка од работењето
на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШАД АД - Кавадарци во 2020 година

1.Распределба на добивката да се изврши според следното:

ЕЛЕМЕНТИ	2020

	Структура во %	ИЗНОС во денари
Остварена нето добивка	100%	67.638.214,00
Добивка за реинвестирање	100%	67.638.214,00

2. Износ од 67.638.214,00денари распореден во добивка наменет за реинвестирање да се користи во 2021 година за вложувања во нови инвестиции.
3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

◆ Предлог одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци, за резултатите од работењето на друштвото во 2020 година

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија
во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2020 година.
2. Составен дел на Одлуката е Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2020 година.
3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

.....

◆ Предлог - одлука за одобрување на работата на Управниот и Надзорниот Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци за 2020 година.

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за работата на Управниот Одбор и на Надзорниот Одбор на
ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година.

2. СЕ ОДОБРУВА работата на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД Кавадарци на секој посебно во 2020 година и тоа
За Управниот одбор: Светозар Јаневски - претседател и членовите Снежана Славкова, Мате Настески, Љупчо Крстевски, Џон Јоновски, Искра Клинкарова и Радош Вукиќевиќ - Генерален директор.
За Надзорниот одбор во претходен состав: Ратко Чадиковски - претседател и членовите Светлана Пендаровска, Тихомир Атанасовски, Миле Бундовски и Братољуб Раичковиќ.
За Надзорниот одбор: Ратко Чадиковски - претседател и членовитеТихомир Атанасовски, Миле Бундовски, Борче Илиоски и Христина Ружиновска.
3. Составен дел на Одлуката е Извештајот за работата на Управниот Одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година и Извештајот за работата на Надзорниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци во 2020 година со податоци како во истиот.
4.Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

.....

◆ Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД – Кавадарци, за 2021 година.

Врз основа на член 31 и 32 од Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци, Собранието на акционери на Друштвото на ден 28.05.2021 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци
за 2021 година

1. ЗА ОВЛАСТЕН Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2021 година се назначува и се избира ревизорската куќа _____.

2. Се овластува Генералниот директор на Друштвото со ревизорската куќа определена од Собранието да склучи договор за извршувањето на работите во смисла на претходната точка на оваа Одлука.

3. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето.

.....

◆ Предлог Одлука за разрешување на членови на Надзорен Одбор и избор на членови на Надзорен Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци

Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва и член 31 од Статутот на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД - Кавадарци, на седницата на Собранието на друштвото одржана на ден 28.05.2021 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За разрешување на членови на Надзорен Одбор и
избор на членови на Надзорен Одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци

1. СЕ РАЗРЕШУВААТ следните членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци:

1. Ратко Чадиковски - претседател
2. Миле Бундовски - независен член
3. Тихомир Атанасовски - член
4. Борче Илиоски - член
5. Христина Ружиновска - независен член

2. За членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, СЕ ИЗБИРААТ:

1. _____
2. _____
3. _____
4. _____
5. _____

3. Траењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор се определува за време од 4 години од денот на изборот.

4. Надзорниот одбор од редот на своите членови со мнозинство гласови од вкупниот број членови избира Претседател на Надзорниот одбор и негов заменик кој ќе го заменува во случај на отсуство ако претседателот не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, кој ги свикува седниците, преседава со нив и е одговорен за водењето на евиденцијата за состаноците и

организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на Надзорниот одбор.

5. Надзорниот одбор избира 7 членови на Управниот одбор. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор еден од членовите на Управниот одбор го именува за Претседател на Управниот одбор. Ако претседателот на Управниот одбор од било кои причини неможе да ја врши функцијата или е отсутен, со водењето на состаноците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор определен со одлуката за именување на Петседател и заменик претседател на Управниот одбор.

6. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор одобрува еден член на Управниот одбор да го застапува друштвото. Членот на Управниот одбор определен за застапување на друштвото ќе го носи називот ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР.

7. Своите права, обврски и овластувањата Надзорниот одбор е должен да ги извршува во согласност со законот, Статутот и овластувања што изричито му се дадени од Собранието на друштвото.

8. Членовите на Надзорниот одбор имаат право на осигурување на живот и друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго). Средствата што ќе се исплатуваат на членовите на Надзорниот одбор се трошоци на работењето на друштвото. За посебно доверени работи што за друштвото ќе ги извршува член на Надзорен одбор може да му се признае дополнителна награда, која исто така се исплатува на товар на трошоците на работењето.

9. Се овластува Претседателот на Управниот одбор да ги преземе сите потребни дејствија за поднесување пријава за упис на Одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Кавадарци во Централниот Регистар на РМ.

10. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

.....

2. Оваа Одлука се доставува на разгледување и одлучување и до Надзорниот одбор и Собранието на акционери на ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци.

3.Оваа Одлука стапува во сила веднаш со донесувањето.

ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Управен Одбор
Светозар Јаневски



Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр 0202-708/11
26.04 2021 год
КАВАДАРЦИ

ИЗВЕШТАЈ
НА УПРАВЕН ОДБОР НА ВВ ТИКВЕШ АД- КАВАДАРЦИ
2020 година

ВИНАРСКА ВИЗБА–ТИКВЕШ АД–Кавадарци има двостепен систем на управување, а го сочинуваат Управниот одбор составен од 7 (седум) членови и Надзорниот одбор составен од 5 (пет) членови од кои 2 (два) независни членови во Надзорниот одбор. Во 2020 година членови на Управниот одбор се Светозар Јаневски - претседател и членовите Снежана Славкова, Мате Настески, Љупчо Крстевски, Џон Кирил Јоновски, Искра Клинкарова и Радош Вукиќевиќ - Генерален директор.

Управниот одбор на ВИНАРСКА ВИЗБА – ТИКВЕШ АД – Кавадарци во 2020 година работеше на седници. Има одржано 11 седници на кои беа водени расправи и дискусии и беа донесени голем број одлуки и заклучоци за работење на друштвото и тоа:

1. Седница 03.01.2020 година

Т.1. Донесување Одлука за давање согласност за разрешување и именување Управител во Друштвото за храна, кетеринг и туризам ТИКВЕШ - ВИНСКИ ТУРИЗАМ ДООЕЛ Кавадарци

2. Седница 31.01.2020 година

Т.1.Разгледување и усвојување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија – четврт квартал 2019 година.
Т.2. Донесување Одлука за корекции на плати за вработени во друштвото.

3. **Седница 24.02.2020 година**

Т.1. Донесување Одлука за купопродажба на три трактори за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

4.Седница 13.03.2020 година

Т.1. Усвојување на резултати од пописот на имотот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД – Кавадарци со состојба 31.12.2019 година

5. Седница 13.03.2020 година

Т.1.Разгледување, усвојување и донесување на Деловниот план за работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ за 2020 година.
Т.2. Усвојување завршна сметка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.
Т.3.Донесување Одлука за набавка на барици за црвено вино од реколатата 2019 година
Т.4. Донесување Одлука за Адаптација на Дегустациона сала во Кетеринг којната во друштвото
Т.5. КОМЕРЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВИНО ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ АД КАВАДАРЦИ - за пазарот во Република Македонија -
Т.6. Донесување на Одлука за продажба на два трактори за потребите на Друштвото за производство и трговија на вино, ракија, оцет и останати алкохолни и безалкохолни пијалаци ЛЕПОВО ДООЕЛ Скопје.
Т.7. Донесување Одлука за купопродажба на две моторни возила за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

Т.8. Донесување Одлука за купопродажба - лизинг на 2 моторни возила за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт - импорт АД – Кавадарци

Т.9. Информација за Измени и дополнувања на Правилникот за работа и организациона структура на Службата за внатрешна ревизија донесени со Одлука на Надзорен одбор за организирање на службата број 0203 – 104/3 од 31.01.2011 година.

6. Седница 30.04.2020 година

Т.1. Разгледување и усвојување на резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година

Т.2. Разгледување и користење на економски мерки на Владата за справување со кризата на КОВИД - 19

Т.3. Разгледување и проекција на биланс на успех за период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година

7. Седница 19.06.2020 година (дописна)

Т.1. Назначување на лица одговорни за берба во Винарска визба Тиквеш АД Кавадарци за 2020 година

Т.2. Промена на цени на производи од асортиманот на Винарска визба Тиквеш АД Кавадарци за пазарите во Р. Хрватска

Т.3. Одобрување и имплементација на Проектот за поставување на електронски ваги

Т.4. Донесување Одлука за продажба на три трактори за потребите на БАРОВО ДООЕЛ Скопје, АГРОВАРДАРЕИЕ ДООЕЛ Гевгелија и М-6 АГРАР Скопје.

Т.5. Донесување Одлука за купопродажба на земјоделско возило - комбајн New Holland *9070LS* за потребите на Акционерското Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

8. Седница 26.08.2020 година

Т.1.Разгледување материјали за работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ за 2019 година и тоа:

1.1.Годишен Извештај за остварените резултати од работење на ВВ ТИКВЕШ АД - КАВАДАРЦИ во 2019 година и Одлука распределба на остварената добивка од работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, за 2019 г.,

1.2. Извештај од извршена контрола на завршната сметка на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.

1.3.Извештај на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2019 година.

1.4.Извештај за работата на Управниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2019 година.

Т.2.Ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - КАВАДАРЦИ за 2020 год.

Т.3.Измени и дополнувања на Статутот на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Т.4 Отповикување и избор на два члена на Надзорниот Одбор на Винарска визба ТИКВЕШ АД Кавадарци

Т.5.Одлука за склучување Договори за пристапување кон долгови по одобрени кредити на Комерцијална банка а.д. Скопје на корисникот на кредити Трговското друштво за земјоделие и лозарство М - ШЕСТ АГРАР ДООЕЛ, Скопје и на давателот на кредит НЛБ БАНКА АД Скопје на корисникот на кредит М-6 ЕДЕН ДОО Скопје.

Т.6. Закажување Годишно Собрание на акционерите на ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци со утврдување на Дневен ред за работа на Годишното Собрание.

Т.7. Разгледување на резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци од 01.01.2020 година до 31.07.2020 година

Т.8.Разгледување и усвојување полугодишен Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија - 2020 година.

Т.9. Одлука за благајнички максимум на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ АД - Кавадарци.

Т.10. Одлука за усвојување материјали и проекти елементи од CAPEX 2020:

1. Проект: Реконструкција на ТЕРМО Хала во Производство -47.000 €
2. Проект: реконструкција на ладилен систем во Финализазација и жестоки ----------55.983€
3. Санација на Бафер танка ----------2.265 €
4. Етикетирка за самолепливи акцизни маркици ----------21.700 €

ВКУПНО: ----------126.948 €,

Т.11. Донесување одлука за набавка на буриња: за жестоки пијалаци во вредност од 8.756,00 € и буриња за вино во вредност од 35.088,80 €.

Т.12. Измени на годишниот Договор за купопродажба и дистрибуција на производи од асортиманот на ВВ Тиквеш АД - Кавадарци

Т.13.Процедура за иницирање и одобрување трошоци за извозни пазари.

Т.14. Одлука за донесување на ДМС-м (Document Management System) за спроведување Преднабавка/Набавка/Контрола на реализирана набавка преку Нивоа на одобрување.

9. Седница 02.07.2020 година (дописна)

Т.1. Донесување одлука за набавка на моторни возила.

10.Седница 05.08.2020 година

Т.1.Одлука за донесување Оперативен план за Берба 2020 година.

11. Седница 23.12.2020 година

Т.1.Разгледување и усвојување на Информацијата за резултатите во работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци во периодот од 01.01.2020 година до 30.11.2020 година

Т.2. Донесување на Одлуки за попис на средствата и обврските и формирање на комисии за пописи со состојба на 31.12.2020 година.

Т.3. Информација за набавка со купопродажба на опрема одобрена согласно Годишниот деловен план - CAPEX 2020

Т.4. Донесување одлука за продажба на патничко моторно возило

Т.5. Донесување Одлука за набавка со купопродажба на возило - багер за потребите на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

Т.6. Донесување одлука за купопродажба - лизинг на две моторни возила за потребите на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ експорт-импорт АД – Кавадарци

Т.7. Донесување одлука за одобрување на набавка на наливно вино

Т.8. Донесување Одлука за одобрување на еднократна исплата на средства на вработен и отстапување на опрема

Т.9. Донесување Одлука за доделување награди за посебно извршени дополнителни работи

Т.10. Разгледување и усвојување Извештај за работење на Службата за внатрешна ревизија - трет квартал 2020 година и Годишен план за ревизија за 2021 година.

ВВ ТИКВЕШ АД – Кавадарци
Претседател на Управен Одбор

Светозар Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на вина ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 0202 - 708/12
26. 04 2021 год.
КАВАДАРЦИ

TIKVEŠ
SINCE 1885

Бр._____
Скопје, _____ 2021

До
Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје
ул.Св.Кирил и Методиј бр.20 Скопје

Предмет: Писмо за претставување на менаџментот на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци

Ова Писмо на претставување на менаџментот е составено во врска со вашата ревизија на посебните и консолидираните финансиски извештаи на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци (Друштвото) на ден 31 декември 2020 година, заради давање мислење дали финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба и резултатите од работење во согласност со законската регулатива која е на сила во Република Македонија и во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување кои се прифатени и објавени во РСМ.

Ние знаеме дека целта на Вашата ревизија на нашите финансиски извештаи е да се изрази мислење за нив и дека вашата ревизија беше спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, што вклучува проверка на сметководствениот систем, интерната контрола и поврзаните податоци до степен до кој вие утврдивте дека е неопходно согласно условите, и не е обликувана да идентификува, ниту да открива измами, кусоци, грешки и други нерегуларности, доколку постојат.

Во склад со своето најдобро знаење и верување, така што извршивме такви распрашувања како што сметавме дека е неопходно за целите на наше информирање, ги даваме следните изјави:

А. Финансиски извештаи и евиденција

1. Ние ја прифаќаме својата одговорност за реалноста и објективноста на финансиските извештаи во склад со законската регулатива во Република Македонија и Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување кои се прифатени и објавени во РМ. Ние ги одобривме овие финансиски извештаи.

2. Значајните сметководствени политики и проценки кои се прифатени при изготвување на финансиските извештаи се соодветно опишани во белешките кон финансиските извештаи.

3. Сите елементи на финансиските извештаи се правилно класифицирани, опишани и обелоденети во согласност со МСФИ.

4. Како членови на менаџментот на Друштвото, веруваме дека Друштвото има адекватен систем на интерни контроли кој овозможува подготвување на точни финансиски извештаи во согласност со МСФИ.

e-mail: vvtikves@tikves.com.mk; **web:** www.tikves.com.mk
HQ: ул. 8-ми Септември бр.5, 1430 Кавадарци, Република Северна Македонија; **Т:** +389 2 3181 700; **Ф:** +389 2 3181 735
Винарница: ул. Индустриска бр.2, 1430 Кавадарци, Република Северна Македонија; **Т:** +389 43 447 500; **Ф:** +389 43 415 451

5. Ги утврдивме и ги попишавме сите вишоци и кусоци на залихи и нема залихи кои се искажани во износи поголеми од нето-продажната вредност.

6. Извршивме правилно евидентирање и за потребите на финансиските извештаи соодветно ги обелоденивме состојбите и трансакциите со поврзаните страни во белешката 35.

7. Финансиските извештаи немаат битни (значајни) грешки и пропусти.

8. Ние веруваме дека претпоставките користени и поврзани со мерењето и обелоденувањето на објективната вредност на финансиските инструменти користени при составувањето на овие финансиски извештаи се разумни и соодветни на околностите.

9. Ние немаме никакви планови и намери кои би можеле значајно да влијаат на сметководствената вредност на средствата и обврските прикажани во фиансиските извештаи.

10. Во предложените извештаи исправно го евидентиравме капиталот, како и резервите со кои располага Друштвото,.

11. Ги прикажавме или евидентиравме сите обврски, стварни и потенцијални.

12. По датумот на составување на Извештајот за финансиска состојба, во текот на јануари и февруари 2021 година, Друштвото има искористено банкарски гаранции издадени од Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 51,690 илјади МКД заради обезбедување на плаќање на царински долг и тоа 4,500 илјади МКД со рок на наплата до 31.01.2021 година; 1,190 илјади МКД со рок на наплата до 11.02.2022 година и 46,000 илјади МКД со рок на наплата до 01.07.2022 година. Исто така, Друштвото има дадено гаранција во вид на пристапување кон долг кон трето друштво Вина од Македонија во износ од 1,800 илјади МКД во корист на една банка.

    По денот на билансот на состојба нема никакви настани заради кои би требало да се корегираат финансиските извештаи или кои би требало да бидат објавени во финансиските извештаи и во соодветните белешки кон нив.
    Поради неизвесноста која ја носи здравствената криза, раководството смета дека во моментот на потпишување на ова писмо, не може да се предвиди ефектот од пролонгирање на кризата во иднина врз работењето на Друштвото.

13. Финансиските извештаи ги вклучуваат сите недвижности, средства и обврски на Друштвото.

14. Друштвото има искористено банкарски гаранции издадени од Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 71,000 илјади МКД заради обезбедување на плаќање на царински долг и тоа 25,000 илјади МКД со рок на наплата до 30.12.2021 година; 2,000 илјади МКД со рок на наплата до 03.09.2021 година и 44,000 илјади МКД со рок на наплата до 01.04.2022 година.
    Друштвото има добиено една гаранција од Комерцијална банка АД во износ од 4,500 илјади МКД, дадена во корист на еден добавувач со важност до 31.01.2021 година.
    Друштвото има искористено банкарски гаранции издадени од Комерцијална Банка АД Скопје во вкупен износ од 27,501 илјади МКД заради обезбедување на банкарски кредит од Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје со рок на наплата до 25.01.2022 година

Друштвото има склучено договори за пристапување кон долг на други друштва во вкупен износ од 901,524 илјади МКД спрема доверители банки со рокови на доспевање од 2022 до 2030 година.

15. Друштвото има задоволителна сопственост врз сите средства и сите средства кои се оптеретени со можноста да биде запленети заради хипотека се дадени во Белешките 17, 20 и 34 кон финансиските извештаи за 2020 година. Инаку, целокупниот имот на Друштвото (недвижен и подвижен) е заложен под хипотека кај банките доверители на Друштвото, како и дел од залихите на вино.

Б. Обезбедени информации

16. Ние ви обезбедивме:

    - Пристап до сите информации за кои знаевме дека се релевантни за подготовка на финансиските извештаи како што се евиденција, документи и други прашања;
    - Дополнителни информации кои ги побаравте од нас за целта на ревизијата;
    - Неограничен пристап до лица во рамки на ентитетот од кои утврдивте дека е потребно да прибавите ревизорски докази;

17. Ви обелоденуваме дека според резултатите од нашата проценка не постои ризик дека финансиските извештаи може да бидат материјално погрешно прикажани како резултат на измама.

18. Ви обелоденуваме дека не постојат сознанија и информации во врска со измама или посомневана измама за која сме свесни и која влијае на ентитетот и вклучува:

    - Раководство;
    - Вработени кои имаат значајна улога во интерната контрола;
    - Други каде измамата би можела да има материјално влијание врз финансиските извештаи;

19. Ви обелоденуваме дека не постојат сознанија и информации во врска со тврдењата за измама, или посомневана измама, кои влијаат на финансиските извештаи на ентитетот соопштени од страна на вработени, поранешни вработени, аналитичари, регулатори или други.

20. Од надлежните органи не сме примиле никакви известувања за непочитување на законските прописи кои се однесуваат на финансиски прашања.

21. Ве информиравме за сите тековни и потенцијални судски спорови кои се водат против и во корист на Друштвото дадени во белешката 34в кон финансиските извештаи. Друштвото се јавува како тужена странка во повеќе судски спорови, во вкупен износ од 14,544 илјади МКД по основ на долгови и надомест на штета. Во текот на 2016, Друштвото има извршено резервирање за судски спорови за кои смета дека се веројатни идни одливи на средства во вкупен износ од 14,029 илјади МКД. Менаџментот на Друштвото согласно проценката на правните застапници смета дека за останатите судски спорови не постои можност за значајни одливи на средства во иднина од овие судски спорови.

22. Ви го обелоденивме идентитетот на поврзаните страни на ентитетот и сите меѓусебни односи и трансакции за коишто сме запознаени.

23. Соодветно го обелоденивме ефектот од глобалната пандемија предизвикана од коронавирусот во финансиските извештаи за тековниот период врз работењето на Друштвото.

Ова Писмо за претставување на менаџментот се дава врз основа на Меѓународниот Стандард за Ревизија (МРС) 580 – Писмени Изјави, заради вршење на ревизија на финансиските извештаи, за да им служи на ревизорите како ревизорски доказ за поткрепување на нивното мислење за финансиските извештаи на Друштвото.

Со почит,

Генерален Директор/Претседател на УО

Раководител за финансиски работи

Шеф на сметководство